# ПАТОТ КОН
# РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА

## АНАЛИТИЧКА СТУДИЈА ЗА УЛОГАТА НА ИНСТИТУЦИИТЕ, ПОЛИТИКИТЕ И ЗАЕДНИЦАТА ВО ВРАЌАЊЕТО НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА ВО ОПШТЕСТВОТО



Овој проект е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ГРАДЕЊЕ НА УСЛУГИ ЗАСНОВАНИ НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА ПОДДРШКА НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ПОРАНЕШНО ОСУДЕНИ ЛИЦА

Издавач: МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО

Уредник: Доц. д-р Елена Мујоска Трпевска

Наслов на публикацијата: Патот кон ресоцијализација и реинтеграција: *Аналитичка студија за улогата на институциите, политиките и заедницата во враќањето на осудените лица во општеството*

Авторки: Доц. д-р Елена Мујоска Трпевска

Проф. д-р Гордана Лажетиќ

Лектор: Весна Костовска

Графички дизајн: Бригада дизајн

Место: Скопје

Година на изданието: 2025

Овaa публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на МПД и на никаков начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата на Европската Унија.

## Содржина

*За проектот* ... 5

*I. Вовед* ... 6

*II. Помош на осудените лица по отпуштање од установата* ... 7

**1. Поим и значење на постпеналната помош** ... 7

**2. Постпеналната помош согласно извршното казнено право на Република Северна Македонија** ... 10

**3. Примена на постпеналната помош во Република Северна Македонија** ... 12

*II. Законодавна и институционална рамка* ... 15

**1. Национална правна рамка поврзана со ресоцијализација** ... 15
1.1. Извршување на санкциите ... 15
1.2. Пробациска служба ... 17
1.3. Правна рамка за пристап до образование во казнено-поправните установи ... 18

**2. Улога, надлежности и меѓуинституционална координација на одделни релевантни институции** ... 19

**3. Улогата на телата за мониторинг надлежни за надворешен надзор на условите за ресоцијализација во установите** ... 24
3.1. Народен правобранител (Омбудсман) ... 24
3.2. Надворешен превентивен механизам ... 28
3.3. Комитет за превенција од тортура ... 30

**4. Укажувања на Европската комисија во однос на затворскиот систем** ... 32

**5. Пријави против затворска полиција во Специјализираното одделение во Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминалитет и корупција** ... 34

*III. Казнено-поправен систем и програми за третман* ... 35

**1. Видови казнено-поправни установи и нивна поделба** ... 35

**2. Класификација и распоредување на осудени лица** ... 38

**3. Кадровска структура и професионален капацитет** ... 40

**4. Програми за третман, рехабилитација и ресоцијализација** ... 45
4.1. Програма за подготовка пред отпуст и постпенална поддршка ... 45
4.2. Програма за третман и ресоцијализација на насилни сторители ... 47
4.3. Програма за ресоцијализација на жени престапнички ... 49
4.4. Програма за осудени сексуални престапници ... 50
4.5. Програма за доживотно и долгорочно осудени лица ... 52

**5. Активности во слободното време и психосоцијална поддршка** ... 53

**6. Употреба на дигитални алатки и технологии** ... 54

*IV. Профилот на сторителите како предуслов за успешна ресоцијализација и социјална адаптација на осудените лица и деца* ... 57

**1. Состојбата со полнолетните сторители на кривични дела** ... 57

**2. Новопримени осудени лица во КПУ ...61**

**3. Карактеристики на осудените лица што издржуваат казна затвор во КПУ ...63**
3.1. Полот на осудените лица...63
3.2. Образовната структура на осудените лица...64
3.3. Осудени лица според извршеното кривично дело...65
*3.4. Старосна структура на осудените лица ...66*

**4. Активности во рамките на третманот со цел успешна ресоцијализација ...68**
4.1. Образованието како третман ...68
4.2. Работниот ангажман како третман...69
4.3. Стручното оспособување и стекнувањето вештини...80
4.4. Здравствената заштита на осудените лица...81

**5. Состојбата со децата осудени на казна затвор за деца во Затвор Охрид...82**

**6. Состојбата со децата во судир со законот во ВПД Тетово во Волковија...83**
6.1. Возраст...83
6.2. Извршено кривично дело...84
6.3. Претходно изречени мерки...85
6.4. Сместување деца од женски пол во ВПД...86

***V. Рецидивизам и казнена статистика...87***

**1. Статистички податоци за рецидивизам...87**

***VI. Примена на алтернативни мерки и условно отпуштање ...93***

**1. Законска поставеност на алтернативните мерки ...93**
1.1. Казнена политика и ресоцијализација: стратешки дилеми...93

**2. Условен отпуст: критериуми, постапка и примена...94**

**3. Условен отпуст со заштитен надзор...100**
3.1. Заштитен надзор кон полнолетни ...101
3.2. Засилен надзор кон деца...103

**5. Пробација: еволуција, законска рамка и практична примена ...104**

**6. Перспективи за проширување на мерките за алтернатива на затворот...105**

***VI. Вклучување на жртвите и ресторативна правда...106***

**1. Можности за вклучување на жртвите во процесите на ресоцијализација...106**
1.1. Предуслови за вклучување на жртвите...106
1.2. Компаративни добри практики и искуства ...108

**2. Потенцијал на ресторативната правда во локален контекст...110**

***VII. Улога на истражувањето и креирање политики...112***

**1. Употреба на истражувачки наоди за обликување на ресоцијализациски мерки...112**
1.1. Општо за значење на истражувањата за унапредување на системот ...112
1.3. Компаративни добри практики и искуства ...113

**1.4. Препораки за развој на практики базирани на докази ...114**

***VII. Можности за адаптација во македонски контекст...115***

***IX. Предизвици, трендови и идни насоки...117***

***X. Клучни индикатори за успешна ресоцијализација ...118***

**1. Визуелна проценка на клучните индикатори за успешна ресоцијализација ............... 119**

***XI. Заклучоци и препораки ............ 120***

**1. Заклучоци ............ 120**

**2. Препораки ............ 121**

2.1. На стратешко ниво ............ 121

2.2. На институционално ниво ............ 121

2.3. На локално и оперативно ниво ............ 121

**За проектот**

Овој документ е изработен во рамките на проектот *„Воспоставување услуги во заедницата за поддршка преку ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осудени лица“*, финансиран од Европската Унија. За целите на проектот беше склучен Меморандум за соработка помеѓу Македонското пенолошко друштво, Македонското здружение на млади правници, Хелсиншкиот комитет за човекови права, Здружението за советување, лекување, реинтеграција и ресоцијализација на лица зависни од психоактивни супстанци ИЗБОР и Управата за извршување на санкциите.

Општа цел на проектот е намалување на рецидивизмот и ранливоста на осудените лица по нивно отпуштање на слобода преку зајакнување на политиките и сервисите за нивна ресоцијализација, реинтеграција и постпенална грижа во согласност со најдобрите меѓународни европски стандарди.

Специфични цели кон кои се стреми проектот се:

- *да се подобрат квалитетот и достапноста на услугите за пенална и постпенална заштита со цел ресоцијализација и реинтеграција на осудените лице, претходно осудени лица, како и лица кон кои се извршуваат пробациски работи;*
- *да се зајакнат капацитетот и меѓуинституционалната соработка помеѓу казнено-поправните установи, судовите, пробациските службеници, центрите за социјална работа и други даватели на услуги за ресоцијализација, пробација и постпенална заштита;*
- *да се подобрат правната рамка и политиките за ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица, претходно осудени лица, како и лица кон кои се извршуваат пробациски работи врз основа на истражување и најдобри практики.*

Целите на проектот ќе бидат остварени преку меѓусебно поврзан сет од три компоненти во кои се опфатени: обезбедување услуги што вклучува активности за воспоставување национална служба за поддршка за ресоцијализација и рехабилитација на затворениците во партнерство помеѓу ГО и УИС, која ќе обезбеди поддршка пред и по ослободувањето (правна, психосоцијална, кариера и третман на зависност); градење капацитети и вмрежување што предвидува развој на наставна програма и материјали за обука, спроведување програма за обука за судии, затворски советници, условни службеници, социјални работници и даватели на услуги, организирање сет на регионални работилници за дефинирање на условите за интеринституционална соработка и воспоставување и обезбедување поддршка и координирана постпенална поддршка; и следење на развојот на пробациска служба во РСМ 2021-2025 во која ќе се даде поддршка за изготвување два СОП, организирање конференции и изготвување документи за политики.

## I. Вовед

Во современите системи на кривична правда, ресоцијализацијата и реинтеграцијата на поранешните осудени лица се сметаат за фундаментални постулати на правдата, човековото достоинство и одржливата безбедност на заедницата. Нивната примарна функција не се исцрпува во обезбедувањето правичен третман во текот на казната, туку продолжува по изреката на казнената санкција, преку создавање услови за достоинствено враќање на лицето во општеството. Овие процеси се клучни за намалување на рецидивизмот, за рушење на циклусот на исклучување и криминал, како и за поттикнување на социјална правда и солидарност.

Во Република Северна Македонија, ресоцијализацијата е формално интегрирана во правната рамка и стратешките документи, вклучително и во Законот за извршување на санкциите, Законот за пробација, Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2021–2025), како и во клучни документи за социјална заштита и вработување. Сепак, анализата покажува дека помеѓу декларативната посветеност и фактичката имплементација постои значителен јаз. Постпеналната поддршка е институционално слабо вградена, ограничена на спорадични или проектно поддржани иницијативи, а координацијата меѓу клучните актери — казнено-поправните установи, центрите за социјална работа, пробациските служби и граѓанскиот сектор — останува недоволна. Паралелно со тоа, постои зголемена загриженост за високото ниво на рецидивизам, особено кај лица кои се осудени за имотни деликти и кривични дела поврзани со droги, што укажува на слаба ефективност на постоечките третмански и ресоцијализациски практики.

Во овој контекст, студијата има за цел да понуди критичка и мултидимензионална анализа на состојбата со ресоцијализацијата и реинтеграцијата на поранешните осудени лица во Северна Македонија. Истражувањето се води од неколку водечки прашања: Каква е ефективноста на постоечките институционални механизми за поддршка на ресоцијализацијата? Кои се главните ризик-фактори што доведуваат до рецидивизам, и како може да се одговори на нив преку јавни политики и практики? Дали и како граѓанскиот сектор, локалната заедница и приватниот сектор се вклучени во процесот на реинтеграција? И конечно, како може да се гради систем кој е сензитивен кон потребите на различни категории лица, особено жени, млади, постари лица и маргинализирани групи?

Методолошки, студијата применува интердисциплинарен пристап што ги комбинира квантитативните податоци (статистика за рецидивизам, учество во програми, вработливост по отпуст) со квалитативна анализа на правната рамка, институционалната пракса и перцепциите на различни актери. Извори на податоци се националните институции (Управата за извршување санкции, Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување), извештаи и анализи на Народниот правобранител, Советот на Европа и Европската комисија, како и истражувачки трудови и стручни публикации од домашната и меѓународната академска сфера. Во рамки на студијата се анализирани и

добри практики иницирани од граѓански организации, со особен фокус на локално спроведени програми и проекти за ресоцијализација.

Структурата на студијата е организирана во дванаесет поглавја, кои тематски ги следат различните аспекти на ресоцијализацијата: од правната и институционалната рамка, преку програмите за третман и алтернативните мерки, до анализа на рецидивизмот, социо-економските фактори и улогата на невладиниот сектор. Финалните поглавја се посветени на системски слабости, предизвици и конкретни препораки за унапредување на состојбата, при што акцентот е ставен на потребата од интегриран и мултисекторски пристап кој ја надминува границата на казната и обезбедува вистинска шанса за нов почеток.

## II. Помош на осудените лица по отпуштање од установата

### 1. *Поим и значење на постпеналната помош*

Постпеналната помош претставува посебен облик на третман на осудените лица на казна затвор што се применува по издржувањето на казната и излегувањето на слобода. Законот за извршување на санкциите (ЗИС)[1] ја одредува како „Помош на осудените лица по отпуштање од установата“.[2] Овој облик на третман е елемент на ресоцијализацијата како континуиран процес чија цел е да обезбеди успешно позитивно вклучување на осуденото лице по издржаната казна во животот на слобода.

Правилата на Нелсон Мандела и ревидираните Стандардни минимални правила за постапување со затворениците[3] посветуваат значително внимание на важноста на постпеналната помош за успешна реинтеграција на поединците во општеството. Така, во правилото 87 од Правилата на Нелсон Мандела се истакнува дека пред истекот на затворската казна пожелно е да се преземат неопходни чекори за да му се обезбеди на затвореникот постепено враќање на животот во општеството. Понатаму, во правилото 90 се истакнува дека должноста на општеството не завршува со отпуштањето на затвореникот на слобода. Затоа, треба да има владини или приватни агенции што се способни на

[1] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019 и 220/2019).

[2] Овој дел од истражувањето е составен дел од основната студија *„Ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осудени лица во Република Северна Македонија“*, изработена во рамките на проектот *„Воспоставување услуги во заедницата за поддршка преку ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осудени лица“* што е финансиран од Европската Унија.Основната студија е фокусирана на значењето на постпеналната помош и нејзиното ефикасно спроведување во насока на превенирање на рецидивизмот и успешна реинтеграција на лицата назад во општеството, од што корист имаат и поединецот и општеството во целина. Студијата е достапна на веб-страницата на Македонското пенолошко друштво: https://msp.mk (директен линк: https://msp.mk/wp-content/uploads/2023/05/MK_Resocijalizacija-i-Reintegracija_09-07-04-2023.pdf).

[3] The United Nations Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (the Nelson Mandela Rules) General Assembly resolution 70/175, annex, adopted on 17 December 2015. https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/GA-RESOLUTION/E_ebook.pdf.

ослободениот затвореник да му обезбедат ефикасна понатамошна грижа насочена кон намалување на предрасудите кон него и кон неговата социјална рехабилитација.

Во таа насока, и Европските затворски правила[4] ја нагласуваат важноста на внатрешната, како и на надворешната постпенална помош на затворениците со цел да се обезбеди нивна правилна и успешна реинтеграција во животот на слобода.[5]

Препораката број (82)16 на Комитетот на министрите на земјите членки за отпуст од затвор[6] ја истакнува потребата да се земе предвид дека напуштањето на затворот е значаен за социјалната реинтеграција на затвореникот.

Какво ќе биде однесувањето на лицето по издржаната казна затвор е прашање што е од особено значење за превенирање на идното рецидивирање на поранешните осудени лица. Одговорот на ова прашање, всушност, би го решил проблемот на прашањето за прогноза на однесувањето на осудените лица по издржаната затворска казна, а, од друга страна, дава одговор и на прашањето за успешноста на мерките што се преземаат за време на издржувањето на казната затвор.[7]

Организирањето на постпеналната помош или реинтеграцијата на осудените лица е карактеристика на пенитенцијарните системи на сите развиени држави.[8] Резултатите од сите истражувања потврдуваат дека затворот остава негативни последици врз затворениците, па така тие не се во можност да се снајдат надвор од затворските ѕидини по отпуштањето и затоа многу е веројатно да продолжат со вршење криминал.[9]

Затворот остава негативни последици врз менталното здравје и врз функционирањето на затворениците, ги уништува социјалните врски со општеството, а не е од помало значење и процесот на „призонизација“, т. е. неможноста да се функционира надвор од ригидните рамки на затворската средина. Лицата стануваат зависни од тоа други да носат одлуки што се однесуваат на нив, па оттаму доаѓа до губење на капацитетот за самостојно одлучување. Потоа, како резултат на понижувањата што ги трпи затвореникот, доаѓа до губење на

[4] Recommendation Rec(2006)2 of the Committee of Ministers to member states on the European Prison Rules Adopted by the Committee of Ministers on 11 January 2006 at the 952nd meeting of the Ministers' Deputies. Достапни на: https://rm.coe.int/european-prison-rules-978-92-871-5982-3/16806ab9ae.

[5] Види повеќе: Gruevska-Drakulevski, Aleksandra (2012) “Post Penal Assistance of Ex-Prisoners: The Case of the Republic of Macedonia” in Iustinianus Primus Law Review, No.4, Year III, Spring 2012, Skopje: Faculty of Law “Iustinianus Primus” in Skopje (original scientific article).

[6] Recommendation No. R (82) 16 of the Committee of Ministers to member states on prison leave (Adopted by the Committee of Ministers on 24 September 1982 at the 350th meeting of the Ministers' Deputies). Достани на: https://pjp-eu.coe.int/documents/41781569/42171329/CMRec+%2882%29+16+on+prison+leave.pdf/e78b7948-96a4-4d9d-b310-e59ffc5a7f15.

[7] Шурбановски, Наум, По затворот каде?, НИО Студентски збор, Скопје, 1993.

[8] Coyle, Andrew, Understanding prisons: Key issues in policy and practice, McGraw-Hill, Open University Press, 2005, p. 158.

[9] Груевска-Дракулевски, А. (2016) „Затвор и рецидивизам“, Скопје: „Студиорум“ – Центар за регионални истражувања и соработка.

самодовербата и самопочитта. Стигмата на затвореник ги следи лицата речиси во текот на целиот нивен живот, а работодавците ги дискриминираат поранешните затвореници, итн.[10]

Сајкс (Sykes) (1958) идентификувал пет затворски депривации: 1. Депривации на лишување од слобода; 2. Депривации како последица од лишување од материјалните добра и услуги; 3. Депривации на хетеросексуални односи; 4. Депривации на автономија на личноста; 5. Депривации на социјална сигурност.[11]

Резултатите од речиси сите студии ги потврдуваат негативните последиците од затворската казна, така што затворениците не може да се справат надвор од ѕидовите на затворот по ослободувањето и многу е веројатно дека ќе продолжат да вршат кривични дела. Страв, грижа, анксиозност, осаменост, траума, депресија, неправда, немоќ, насилство и несигурност се дел од искуствата од затворскиот живот. Затворениците се плашат да им веруваат на луѓето, се плашат од непознати итн. кога ќе излезат од затвор.[12]

Постпеналната помош е продолжен дел на третманот на осуденото лице и во голема мера зависи од успешната примена на третманот во установите. Од друга страна, со излегувањето на слобода, осуденото лице стапува во контакт со луѓе што не се непорочни, доаѓа во средина што создава услови за криминално однесување, а осуденото лице треба самото да се провери, да се увери во она што му се зборувало во текот на превоспитниот процес во установата, но и да се верифицираат ефектите постигнати со ресоцијализацијата. Доколку оваа фаза од ресоцијализацијата не се спроведе успешно, во суштина, пропаѓаат сите претходни напори што се направени за негова ресоцијализација. Затоа, постпеналната помош најчесто се одредува како финален акт во заокружувањето на процесот на ресоцијализација на осуденото лице.[13]

Постпеналната помош е многу важна како за поранешниот затвореник, така и за државата, бидејќи ако третманот е успешен, стапката на рецидивизмот ќе се намали, а, исто така, ќе се намали и пренатрупаноста на затворите, што ќе предизвика намалување на владините трошоци и, секако, на стапката на криминал.

Враќањето на затворениците во заедницата го привлекува вниманието на креаторите на казнената политика. Податоците за високите стапки на рецидивизам неизбежно го зголемуваат интересот за постпеналната помош. Таа има двоен ефект. Од една страна, на поранешните затвореници им нуди услуги по отпуштањето од затвор (на пр. домување, решавање финансиски проблеми, невработеност, проблеми со нарушени семејни односи и сл.), кои ќе му ја олеснат транзицијата од затворот во општеството, а, од друга страна,

[10] Види повеќе: Арнаудовски, Љ./Груевска-Дракулевски, А. (2013) „Пенологија“ (прв и втор дел), Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, Скопје.
[11] Sykes, Gresham, The Society of Captives,Princeton University Press, Princeton, 1958, p. 63-78.
[12] Груевска-Дракулевски, А. (2016) „Затвор и рецидивизам“, Скопје: „Студиорум“ – Центар за регионални истражувања и соработка.
[13] Арнаудовски, Љ./Груевска-Дракулевски, А. (2013) „Пенологија“ (прв и втор дел), Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, Скопје.

јавноста се штити од потенцијална штета што ќе му се нанесе на општеството доколку лицето рецидивира.

## 2. *Постпеналната помош согласно извршното казнено право на Република Северна Македонија*

Помошта по отпуштањето претставува збир на мерки и постапки што се применуваат заради вклучување на отпуштените осудени лица во животот на слобода, а се состои од: обезбедување сместување и исхрана, обезбедување лекување, совети за изборот на живеалиштето, односно престојувалиштето, усогласување на семејните односи, пронаоѓање вработување, довршување на стручното оспособување, давање парична помош за покривање на најнеопходните потреби, како и други облици на помош и поддршка.[14]

Подготовката на осуденото лице за постпеналниот период се врши од страна на службените лица од секторот за ресоцијализација и пробациската служба, а по потреба и од надворешните соработници, како и социјални работници од центрите за социјална работа.[15]

Постпеналната помош зависи од степенот на успешност на институционалниот третман, односно од оспособеноста на осуденото лице за успешно вклучување во општеството. Постпеналната помош е последната фаза од спроведувањето на програмите во установата, при што потребни се соработка и помош од пробациските службеници и од други организации и институции од областа на образованието, вработувањето и социјалната заштита.[16]

Постпеналната помош може да биде внатрешна и надворешна. Внатрешната помош подразбира поттикнување, охрабрување и давање совети на осуденото лице за решавање на сопствените проблеми со кои се соочува веднаш по отпуштањето од установата. Надворешната помош се манифестира преку разни облици, и тоа: привремено сместување и обезбедување исхрана, обезбедување нужно лекување, избор на нова средина во која ќе живее осуденото лице, помагање во средувањето на семејните состојби, наоѓање соодветно вработување, овозможување да се доврши започнатото образование и давање парична помош за покривање на најнеопходните потреби. Постпеналната помош е неопходна за деца и помлади полнолетни осудени лица и за лица што издржувале долги казни затвор.[17]

---

[14] Види член 258 став 1, ЗИС. Постпеналната помош како облик на третман на осудените лица во нашиот пенитенцијарен систем е прифатена и воведена со Законот за извршување на казните, мерките за безбедност и воспитно-поправните мерки од 1951 година. Со овој Закон беше предвидено во околиските и градските народни одбори да се формираат посебни одбори на граѓани со задача да ги прифаќаат и да им даваат помош на осудените лица по издржувањето на казната.
[15] Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 133/2020), член 34.
[16] *Ibid.*, член 64.
[17] *Ibid.*, член 65.

Пред отпуштањето на осуденото лице на кое му е потребна помош по излегувањето на слобода, установата, пет дена пред отпуштање на осуденото лице од установата, го известува Центарот за социјална работа според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице за денот кога треба да биде отпуштено и ќе го наведе видот на помошта што особено му е потребна заради негово успешно вклучување во животот на слобода.[18]

По отпуштањето од установата, осуденото лице пуштено на условен отпуст може да се обрати до пробацискиот службеник заради давање помош и поддршка.[19]

Резултатите од истражувањата покажуваат дека од најголемо значење е помошта на поранешниот затвореник за вработување. При разрешувањето на овој проблем се наидува и на најсериозни тешкотии, пред сè, поради присутните проблеми при вработувањето во нашата земја, а потоа и поради присуството на предубедувања во однос на вработувањето на поранешните затвореници. Ова сфаќање се изразува преку негативниот став: „нема работа за чесните, а сега ќе им даваме предност на криминалците“. Согласно последните податоци (14 март 2025), стапката на невработеност во РСМ изнесува 12,4 %.[20]

Овој став е неприфатлив од повеќе причини, а посебно поради фактот што на поранешниот затвореник му е потребно вработување не само затоа што нема материјална и социјална сигурност, туку и поради фактот што е реална опасност повторно да тргне по патот на криминалот. Затоа, на ова прашање треба да му се посвети големо внимание. Понатаму, на осуденото лице може да му се помогне во дооформувањето на започнатото образование, општо или стручно. На секој поранешниот затвореник му е потребна помош преку совети во изборот на местото на живеење, во стекнувањето позитивна средина, другари и пријатели, во организирањето на животот и работата на позитивен начин.[21]

Воспоставувањето на организацијата и функционирањето на постпеналната помош е доказ за тоа колку општеството придонесува (е ангажирано) извршувањето на санкциите да се остварува како јавна функција. Општеството треба да се грижи за прифаќање и вклучување на осудените лица на казна затвор по издржаната казна, да не ги отфрла, туку да ги прифаќа и да ги вклучува во животот на слобода, ослободувајќи ги од етикетата „поранешни затвореници“ или осудувани лица и овозможувајќи им да се вклучат во животот како граѓани ослободени од стереотипот на претходна осудуваност.[22]

Во чл. 26 став 5 од ЗИС е предвидена должност на Управата да соработува со други државни органи, научни и други установи и здруженија со цел подобрување на условите за извршување на санкциите и помош по отпуштањето на осудените лица. Тоа е во насока на

---

[18] Види член 258 став 2 ЗИС.
[19] Види член 259 ЗИС.
[20] Државен завод за статистика, https://www.stat.gov.mk/prikazisoopstenie.aspx?rbrtxt=98.
[21] Груевска-Дракулевски, А. (2016) „Затвор и рецидивизам“, Скопје: „Студиорум“ – Центар за регионални истражувања и соработка.
[22] Арнаудовски, Љ., Груевска-Дракулевски, А. (2013) „Пенологија“ (прв и втор дел), Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, Скопје.

создавање услови со цел осуденото лице да не чувствува постапки, однесувања и погледи на недоверба и сомневање, на прекор, на отфрлање и неприфаќање во својата потесна средина, на работното место и секаде каде што доаѓа во допир со луѓето.

Согласно Законот за социјалната заштита,[23] возрасни лица по издржувањето казна затвор може да користат услуга за ресоцијализација,[24] како и куќа на пола пат.[25]

### 3. *Примена на постпеналната помош во Република Северна Македонија*

Истражувањата за примената на постпеналната помош како метод на третман на отпуштените осудени лица од казнено-поправните установи укажуваат на многубројни слабости како во нејзиното организирање, така и во примената.

Според ЗИС, Центрите за социјална работа може да им укажат различни форми на постпенална помош на лицата отпуштени од издржување казна затвор, но од одредени причини се укажува само еден вид помош, а тоа е давање еднократна парична помош во износ од 4.500,00 денари.[26/27] Други видови помош не се обезбедени.[28/29]

---

[23] „Службен весник на РСМ“ бр. 104/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22.

[24] Член 82: Услугата за ресоцијализација се обезбедува преку советодавна работа, индивидуална, семејна и групна терапија, образовна поддршка, придружба, едукации за развој на вештини, спорт, рекреација, творештво, поддршка за стекнување работни вештини и вештини за вработување и други услуги на ресоцијализација, во зависност од потребите на корисниците. Услугата од ставот 1 на овој член за деца во ризик и деца во судир со законот се обезбедува во центар за деца, согласно Законот за правда за децата. Услугата од ставот 1 на овој член, за возрасни лица по издржување казна затвор и други лица со специфични социјални проблеми во потреба од ресоцијализација се обезбедува во центар за ресоцијализација.

[25] Член 85: Куќа на пола пат обезбедува помош, поддршка и подготовка за самостојно живеење на лица што претходно биле под вонсемејна заштита, немаат свој дом или услови за живот во својот дом, заради нивна реинтеграција во општеството. Услугата од ставот 1 на овој член се обезбедува во текот на сместувањето или веднаш по престанокот на сместувањето. Корисници на услугата се: дете без родители и родителска грижа, дете по напуштање воспитна установа за ресоцијализација, возрасни лица по издржување казна затвор, лица со попреченост, зависници од алкохол и дроги по спроведен третман за лекување и други лица со специфични социјални проблеми, кои имаат потреба од подготовка за самостоен живот.

[26] Правилник за начинот на водење и содржина на евиденцијата за корисниците на правата од социјална заштита и документацијата за стручната работа, „Сл. весник на Р. Македонија“ бр.171/11.

[27]Извор: https://www.mtsp.gov.mk/uslugi-ns_article-ednokratna-paricna-pomosh-ili-pomosh-vo-natura.nspx https://www.mtsp.gov.mk/uslugi-i-prava.nspx.

[28] За ова види повеќе: Gruevska-Drakulevski, Aleksandra (2012) “Post Penal Assistance of Ex-Prisoners: The Case of the Republic of Macedonia” in Iustinianus Primus Law Review, No.4, Year III, Spring 2012, Skopje: Faculty of Law “Iustinianus Primus” in Skopje.

[29] Извештајот за работата на Одделението за надзор над примената на законите и другите прописи од областа на социјалната заштита во 2008 година, изготвен од страна на Министерството за труд и социјална политика во јануари 2009 година, забележува дека „...Центарот за социјални работи поради недостиг на сопствени средства и материјални можности не им обезбедува на поранешните затвореници сместување и исхрана, лекување, совети за изборот на живеалиштето, односно престојувалиштето, усогласување на семејните односи, пронаоѓање вработување, довршување на стручното оспособување, давање парична помош за покривање на најнеопходните потреби, како и други облици на помош и поддршка, спротивно на ЗИС. Центарот на овие лица им обезбедува само еднократна парична помош...“. Извор: http://www.mtsp.gov.mk/?ItemID=B6EDC0F4A3F5164ABCBABAEB0F3A70D5.

Корисници на социјални услуги, во согласност со утврдениот социјален ризик, се:

- возрасно лице по отпуштање од казнена установа;

- возрасно лице со изречена алтернативна мерка.

Во однос на прашањето за привремено сместување и обезбедување исхрана, практиката во Република Северна Македонија покажува дека таквата помош не е обезбедена од страна на надлежниот орган.[30] Условите за домување се, секако, фактор со влијание врз рецидивизмот, а особено треба да се земат предвид при укажувањето постпенална помош. Покрај тоа, некои од поранешните затвореници се соочуваат со проблемот на неможност да обезбедат исхрана, особено ако тие имаат проблем на прифаќање од страна на нивните семејства. Оттука, постпеналната помош треба да се справи со овие проблеми и да ги реши на начин што никој од поранешните затвореници никогаш нема да се соочи со таков проблем. Овие луѓе треба да бидат советувани да ги користат услугите обезбедени од страна на народните кујни во нашата земја, како и центрите за бездомници.

Меѓу различните видови постпенална помош, вработувањето е особено важен фактор за ресоцијализација на затворениците.[31] Затворениците се соочуваат со поголеми или помали проблеми на недоверба при барањето вработување. Бидејќи се плашат другите да не дознаат за нивното претходно криминално однесување, тие често користат лажни информации. Покрај тоа, општеството нема доверба во професионалната компетентност на затворениците. Затоа, голем број затвореници се принудени да прифатат какво било вработување, дури и несоодветно согласно нивните квалификации. Оттука, особено е важно општеството да создаде услови за вработување поранешни затвореници, секако, водејќи сметка за реалните можности на општеството. Вработувањето поранешен затвореник, од друга страна, може да му помогне да реши некои други социјални проблеми со кои се соочува по отпуштањето од затвор, како на пример, плаќање на домувањето, поддршка на семејството, враќање на довербата, враќање на угледот во заедницата, како и овозможување да се вклучи поинтензивно во други области на општествениот живот. Факт е дека голем број поранешни затвореници се враќаат назад во затворот како рецидивисти, бидејќи не нашле работа. Ова е нагласено во одредени документи на Обединетите нации, како и во истражувањата спроведени во неколку земји.[32]

---

[30] Напротив, во Република Македонија, според истражувањето спроведено од страна на Шурбановски, повеќе од една третина од испитаниците живееле во потпросечни услови за домување по отпуштањето од затвор. При увидот на условите за живот биле забележани стравотни слики на недостиг на основни услови за живот. Во таква ситуација, не е можно да претпоставуваме дека успешно спроведениот процес на ресоцијализација во затвор ќе има ефект на долг рок. Шурбановски, Наум, „По затворот каде?", НИО Студентски збор, Скопје, 1993.

[31] Во Република Македонија, според податоците од Државниот завод за статистика во 2009 година, само седуммина поранешни затвореници биле вработени од вкупно 1 643 отпуштени затвореници.

[32] Груевска-Дракулевски, А. (2016) „Затвор и рецидивизам", Скопје: „Студиорум" – Центар за регионални истражувања и соработка.

Од друга страна, според Конвенцијата за дискриминација (вработување и професија), 1958 (бр. 111)[33], „дискриминацијата“ вклучува секаква разлика, исклучување или давање предност врз основа на раса, боја, пол, религија, политичко мислење, национална припадност или социјално потекло, која има ефект на поништување или нееднакви можности или третман при вработување или професија.[34]

Центрите за социјална работа, кои имаат компетенции да обезбедат постпенална помош, немаат практика да им помагаат на поранешните затвореници да најдат работа. Затоа, не изненадува фактот што невработеноста е силен прогностички фактор за иден рецидивизам на повеќето поранешни затвореници. Имено, според истражувањето спроведено од страна на Груевска-Дракулевски, високи 84,21 % од рецидивистите се невработени или, пак, 73,11 % од вкупниот број невработени мажи се рецидивисти, во споредба со 26,89 % првопрестапници.[35]

Да заклучиме, во Република Северна Македонија постои итна потреба за подобрување на постпеналната помош што им се укажува на поранешните затвореници.

[33] Discrimination (Employment and Occupation) Convention, 1958 (No. 111), Adopted on 25 June 1958 by the General Conference of the International Labor Organization. Достапно на: https://www.ilo.org/dyn/normlex/en/f?p=NORMLEXPUB:12100:0::NO::P12100_Ilo_Code:C111).

[34] Ibid., article 1(a).

[35] Груевска-Дракулевски, А. (2010) „Влијанието на казната затвор врз рецидивизмот“ (докторска дисертација), Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје.

## II. Законодавна и институционална рамка

### *1. Национална правна рамка поврзана со ресоцијализација*

Ресоцијализацијата како една од целите на извршувањето на казната затвор, претставува предмет на стратешко планирање, законско регулирање и дополнување на законските одредби со подзаконски акти. Потребата за ваков пристап се наметнува поради ефектите што произлегуваат од успешната ресоцијализација во казнено-поправните установи како нужен предуслов за социјална адаптација на осуденото лице што се наоѓало во КПУ.

#### 1.1.Извршување на санкциите

*Националната Стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025),*[36] во рамките на логичната рамка предвидува дека една од можностите за унапредување на пенитенцијарниот систем е вклучување на повеќе осудени лица во специфични програми може да доведе до создавање попозитивно затворско опкружување и подобри можности за ресоцијализација. Воедно, овој стратешки документ ја предвидува посебната Стратешка цел 5 во однос на  зајакнување на процесот на ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица, вклучително и на постпеналната грижа.

Оваа стратешка цел е планирано да се оствари преку три стратешки потцели кои се насочени кон подобрување на процесот на проценка и управување на ризикот во однос на осудените лица, подобрување на специјализирани програми за третман, подобрување на условите и можностите за работно ангажирање на осудени лица и подобрување на условите и можностите за ангажирање на осудените лица во значајни и конструктивни слободни активности.

Стратегијата предвидува преземање активности со цел постоење на функционални приемни одделенија во сите КПУ, екипирање на овие одделенија со стручен тим,  кадровско екипирање на секторите за ресоцијализација во КПУ, примена на постоечки и развивање нови специфични програми за третман во различни КПУ и ВПУ, но и зголемување на можностите за работно ангажирање на осудените лица во и надвор од установата, обезбедување опрема и материјали кои се неопходни за функционирање на работилниците во затворите, како и кадровско екипирање со инструктори со цел функционалност на работилниците, обезбедување стручно образование за осудените лица и нивно стекнување со диплома (сертификат) за различни занимања, како и работноангажирање на осудените

[36] Националната Стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025), достапна на: https://uis.gov.mk/wpcontent/uploads/2021.

лица, во партнерство со компании и други релевантни правни лица како на национално, така и на локално ниво.

*Законот за извршување на санкциите (ЗИС),*[37] е системски закон во однос на извршувањето на санкциите во нашата држава. Во рамките на основните начела ЗИС пропишува дека процесот на ресоцијализација на осудените лица претставува основна функција на казнено-поправната и воспитна-поправната установа. Додека се во установата, откако ќе исполнат определени услови, на осудените лица може да им се дадат одделни погодности со цел да се поттикне доброто поведение, почитување на куќниот ред, залагање во работата, развивање на чувство за одговорност и самопочит, како и мотивирање на осуденото лице да покаже интерес и соработка во третманот што се спроведува во установата. Погодностите и обврските на осудените лица, нивниот третман и работен ангажман имаат за цел ресоцијализација и натамошна социјална интеграција на осудените лица во општествениот живот.

ЗИС претставува темелот за определување на аспектите што го чинат третманот на осудените лица во установата. Имено, согласно чл. 163, осудените лица во процесот на ресоцијализација имаат право на третман со учество во редовни (општи) и/или специфични програми, мерки и активности како што се: работа на осудените лица, образование, слободни активности, спорт и рекреација на осудените лица, како  и медицинско психолошки третман.

*Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица,*[38] го донесува министерот за правда врз основа на ЗИС и со него детално се дефинираат пеналниот (институционален) и постпенален (постинституционален) третман, со цел развој на позитивни карактерни особини и успешна ресоцијализација. Под поимот „третман" се подразбира индивидуално определен динамичен систем на методи, мерки и постапување спрема осуденото лице во установата за време на извршување на казната затвор и во постпеналниот период заради насочување, развивање и остварување на позитивни карактерни особини и способности на осуденото лице, за негова ресоцијализација или социјална адаптација во општеството по издржувањето на казната.

Индивидуализација на третманот се заснова на резултатите од интердисциплинарно  организираното проучување на личноста на осуденото лице во приемното одделение на установата, по пат на анализа и синтеза на криминолошко-пенолошки, социолошки, психолошки, медицински, педагошки испитувања на личноста и на податоците за должината на изречената казна, видот и тежината на кривичното дело. Третманот на осуденото лице во текот на издржувањето на казната се остварува заради адаптација на осуденото лице во установата, прифаќање на сопствената одговорност за извршеното кривично дело, прифаќање и активно учество на осуденото лице во реализирање на целите од индивидуално одредената програма за третман, прифаќање и

[37] Закон за извршување на санкциите, Службен весник на РСМ, бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24.
[38] Службен весник на РСМ, бр. 133/2020

активно учество на осуденото лице во подготовката за постпеналниот период, како и заради социјална адаптација, особено кон оние осудени лица кои се спротивставуваат или го одбиваат третманот.

*Правилник за определување на надоместокот и наградата за работа на осудените лица, како и за лицата кои без своја вина не работат*,[39] е подзаконски акт што го донесува министерот за правда врз основа на ЗИС, и со него се пропишува дека во зависност од ангажираноста и тежината на работните задачи се определува висината на надоместокот и наградата. Обврска на директорот на установата е да го утврди видот и бројот на работните места во установата и рамките во кои може да се движи висината на надоместокот за секое утврдено работно место. На осудените лица кои работат, еднаш месечно им се исплаќа аконтација на надоместокот за извршената работа.

Во зависност од ангажираноста во работата, придонесот во намалувањето на трошоците на работењето и квалитетот на извршената работа, основата на месечната аконтација се зголемува, односно намалува до 25% од основицата на просечно остварениот надоместок за работа. Награда не добиваат сите осудени лица туку само они кои постигнуваат особени резултати во работата и со својот однос кон работата позитивно влијаат врз работното ангажирање на другите осудени лица.

На осудените лица кои без своја вина не работат, а не примаат друг надоместок за работа, им се обезбедува облека и средства за лична хигиена од страна на установата.

### 1.2. Пробациска служба

*Стратегија за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021-2025)*[40], има за цел да придонесе за натамошно унапредување на пробациската служба како дел од општо реформирање на казнено правниот систем. Пробацијата придонесува за намалување на затворската популација и повторното вршење на кривични дела преку индивидуализиран пристап и континуирана поддршка. Постоењето на пробациските канцеларии пружа краткорочни и долгорочни придобивки во однос на намалување на криминалот, јавна заштита и безбедност на заедницата и ресоцијализација и реинтеграција на сторителите на кривични дела со почитување на човековите права и основните слободи на сите релевантни учесници.

*Законот за пробација*,[41] ги уредува пробациските работи и постапката за извршување на алтернативните мерки: условна осуда со заштитен надзор, општокорисна работа и куќен затвор, како и извршувањето на условниот отпуст изречен по одлука на суд. Извршувањето на алтернативните мерки е со цел заштита на заедницата од криминал и ресоцијализација и

[39] Објавен во Службен весник на РСМ, бр. 10/2020, од 16.01.2020.
[40] Стратегија за развој на пробациската служба во Република Северна Македонија (2021-2025), достапна на: https://uis.gov.mk/wp-content/uploads/2023/03/.
[41] Закон за пробација, Службен весник на РСМ, бр. 226/15.

реинтеграција на лицата спрема кои се извршуваат пробациските работи кои подразбираат активности што ги преземаат пробациските службеници при спроведување на надзорот над извршувањето на алтернативните мерки и условниот отпуст.

### 1.3. Правна рамка за пристап до образование во казнено-поправните установи

*Закон за основното образование*,[42] согласно измените од 2025 година,[43] пропишува дека основно образование во казнено-поправните установи, се реализира по наставен план и наставни програми за основно образование на возрасни, а го реализира основното училиште кое има верификација за образование за возрасни и реализира настава на мајчин јазик на ученикот во казнено-поправните установи. Наставниот план и наставните програми за овие лица ги утврдува министерот, на предлог на Бирото за развој на образованието.

Посебно е регулирано образованието на деца во воспитно-поправни установи, кои имаат право на основно образование под еднакви услови. Оние кои не биле вклучени во настава и се на возраст под 16 години, се врши проверка на нивното претходно знаење заради вклучување во соодветно одделение на основното образование. По извршената проверка на знаењето, основното училиште издава потврда со која детето се запишува во соодветното одделение на основно образование. Ако децата претходно биле вклучени во настава и се со возраст под 16 години, се запишуваат во соодветното одделение на основното образование врз основа на последно издадено свидетелство за завршено одделение.

*Стратегијата за образование на возрасни 2025–2030*,[44] се фокусира на проширување на пристапот, валидација на неформалното учење и опфат на ранливи категории нагласувајќи ја важноста на доживотното учење за економски развој, личен раст и социјална кохезија. Стратешките цели за образованието на возрасните се фокусирани на проширување на учеството, модернизирање на испораката и создавање флексибилни програми водени од податоци кои поддржуваат и индивидуален и национален напредок. Во Стратегијата е нагласено дека партнерствата помеѓу образовните институции, граѓанските организации и приватниот сектор дополнително ги подобруваат пристапноста и релевантноста на програмите за образование на возрасните, кои се приспособени на различните потреби на учесниците во образованието на возрасните

*Законот за образование на возрасните од 2025 година*,[45] го дефинира образованието на возрасните како е дел од системот на образованието кој обезбедува образование, усовршување, оспособување и учење за возрасните лица. Притоа, разликува три форми на образование и учење и тоа: формално образование – кое се организирани процеси на учење кои се реализираат врз основа на наставни планови, наставни програми и испитни програми

[42] Закон за основното образование, Службен весник на РСМ, бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25.
[43] Службен весник на РСМ, бр. 3/2025.
[44] Извор: https://mon.gov.mk/stored/document/Strategija%20za%20obrazovanie%20na%20vozrasnite%202025-2030.pdf
[45] Службен весник на РСМ, бр. 3/2025.

за основно и средно образование, приспособени на потребите и можностите на возрасните и на барањата на пазарот на труд, согласно закон, кои водат кон дел или кон целосна квалификација; неформално образование- кое се организирани процеси на учење на возрасни врз основа на посебни програми, заради стекнување знаења, вештини и компетенции насочени кон личен развој на возрасните, работа и вработување и социјални активности; и искуствено (информалното) учење – што претставува процес на самостојно стекнување знаења, вредности, ставови, способности и вештини, во секојдневниот живот, работата и социјалната средина.

Согласно овој закон продолжува да постои Центарот за образование на возрасните,[46] како јавна установа за образование на возрасните, со својство на правно лице што го основа Владата на Република Северна Македонија.

2. *Улога, надлежности и меѓуинституционална координација на одделни релевантни институции*

Ресоцијализацијата претставува суштински процес во третманот на осудени лица, со цел нивна успешна интеграција во општеството и за нејзино успешно остварување неопходна е активност на повеќе органи. Успешна ресоцијализација претставува општествена обврска која подразбира мултисекторски пристап и ги вклучува Управата за извршување санкции, казнените установи, социјалните служби, службата за пробација, образовните институции, локалната самоуправа и граѓанскиот сектор.




[46] Повеќе информации на https://cov.gov.mk/.

Главната цел на ресоцијализацијата е развој на одговорност, критичко размислување и конструктивни навики кај осудените лица. Преку работни активности, образовни програми и психолошка поддршка, се овозможува надминување на криминалниот идентитет и изградување на нова перспектива за осуденото лице којашто ќе треба да ја следи по напуштање на установата. Социјалната адаптација, од друга страна, претставува линк помеѓу индивидуата и општествените норми и вредности. Без ресоцијализација, адаптацијата би била механичка и површна, често завршувајќи со повторен рецидивизам.







Оттука, ресоцијализацијата не треба да се третира како формална обврска, туку како динамичен процес што започнува уште при изрекување на санкцијата. Индивидуалниот пристап, проактивните програми и подготвеноста на општеството да прифати поранешни осудени лица се клучни за трајна социјална адаптација и законит живот на слобода по напуштање на установата. Ресоцијализацијата не е цел сама за себе туку претставува мост кон социјалната интеграција, каде личноста повторно добива вредност, припадност и можност за достоинствен живот.

Особено е важна улогата на Управата за извршување санкции (УИС), којашто според ЗИС претставува орган во состав на Министерството за правда со својство на правно лице. Согласно надлежностите, УИС е должна со непосреден надзор и преку писмени информации кои ги доставуваат КПУ во врска со нивното работење, да ја следи работата на установите за извршување на санкциите, да ја следи и проучува примената на прописите за извршување на санкциите и мерката притвор, непосредно да презема мерки или предлага мерки за подобрување на условите во кои се извршуваат санкциите и мерката притвор, да дава стручна помош за извршување на санкциите, собира и обработува статистички податоци и сл. Управата остварува соработка со установи, здруженија и организации кои се занимаваат со проблемите на извршувањето на санкциите и мерката притвор, но и со други државни органи, научни и други установи и здруженија заради подобрување на условите за извршување на санкциите и помош по отпуштањето на осудените лица.

Пробациската служба има големо значење во контекст на ресоцијализацијата и социјалната адаптација на полнолетните сторители на кривични дела на кои им се изречени алтернативни мерки или се предвреме отпуштени од установата и се на условен отпуст. Пробациските службеници – правници, психолози и социјални работници – работат директно и непосредно со осудените лица, следејќи го нивното придржување на определените обврски од страна на судот, нудејќи помош и поддршка на осудените лица. Пробациската служба овозможува сторителите да останат во својата средина, што е клучно за зачувување на семејните, работните и социјалните врски. Службата активно соработува со судови, обвинителства, МВР, центри за социјална работа и граѓански организации, што овозможува остварување на т.н. холистички пристап кон ресоцијализацијата.

*Илустрација: Мапа на пробациски канцеларии во РСМ*[47]




Иако пробациската служба е функционална, мониторингот од страна на Хелсиншкиот комитет за 2024 година,[48] покажал дека постои потреба од: зголемување на човечки и технички капацитети; подобра територијална покриеност; и воспоставување на стандарди за проценка и следење на напредокот.

Центрите за социјална работа, исто така, имаат важна улога во процесот на социјална адаптација на осудените лица. Формирани согласно Законот за социјалната заштита,[49] тие пружаат услуги во заедницата во рамките на кои, меѓу другите, се и услуги поврзани со

[47] Извор: https://uis.gov.mk/probacija/.
[48] Мониторинг на спроведување на Стратегијата за развој на пробациска служба во Република Северна Македонија (2021-2025), период на следење 2024 година - Хелсиншки комитет за човекови права, Достапно на: https://mhc.org.mk/analyzes/monitoring-na-sproveduvanje-na-strategijata-za-razvoj-na-probaciska-sluzhba-vo-republika-severna-makedonija-2021-2025-period-na-sledenje-2024-godina/.
[49] Закон за социјалната заштита, Службен весник на РСМ, бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23.

ресоцијализација, рехабилитација и реинтеграција. Услугата за ресоцијализација се обезбедува преку советодавна работа, индивидуална, семејна и групна терапија, образовна поддршка, придружба, едукации за развој на вештини, спорт, рекреација, творештво, поддршка за стекнување на работни вештини и вештини за вработување и други услуги на ресоцијализација, во зависност од потребите на корисниците.

Поради отсуство на институционални предуслови не се спроведува услугата „Куќа на пола пат" којашто треба да обезбеди помош, поддршка и подготовка за самостојно живеење, меѓу другите, и на возрасни лица по издржување казна затвор во времетраење до три месеци, со можност за продолжување уште за три месеци, а во исклучителни случаи кога состојбата не е надмината и до една година.

Образование и стручно оспособување на осудени лица во текот на издржување на казната затвор и по напуштање на установата се круцијални за нивно успешно социјално адаптирање и вклучување на пазарот на трудот. Вклучувањето на затвореници во формално образование е во согласност со Правилата на Нелсон Мандела и Европските затворски правила, кои го нагласуваат правото на образование како дел од хуманиот третман на затворениците. Според ЗИС образованието е дел од третманот на осудените лица. Според ЗИС постои обврска во КПУ да се организира образование како дел на општиот систем на образование и воспитување. Министерството за образование и наука на предлог на УИС треба да го организира и финансира образованието на осудените лица. Соработката на УИС со МОН е исклучително важна за одвивање на непречен процес на образование, предизвик којшто остана нереализиран долги години наназад.

Соработката со Агенцијата за вработување на РСМ, исто така, е особено важно со оглед на најзината улога во социјалната адаптација на поранешни затвореници преку активни мерки за вработување, обуки и посредување на пазарот на трудот. Во однос на активните програми за вработување, АВРСМ спроведува оперативни планови кои вклучуваат обуки, практикантство и субвенционирано вработување за ранливи категории, меѓу кои се и поранешни осудени лица. Во 2023 година, преку овие мерки биле опфатени над 10.950 лица, со реализација од 69.47% од планираните средства.[50] Во овој контекст особено се важни локалните центри за вработување, а имено преку 30 подрачни единици низ државата, АВРСМ овозможува директен пристап до услуги, вклучително и индивидуални планови за вработување, советување и посредување. Секако дека постојат предизвици и во оваа сфера, а особено затоа што активните мерки не секогаш се прилагодени на специфичните потреби на ресоцијализираните лица, особено во однос на образовниот профил и психосоцијалната подготвеност. Комбинирање на обука, менторство и психолошка поддршка веројатно во поголема мера би овозможило поефективна адаптација. АВРСМ има двојна улога и не треба да се сфати само како посредник на пазарот на трудот, туку треба да се сфати и како катализатор за пружање втора шанса на лицето што ја напуштило установата за да

[50] Подетално на https://av.gov.mk/.

продолжи со законит пат во животот. Ваквата нејзина улога особено може да се засили ако АВРСМ остварува соработка со граѓански организации и со локалната самоуправа.

Улогата на граѓанските организации не смее да се занемари кога постои стремеж за успешна ресоцијализација и социјална адаптација. Нивната улога е двојна: овозможуваат активности, стекнување вештини, различни видови обуки и сл., додека осуденото лице се наоѓа во установата, но овозможуваат и прифаќање, поддршка и помош на осудените лица кога тие ќе ја напуштат установата. Во овој контекст, на граѓанските организации треба да се гледа како на партнер на државата во остварување на успешна социјална адаптација, бидејќи имаат капацитет да пополнат празнини што ги оставаат институциите, обезбедувајќи психосоцијална поддршка, правна помош, обуки за вработување и програми за личен развој. Според Стратегијата за ресоцијализација и социјална адаптација, граѓанските организации беа препознаени како клучни партнери во имплементацијата на европските стандарди за третман на осудени лица. Од податоците на Мрежата на даватели на социјални услуги формирана од 11 граѓански организации во 2024 година,[51] се согледува дека над 3400 корисници добиваат услуги, од кои 80% се поддржани со државни средства. Ова ја потврдува тенденцијата кон плурализација на системот за социјална заштита, каде граѓанските организации не само што обезбедуваат услуги, туку и иницираат јавни дебати, мониторинг и застапување за подобрување на политиките и се особено значајни во градењето на инклузивно и праведно општество.

Соработката со локалната самоуправа е важна уште додека лицето се наоѓа во установата бидејќи линковите со средината во којашто тоа лице треба да се врати по напуштање на установата се особено важни. Локалната самоуправа игра суштинска улога во постпеналната интеграција преку креирање политики и програми што го олеснуваат враќањето на осудените лица во заедницата. Преку јавните служби и локалните советодавни тела, таа обезбедува пристап до сместување, вработување, образование и психо-социјална поддршка. Овие мерки директно влијаат врз намалување на рецидивизмот и градење на инклузивна заедница. Неспорено е дека локалната самоуправа може да ја поттикне општествената свест и да ги намали стигмата и предрасудите кон поранешните осудени лица преку јавни кампањи, соработка со медиуми и образовни институции. Таа има потенцијал да креира мрежи на соработка со приватниот сектор за обезбедување на практиканство или работни позиции, чекор што го зајакнува чувството на припадност и самопочит кај ресоцијализираните лица. Затоа, активно учество на локалната самоуправа во процесот на ресоцијализација не е само нормативна обврска, туку хуман и прагматичен пристап кон изградба на безбедно и праведно општество, а инвестирањето во адаптацијата значи вложување во долгорочна стабилност и социјален капитал. Индексот на отвореност

[51] СОС ДЕТСКО СЕЛО; Хуманост; Хера, Порака – Неготино, Кризен Центар Надеж, Отворена Порта, Монтесори, ХОПС, Инклузива, Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености- Велес, и КРИК, подетално в.: https://sos.org.mk/obedinuva-e-na-11-gra-anski-organizacii-i-formira-e-na-mrezha-na-davateli-na-soci-alni-uslugi/.

на општините за 2024 година,[52] покажува дека просечната отвореност на општините изнесува 37%, со највисоки оценки во транспарентност (46%) и најниски во свесност (21%). Ова укажува на потреба од подобро планирање и мониторинг на локалните политики, особено оние што се однесуваат на ресоцијализација и интеграција.

3. *Улогата на телата за мониторинг надлежни за надворешен надзор на условите за ресоцијализација во установите*

Во Северна Македонија, надворешниот мониторинг на условите за ресоцијализација во казнено-поправните установи се врши преку неколку независни и институционални тела, кои имаат различни надлежности и методологии:

### 3.1. Народен правобранител (Омбудсман)

Особено е важна улогата на Народниот правобранител (Омбудсманот),[53] во заштитата на правата на осудените лица во Република Северна Македонија со нагласување на неговите залагања во контекст на укажување на условите, недостатоците и предизвиците од кои зависи успешноста на ресоцијализацијата, како и постојано залагање за што е можно похуман третман и унапредување на затворскиот систем како за возрасни, така и за деца. На овој начин се исполнува неговата законска надлежност во делот на промовирање на човековите права и слободи, следење на состојбата на почитување на човековите права и укажување на потребата од нивна заштита. [54]

Освен редовните годишни извештаи во кои се истакнуваат најважните аспекти поврзани со пенитенцијарниот систем, Народниот правобранител во голема мера го дава својот придонес и преку објавување посебни извештаи во однос на определени КПУ или ВПУ со цел подетално согледување на состојбите и дефинирање подетални забелешки, заклучоци и конкретни препораки и укажувања.

Народниот правобранител врши превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување преку спроведување на редовни и ненајавени посети на местата каде лицата се или може да бидат лишени од слобода.

Во однос на претставките кои се однесувале на заштита и остварување на правата на осудени и притворени лица се забележува дека бројот на претставки поднесени од осудените лица се зголемуваат. Имено, од Годишниот извештај за 2023 година, евидентно

[52] Процена на доброто владеење во единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија преку индексот на отвореност мерење за 2024 година, https://metamorphosis.org.mk/wp-content/uploads/2024/10/procena-na-dobroto-vladeenje-vo-edinicite-na-lokalnata-samouprava-vo-republika-severna-makedonija-preku-indeksot-na-otvorenost-final.pdf
[53] Подетални информации на: https://ombudsman.mk/
[54] Надлежностите му се уредени со Законот за Народен правобранител, Службен весник на РСМ, бр. 60/03, 114/09, 181/16, 189/16 и 35/18.

е дека биле примени вкупно 166 претставки, при што најголем број од претставките биле поднесени од осудени лица кои издржуваат казна затвор (146), потоа за повреда на права на притворени лица (17), а останатите претставки (вкупно 3) биле за правен совет. Од Годишниот извештај за 2024 година, се констатира дека во текот на 2024 година, биле примени 184 претставки. Во однос на пренатрупаноста, се повторува согледувањето на Народниот правобранител дека не е обезбеден соодветен минимум индивидуален простор којшто според Европскиот комитет за спречување на тортура (КСТ) изнесува најмалку 4m2 по лице, а согласно домашната регулатива, за секое осудено лице просечно треба да се обезбеди најмалку 9м3/4м2 простор. Воедно, Народниот правобранител негативно одговорил на претставките за наводно повредено право на погодности, за оние случаи каде што утврдил дека до тоа дошло поради сторена дисциплинска повреда.

Ако се анализираат претходните години, може да се идентификуваат аспекти поврзани со извршувањето на санкциите, положбата на осудените лица и со одвивањето на третманот во установите.

### Услови за престој во установите

Според податоците што се достапни од годишните извештаи на НП, тој повеќекратно укажува на тоа дека условите за издржување на казната затвор веќе подолг временски период се оценуваат како многу лоши и деградирачки, а она што особено загрижува е тоа што ваквата состојба не се должи секогаш на пренатрупаноста. НП повеќепати укажал на тоа дека условите за сместување во установите не се на потребното ниво и не одговараат на меѓународните стандарди што треба да се применуваат во поглед на почитување на човековите права.

Пренатрупаноста значително се намали со законите за амнестија, но во 2021 година, НП констатира дека пренатрупаноста повторно се појавува како проблем. Имено, во КПД Идризово, капацитетот е 900 лица, а во моментот на посета на НП биле затекнати 1 102 лица, слично како во КПД Штип, каде што капацитетот е за 160 лица, а биле сместени 227 лица. Во Годишниот извештај за 2022 година, НП констатира дека пренатрупаност се појавила и во Затворот Тетово.

Во КДП Идризово во 2022 година било констатирано дека состојбата е нехумана и деградирачка и надвор од стандардите што се однесуваат на затворската популација, бидејќи поради преполнетоста на затворските ќелии, дел од затворениците биле принудени да спијат на импровизирани кревети што имале по три ката, а дел од нив дури и на душеци во ходниците.

**Намалени претставки за деградирачки третман од затворската полиција**

Иако во претходните години имало повеќе претставки за заштита на правата на осудените лица поради случаи на нехуман и деградирачки третман, односно непрофесионално однесување на лицата вработени во Секторот за обезбедување, важно е да се наведе дека во Годишниот извештај за 2020 година, НП констатирал дека е намален бројот на претставки по овој основ.

Ваквата состојба треба да се толкува во контекст на измените на законодавството со кое се воведе ново Одделение за постапување во случаи на нехуман и деградирачки третман од страна на затворската полиција во рамките на ОЈО ГОКК, како и одредбата од членот 91 во ЗИС од 2019 година.

**Образование во установите**

Во однос на образованието, НП укажува на тоа дека во КПУ и ВПУ не е воспоставен редовен образовен процес, иако била изработена Стратегија за развој на процесот на образование и учење во КПУ и ВПУ, која никогаш не била донесена. Проблемите со образованието во дел од нив се и меѓусекторски и претпоставуваат соработка на УИС со Министерството за образование и наука.

**Здравствена заштита**

НП потсетува дека здравствената заштита мора да се остварува на нивото што го бараат меѓународните стандарди. Во овој контекст, НП во подолг временски период го истакнува фактот дека здравствената заштита во установите не е функционална, дека не е обезбедена континуирана здравствена заштита на осудените лица, ниту, пак, е обезбеден доволен број соодветен и стручен медицински персонал, а затворските амбуланти не се опремени со сета неопходна медицинска опрема. Поради ваквите состојби се случува дополнителна дискриминација на осудените лица, па оние чии семејства може да им набават лекови, терапијата ја примаат навреме, а другите се принудени или да чекаат со месеци или да се согласат да примат терапија што има паралелно фармаколошко дејство. Овие проблеми, со оглед на многубројната затворска популација, се најизразени во КПД Идризово, но присутни се и во другите установи.

Загрижува податокот дека во повеќето казнено-поправни установи сè уште нема вработен медицински персонал, а здравствената грижа се обезбедува преку клиничките болници во градот каде што се сместени овие установи.

НП со право укажува на тоа дека треба сериозно да се сфати недостигот на специјалист психијатар во установите, поради што лицата по потреба се спроведуваат во локалните психијатриски одделенија, со што се зголемуваат финансиските трошоци за установите, а едновремено укажаната психијатриска помош се сведува на препишана медикаментозна

терапија. Грижата за менталното здравје на осудените лица во установите мора да се подигне на повисоко ниво и да се обезбедат редовни психијатриски прегледи.

Во 2018 година, најголем дел од поплаките упатени до НП се однесувале на здравствената заштита. НП констатирал дека на почетокот на декември 2019 година, во КПД Идризово биле вработени стоматолог, сестра стоматолог и медицинска сестра, меѓутоа стоматолошката ординација не била опремена со потребната апаратура.

Во 2020 година, НП констатирал дека постапката за преземање на здравствените служби на КПУ од страна на Јавните здравствени установи траело многу долго и во тој период не било целосно спроведено.

Вложените напори резултирале со позитивна оцена што ја дал НП, а, имено, во 2021 година, НП констатирал дека Затвор Скопје, КПД Идризово, КПД Штип, Затвор Куманово и ВПД Тетово располагаат со добро опремени стоматолошки ординации.

**Документи за идентификација**

Врз основа на Годишниот извештај на НП од 2016 година во однос на избирачките права, констатирано е дека осудените лица немаат важечки лични документи и не може да го остварат своето право на глас. Со цел упатување на оваа состојба, од страна на УИС во текот на 2018 година се преземени мерки за добивање документи за идентификација.

**Смртни случаи во КПУ и ВПУ**

Во 2019 година, Народниот правобранител по сопствена иницијатива постапувал по добиени сознанија за 4 смртни случаи на затвореници, а продолжена била постапката по предметите за 6 смртни случаи на затвореници од 2018 година.

За два од случаите, постапката била во тек, а за сите останати, Основното јавно обвинителство известило дека не постојат индиции, ниту околности што упатуваат на тоа дека смртта се случила како резултат на кривично дело.

НП утврдил одолжување на постапката за доставување на обдукцискиот наод (протокол) од страна на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија до надлежниот јавен обвинител, па поради ова, и во 2019 година постапката за разјаснување на смртта на затвореник сè уште била во тек и се чекал одговор од надлежното јавно обвинителство.

**Услови за издржување казна затвор во женското одделение во КПД Идризово**

НП констатирал дека кај осуденички од женското одделение на КПД Идризово постоело незадоволство поради условите, особено поради неможноста да одржуваат лична хигиена, како и хигиена во просториите во кои издржуваат казна затвор.

Народниот правобранител спровел непосреден разговор со поголем дел од групата[27] незадоволни затворенички, кои укажале на тоа дека немаат топла вода, тоалетите се затнувале и не функционирале, септичките јами во дворот не се чистеле редовно и дека поради неодржување на дворната површина, во собите имало комарци, муви, но и лебарки, тавтабити и сл.

Од установата бил доставен одговор дека се преземени мерки за решавање на наведените проблеми, но по повторниот увид на НП, утврдено било дека условите не се видно подобрени, како во поглед на хигиената во тоалетите и во бањите, така и во однос на можноста за користење топла вода.

Народниот правобранител посебно укажува дека е потребно натамошно подобрување на системот на ресоцијализација преку преземање конкретни мерки за зголемување на бројот на вработени лица во Секторот за ресоцијализација со цел да се овозможи стручните лица да преземат активности за спроведување на програмите за индивидуален третман на осудени лица.

### 3.2. Надворешен превентивен механизам

Националниот превентивен механизам е независно тело кое има задача да врши редовен надзор над местата каде лицата се лишени од слобода, со цел да се спречи тортура, нечовечко или понижувачко постапување. Овој механизам е воспоставен согласно Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура (OPCAT), кој Република Северна Македонија го ратификува во 2008 година.[55] Со измените на Законот за Народен правобранител во 2009 година,[56] тој доби надлежност во следењето на состојбите на почитувањето и заштитата на уставните и законските права на лицата во установите во кои слободата на движење е ограничена, при што беше надлежен за реализација на овие активности да врши редовни и ненајавени посети во установите во кои слободата на движење е ограничена за што подготвува посебен извештај. Со измените на Законот за

---

[55] Закон за ратификација на Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување ОПКАТ, Службен весник на РМ, бр. 165/2008 од 30.12.2008 година.

[56] Закон за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител, Службен весник на РМ, бр. 114/2009 од 14.09.2009.

Народен правобранител во 2016 година, се формираше посебна организациона единица – Народен правобранител – Национален превентивен механизам.[57]

Основна задача на НПМ е превенција од тортура и друг вид сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Своите надлежности НПМ тимот почна да ги спроведува во 2011 година при што има посебен тим од советници и стручни лица, кои вршат посети, собираат информации и изготвуваат извештаи, а воедно НПМ сработува со граѓански организации, особено во мониторингот на затворите, притворските единици, психијатриските установи и воспитните домови. Изготвува редовни годишни извештаи за својата работа,[58] а по потреба и посебни извештаи,[59] со конкретни препораки до надлежните институции.

Со цел успешно исполнување на својата надлежност надлежен е за непланирани и планирани посети на места на лишување од слобода, интервјуа со осудени лица, персонал и управи, без присуство на трети лица, преглед на документација, услови за сместување, пристап до здравствена грижа, образование и третмански програми.

Во 2024 година тимот на НПМ спровел 4 ненајавени посети во казнено-поправни установи, од кои три посети во КПУ-КПД Идризово и една посета на КПУ Затвор Гевгелија, при што во Годишниот извештај за 2024 година,[60] укажал дека постои недоволна стручна поддршка во ресоцијализациските сектори, лоши услови во КПУ Идризово и потреба од подобра меѓуинституционална координација.

Извештаите од НПМ се особено важни бидејќи влијаат врз политиките во делот на унапредување на пенитенцијарниот систем, но исто така, тие се предмет на анализа на Советот на Европа и КПТ. Во извештаите се содржани и конкретни препораки упатени кон Министерството за правда, Управата за извршување санкции и други релевантни институции. Овие препораки се насочени кон подобрување на материјалните услови, унапредување на третманот на ранливи категории затвореници, зајакнување на психосоцијалната поддршка и обезбедување правна заштита. Иако имплементацијата на препораките е делумна, НПМ успева да го одржи притисокот врз институциите и да ја зголеми јавната свест за состојбите во затворите, придонесувајќи кон постепена трансформација на затворскиот систем кон похуман и ресоцијализирачки модел.

[57] Закон за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител, Службен весник на РМ, бр.181/2016 од 29.09.2016.
[58] Достапни на: https://ombudsman.mk/%D0%9F%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B0/%D0%9D%D0%9F%D0%9C/%D0%98%D0%97%D0%92%D0%95%D0%A8%D0%A2%D0%90%D0%98/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%BD%D0%B8.aspx
[59] Достапни на: https://ombudsman.mk/%D0%9F%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B0/%D0%9D%D0%9F%D0%9C/%D0%98%D0%97%D0%92%D0%95%D0%A8%D0%A2%D0%90%D0%98/%D0%9F%D0%BE%D1%81%D0%B5%D0%B1%D0%BD%D0%B8.aspx
[60] Достапен на: https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/NPM-dokumenti/2024/NPM%20Godisen%20izvestaj-2024-Mk-Alb-Ang.pdf.

### 3.3. Комитет за превенција од тортура

Комитетот за превенција од тортура (КПТ),[61] е тело на Советот на Европа основано со Европската конвенција за спречување на тортура и нечовечно или понижувачко постапување или казнување, која стапи во сила во 1989 година.[62] Целта на КПТ е да спречи тортура и лошо постапување преку редовни и ad hoc посети на места каде лицата се лишени од слобода – затвори, притвори, психијатриски болници, воспитни домови, полициски станици и други институции.

Република Северна Македонија ја има потпишано Конвенцијата за спречување на тортура на 14 јуни 1996 година, а ја ратификувала на 6 јуни 1997 година. Со тоа, државата се обврзала да овозможи неограничен пристап на КПТ до сите места на лишување од слобода, како и да соработува во спроведувањето на препораките.

КПТ не е истражно тело, туку претставува облик на превентивен механизам, кој преку посети, интервјуа и анализа на условите, дава препораки до државите за подобрување на третманот и условите за лицата лишени од слобода. Работи врз основа на начелата на соработка и доверливост, а извештаите се објавуваат само со согласност на засегнатата држава.

Во Република Северна Македонија КПТ има остварено вкупно 15 посети, од кои 7 редовни и 8 ad hoc посети и има објавено 15 извештаи за секоја од посетите.[63]

**Просторни услови**

КПТ постојано ја критикувал ситуацијата и утврдил дека третманот на затворениците во одредени крила на КПД Идризово може да се опише како нечовечки и понижувачки. Истовремено, според КПТ, потребно е во КПД Идризово да се зголеми кадровскиот состав на соодветно обучени затворски службеници со цел да се обезбедат ефективна контрола на установата и способност да им се понуди соодветен режим на затворениците.

По спроведената посета, КПТ констатирал подобрување во КПД Идризово, односно во новите единици на отворен и полуотворен режим, како и во одделното женско одделение, условите се оцениле како генерално прифатливи во однос на просторот за живеење, состојбата на мебелот и опремата, како и хигиенските услови во санитарните јазли.

Повеќе укажувања во Извештајот се однесуваат на просторните услови во КПД Идризово, а, имено, се нагласила потребата да му се обезбеди на секој затвореник да има минимум 4 м² површина за престој, со исклучок на санитарните јазли, но и подобрување на условите во затворениот дел во однос на поголема безбедност, хигиенски услови преку поправка на санитарните јазли, обезбедување доволно детергент и хигиенски производи, замена на уништените душеци, обезбедување чиста постелнина, искоренување на наездата на лебарки

---

[61] Подетално на: https://www.coe.int/en/web/cpt.
[62] Текстот на македонски е достапен на: https://rm.coe.int/16806dbac2.
[63] Податоците во однос на Северна Македонија се достапни на: https://www.coe.int/en/web/cpt/north-macedonia

и други штетници, замена на скршените прозорски стакла и поправка на подот и покривот, обезбедување соодветно греење и вештачко осветлување во сите простории каде што престојуваат осудените лица. Особено се укажува на итноста од поправка на опасните и импровизирани електрични инсталации во ќелиите на затворениот дел и во амбулантата. Неопходно е секој затвореник да има свој кревет. Истовремено, се укажува на итноста од целосно реновирање и одржување на зградата на т.н. амбуланта, во очекување на изградба на 74-креветната здравствена единица.
Имајќи ја предвид лошата состојба, КПТ бара од властите на Северна Македонија да преземат итни чекори за затворање на старото полуотворено одделение и сите затвореници оттаму да се префрлат во новата полуотворена единица.

**Здравствена заштита**
КПТ е особено загрижен и за здравствената заштита, па, во таа смисла, очекува Министерството за здравство да преземе итни чекори за решавање на долгогодишните неспроведени мерки во врска со неговата одговорност за обезбедување квалитетна здравствена заштита на затворениците. Притоа, КПТ укажува на потребата Министерството за здравство да ја разгледа можноста за создавање единица на централно ниво што би била задолжена за координација на активностите на сите ЈЗУ во областа на здравствената заштита во затворите. Со цел да се обезбеди ефективна здравствена заштита, КПТ очекува Министерството за здравство да направи процена на минималните нивоа на персонал во секоја затворска установа, стимулативен план за регрутирање здравствен персонал (т. е. општи лекари и медицински сестри), како и сертификација на здравствените простории што се наоѓаат во установите.

Последниот извештај на КПТ, објавен во мај 2024 година,[64] содржи сериозни забелешки за состојбата во македонските затвори, особено за КПД „Идризово“. Главни проблеми утврдени во Извештајот се: забележано малтретирање од страна на затворскиот персонал, како и продолжена изолација на „проблематични“ затвореници, без соодветна терапевтска поддршка; насилство меѓу затвореници и корупција како и фаворизирање на некои осудени лица од страна на персоналот, што резултира со тоа најобесправените затвореници да живеат во најлоши услови; проблем со хигиената при што се наведува дека има подобрување на хигиената во затворите во Штип, Скопје и Прилеп, но состојбата во КПД „Идризово“ останува алармантна; недостиг од медицински персонал, медицински прегледи на новодојдени затвореници и несоодветен третман на зависници.

КПТ препорачува зголемување на професионализацијата на раководството и транспарентност во назначувањата како и искоренување на корупцијата. Воедно, со цел да

[64] Достапен на: https://www.coe.int/en/web/cpt/-/anti-torture-committee-publishes-report-on-periodic-visit-to-north-macedonia

се овозможи поддршка на надворешниот надзор врз полицијата се бара усвојување методологија за ефективни истраги за случаи на полициско малтретирање.

*4. Укажувања на Европската комисија во однос на затворскиот систем*

Во извештаите за напредокот на државата, кои ги подготвува Европската комисија (во натамошниот текст: ЕК), редовно се прави осврт на состојбите во затворите, преземените мерки и активности и она што се очекува да биде преземено во иднина. За целите на оваа Анализа, ќе се направи краток и сумарен осврт на укажувањата содржани во Извештајот за 2023 година.[65]

**Условите во КПУ**

ЕК нотира дека состојбата во затворите сѐ уште е многу сериозна и не е во согласност со меѓународните стандарди. Притоа, посебно нагласува дека судската практика на ЕСЧП покажува дека лошите услови во затворите може да се сметаат како основа за повреда на членот 3 за забрана на тортура. Исто така, сериозна загриженост предизвикува фактот што државата не ги исполнила препораките дадени од страна на КПТ во однос на третманот на притворени и осудени лица.

За да биде целосно имплементирана, Стратегијата за развој на затворскиот систем 2021-2025 година бара средства, дополнителен кадар и политичка посветеност, па во тој контекст се констатира дека правната рамка за заштита на основните права е делумно усогласена со правото на ЕУ и со европските стандарди за основните права.

Загрижува тоа што препораките од минатата година биле адресирани само делумно и остануваат валидни, па од државата се очекува да вложи особени напори да ги надмине тешките услови во затворите и да се засилат напорите за промовирање алтернативи на затворање.

ЕК укажува на тоа дека позитивно е тоа што инфраструктурата била реновирана и подобрена во голем број затворски објекти, но дека условите во делови од КПД Идризово и другите притворски установи од затворскиот систем остануваат нехумани, а како приоритет се наведува итноста од реновирање на најзапуштената зграда во КПД Идризово.

Пријавената пренатрупаност предизвикува дополнителна загриженост кај затворската популација.

**Ефективност на надворешниот механизам за контрола**

[65] North Macedonia 2023 Report, Brussels, 8.11.2023 SWD(2023) 693 final, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-11/SWD_2023_693%20North%20Macedonia%20report.pdf.

ЕК констатира дека механизмот за надворешен надзор за полицијата, вклучително и затворската полиција, сè уште не е целосно функционален, а тројцата претставници на граѓанските организации сè уште не се избрани од страна на Парламентот.

Специјалното одделение за истрага и гонење на кривични дела во рамките на ОЈО ГОКК извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција е оперативно, но недостигот на соодветен персонал ја попречува неговата ефикасност.

Во 2022 година, затворите поднеле 129 извештаи за употребата на присилба спрема осудени лица до УИС.

**Здравствена заштита**

Меѓу прашањата што долги години се наведуваат како недостаток што националните власти мора да го адресираат е и отсуството на ефективен систем на здравствена заштита во затворите.

**Квалитет на избраниот кадар во КПУ**

Именувањето нов вршител на должноста началник на Управата за извршување на санкциите и вршител на должноста директор на затворот Идризово беше позитивен чекор, земајќи ги предвид нивните релевантни професионални средини. Сепак, барањата од Законот за извршување на санкциите во 2019 година за избор на раководство на затворот не беа доследно применувани.

**Мониторинг и надзор во установи за деца**

Поаѓајќи од ранливоста на децата, која е особено нагласена кога тие се наоѓаат во институција, ЕК укажува на неопходноста од постоење редовен мониторинг и надзор на ВПД Тетово и КПУ Охрид, каде што се сместени деца на кои им е изречена воспитна мерка упатување во ВПД, односно деца што се наоѓаат на издржување казна затвор.

Целта на мониторингот и надзорот е да се осигури дека властите обезбедуваат соодветна заштита и други услуги за децата што се наоѓаат во овие установи.

*5. Пријави против затворска полиција во Специјализираното одделение во Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминалитет и корупција*

Со измените на Законот за јавното обвинителство во 2018 година,[66] е формирано Специјализирано одделение во рамките на ОЈО ГОКК. Ова Специјализирано одделение е надлежно да постапува за кривични дела кои се извршени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција при вршење на службени должности и овластувања и кривични дела извршени надвор од службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување доколку со закон е предвидено гонење по службена должност.

Со цел овој механизам на пријавување да биде ефективен посебно е регулиран и во ЗИС. Имено во членот 91 изречно е пропишано дека по добиено сознание за постоење основи на сомневање дека припадник на затворската полиција сторил кривично дело при вршење на службено дејство или за кривично дело извршено надвор од службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што како последица настапила смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда или противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност, казнено-поправните и воспитно-поправните установи или Управата без одлагање го известуваат Специјализираното одделението при ОЈО ГОКК. Притоа, ЗИС овозможува во ваков случај, здравствениот работник од установите да има право да врши документирање и фотографирање на повредите што потоа може да се користи како доказ во постапката.

Според наведеното во Годишниот извештај за работата на Јавното обвинителство на РСМ за 2024 година,[67] во Специјализираното одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во ОЈО ГОКК се постапувало против 424 лица, а постапките се воделе во најголем дел за кривичното дело Малтретирање во вршење на службата од чл. 143 од КЗ.

[66] Закон за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство, Службен весник на РМ, бр. 198/2018.
[67] Извор: https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2025/06/godishen-izveshta%D1%98-2024-finalen.pdf.

## III. Казнено-поправен систем и програми за третман

Системот на извршување на санкциите во Република Северна Македонија се заснова на диференцирана мрежа на казнено-поправни установи (КПУ), кои овозможуваат спроведување на казната затвор согласно со степенот на ризик, потребите и профилот на осудените лица. КП системот вклучува и воспоставена нормативна рамка за класификација, распоредување и третман на лицата на кои им е изречена мерка лишување од слобода.

Во Република Северна Македонија, затворот е уреден (чл. 35 од КЗ) така што тој да не може да биде пократок од 30 дена, ниту, пак, подолг од 20 години. Во законодавството е воведена казната доживотен затвор за најтешките форми на сериозни кривични дела, а за делата за кои таа е пропишана може да се изрече и казна 40 години затвор. Практично кажано, казната затвор се движи во рамката 30 дена до доживотен затвор (со замена 40 години). Исто така, вреди да се спомене дека македонското законодавство го предвидува затворот само за кривичните дела, а не и за прекршоците (како понизок степен на противправни дела), како што се Србија[68], Австрија[69], Хрватска[70] и други. Кога е изречена, казната затвор се издржува во установи за издржување казна определени со закон (чл. 35 ст. 7). Вака поставените одредби, уште со измените и дополнувањата на КЗ од 2006 година, заедно со спуштањето на посебниот максимум на затворот кај повеќе казнени дела во посебниот дел и значително почестото пропишување на паричната казна, треба да отворат простор за поголема примена на паричната казна, почесто изрекување алтернативна санкција и порестриктивна примена на казната затвор, што ќе влијае на подобрена ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица.[71]

### *1. Видови казнено-поправни установи и нивна поделба*

Организацијата и видот на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија се уредени со Правилникот за видот на казнено-поправните установи[72] донесен врз основа на член 35 став (6) од ЗИС. Овој правилник ја утврдува поделбата на установите, како и можноста за создавање на посебни одделенија согласно потребите за класификација, безбедност и третман на осудените лица.

Во основа, правилникот предвидува два типа на казнено-поправни установи: установи во кои се формираат посебни одделенија заради интерна класификација и третман, и установи

[68] Закон о прекршајима, Сл. гласник Републике Србије бр. 65/2013.
[69] Verwaltungsstrafgesetz, Bundesgesetzblattgesetz nr. 52/1992 … 58/2018.
[70] Prekršajni zakon, Narodne novine Republike Hrvatske 107/07, 39/13, 157/13, 110/15, 70/17, 118/18.
[71] Елена Мујоска Трпевска и Константин Битраков. (2020). Придобивки од примената на алтернативите на затворското казнување, Македонска ревија за казнено право и криминологија, 1–2, стр. 5-6. Достапно на: http://maclc.mk/Upload/Documents/E.%20Mujoska%20K.%20Bitrakov.pdf.
[72] Правилникот за видот на казнено-поправните установи, Службен весник бр. 10/2020, достапен на: https://uis.gov.mk/zakoni/.

наменети за одредена категорија осудени лица. Оваа поделба рефлектира обид за воспоставување систем кој е флексибилен и прилагодлив на индивидуалните потреби на затворската популација, притоа почитувајќи го принципот на индивидуализација во извршувањето на санкциите.

Во продолжение, Правилникот воведува хоризонтална и вертикална поделба на установите. Хоризонталната поделба се врши според пол, возраст, должина на казната, степен на обезбедување и ограничување на слободата на движење, како и видот на третман што се применува. Така, на пример, постојат установи за машки и за женски осудени лица, установи за полнолетни и за деца, како и установи кои се разликуваат по тоа дали казната е долгорочна или краткорочна. Вертикалната поделба, пак, се однесува на индивидуалните карактеристики на осудените лица – објективни и субјективни – како што се нивната психосоцијална состојба, ризик профил, степен на рецидивизам, и други релевантни околности кои го определуваат нивниот третмански пат.

Особено значаен аспект во Правилникот претставува поделбата според степенот на обезбедување и ограничување на слободата на движење. Врз таа основа, установите се категоризираат како затворен, полуотворен или отворен вид. Овој пристап овозможува сместување на осудените лица во установи соодветни на нивниот степен на ризик и подготвеност за ресоцијализација, а со тоа се обезбедува поголема безбедност, ефективност на третманот и рационално управување со ресурсите.

Дополнително, според должината на казната, установите се делат на казнено-поправни домови и затвори. Казнено-поправните домови, согласно Правилникот, можат да бидат од затворен или отворен вид, додека затворите, како по правило, се полуотворени установи, освен ако не се определени како специјализирани за одредена категорија осудени лица. Оваа поделба овозможува подобра диференцијација и распоредување на затвореничката популација според нивниот правен и безбедносен статус.

На територијата на државата функционираат четири казнено-поправни домови и седум затвори, секој со свои специфики. Казнено-поправни домови се: КПД Идризово (најголемиот во земјата, кој располага и со отворено одделение во Велес), КПД Штип, КПД Прилеп и КПД од отворен вид во Струга. Затворите се распоредени во повеќе градови – Битола, Гевгелија, Куманово (со отворено одделение во Крива Паланка), Охрид, Скопје, Струмица и Тетово и се карактеризираат како полуотворени установи со различни капацитети и инфраструктурни услови.

*Илустрација: Мапа на затвори во РСМ*




Освен општата поделба, правилникот предвидува и можност за основање посебни одделенија во рамките на установите. Во затворите од затворен и полуотворен вид може да се основаат затворени, полуотворени и отворени одделенија. Во некои полуотворени установи се основаат и притворски одделенија, односно одделенија за лица што се наоѓаат во мерка притвор. Секој затвор треба да располага и со приемно одделение, каде што се врши иницијална проценка и класификација на новопримените осудени лица.

Дополнително, правилникот овозможува формирање одделенија за специфични категории на осудени лица, странски државјани, лица без државјанство, како и лица со висок или многу висок безбедносен ризик. Во установите од затворен вид се дозволува формирање и на посебни одделенија за лица осудени на казна доживотен затвор, што претставува посебна категорија на издржување санкција со посебен режим и ниво на контрола.

Овој систем на институционална поделба претставува основа за понатамошната класификација, третман и ресоцијализација на осудените лица. Иако нормативната рамка изгледа функционална и усогласена со меѓународните стандарди, практичната примена често се соочува со предизвици поврзани со пренатрупаност, недоволни ресурси, кадровска недостапност и нееднаква распределеност на услуги меѓу различните установи. Сепак, системот овозможува основа за индивидуализиран и етапен пристап кон извршување на казната, што е суштински предуслов за секој сериозен ресоцијализациски модел.

### *2. Класификација и распоредување на осудени лица*

Класификацијата претставува суштинската „влезна точка“ во третманскиот циклус: уште во приемното одделение секој новопримен осуденик се подложува на првична проценка: психолошка, безбедносна и социјална, врз основа на која затворските стручни служби го одредуваат неговиот почетен режим. Во 2025 година беше донесен нов Правилник со кој се пропишува распоредувањето, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи[73]. Со него се утврдени три базични одделенија: затворено, полуотворено и отворено. Во затворено одделение се сместуваат лица осудени на подолги казни (над 3 години) или со висок ризичен профил; полуотвореното е наменето за казни до 3 години или за рецидивисти со среден ризик; отвореното одделение, пак, е резервирано за осуденици со ниско ниво на ризик и изразена подготвеност за третман.

По класификацијата следува распоредување во групи (А, Б1/Б2, В1/В2/В3) што го нијансира степенот на надзор и пристапот кон програмите. Разместувањето односно преминот од построг во полиберален режим (или обратно), се спроведува врз основа на редовни евалуации на однесувањето и остварувањето на индивидуалниот третмански план. На тој начин, класификацијата служи како динамичен механизам за мотивација: секоја позитивна промена носи шанса за поотворени услови, а секое сериозно прекршување повлекува враќање во построг режим.

Проценката сега опфаќа не само основни податоци и податоци од кривично-правниот досие, туку и дополнителни параметри како што се скрининг за ранливост кон радикализација, мотиви за извршување на делото, ставови на осуденикот, како и поранешна затворска историја. Сето ова е насочено кон тоа третманот да не се темели само врз видот на казната, туку врз целосна слика за ризикот и ресоцијализациските потенцијал на осуденото лице.

Критериумите за сместување во затворено одделение се прецизно променети: покрај лицата осудени на казна над три години, во ова одделение се сместуваат и лица кои повторно добиле казна затвор над една година. На овој начин, строгите услови се резервираат за упорни сторители со повисок безбедносен ризик. Полуотворените одделенија се наменети за осуденици со среден ризик и делумна подготвеност да се вклучат во програмите за третман, додека отворените одделенија се предвидени за лица со ниско или многу ниско ниво на ризик и јасно изразена волја за соработка. Дополнително, во отворено одделение можат да бидат сместени и осуденици на кои им остануваат најмногу три години до крајот на казната, под услов да исполнуваат останатите критериуми.

[73] Правилник за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи, Службен весник број: 34/2025; 45/2025, достапен на: https://uis.gov.mk/wp-content/uploads/2025/04/Правилник-за-распоредување-класификација-и-разместување-на-осудените-лица-во-КПУ.pdf.

Посебен дел од правилникот се однесува на женската затворска популација. За првпат, се воведува член кој ги прилагодува трите режимски нивоа на безбедносниот и третманскиот профил на жените, со можност за полесно преминување во полуотворени или отворени услови, особено за казни до три години. Со тоа се признаваат специфичните ресоцијализациски потреби на жените, како и нивниот пониско-ризичен профил во споредба со машката популација.

По класификацијата, следи распоредувањето во посебни групи В1, В2 и В3 во затворени одделенија; Б1 и Б2 во полуотворени, и единствена група А во отворениот режим. Групирањето се врши врз основа на степенот на ризик и постоењето или непостоењето на паралелна судска постапка. Осудениците со многу висок ризик се сместуваат во најстрогата група В1, додека В3 е наменета за лица со среден или низок ризик, под услов да немаат друга активна постапка. И кај паричните казни што се трансформирани во затворска санкција, лицето автоматски се сместува во В2 или Б1, во зависност од конкретната установа.

Разместувањето – преминот од построг во полиберален режим (или обратно), претставува динамичен дел од циклусот, кој сега е дополнително регулиран. За премин од В2 во В3, на пример, потребно е осуденикот да има издржано најмалку една третина од казната (ако казната е до 10 години), или една година пред средината на казната (ако таа е подолга). Дополнително, за секој нареден премин кон полиберални услови се предвидени интервали од најмалку шест месеци, мерка што овозможува службите да утврдат дали позитивното однесување е стабилен тренд, а не привремено приспособување.

Дополнителната класификација може да се спроведе само врз основа на формален предлог од стручниот тим, проследен со писмено образложение до директорот на установата. Причини за нова проценка можат да бидат правосилноста на пресудата, нови постапки, завршен третман или значителни промени во однесувањето. Со тоа се ограничува можноста за произволни преместувања и се гарантира дека секоја одлука се темели врз фактичка проценка и документирана основа.

Со овие измени, класификацискиот систем во македонските казнено-поправни установи се зајакнува како инструмент што не само што рационално распределува и управува со ризикот, туку и создава јасни, проверливи и мотивирачки патеки за напредување. На тој начин, секој осуденик добива реална, структуирана можност да премине кон помалку рестриктивна средина и, што е суштински важно, да се вклучи во насочени рехабилитациски програми токму во оној момент кога е најподготвен. Таквиот систем значително ги зголемува шансите за трајна ресоцијализација и ја намалува веројатноста за повторно вршење на кривични дела.

### *3. Кадровска структура и професионален капацитет*

Еден од клучните предизвици во функционирањето на казнено-поправниот систем е ограничениот број обучен кадар. Иако постои јасна распределба на улогите (матични воспитувачи, стручни служби, обезбедување, здравствени и административни тимови), во практика, постои недостаток на стручно обучени лица, особено психолози, социјални работници и специјалисти за ресоцијализација. Недостатокот на континуирана едукација и професионален развој дополнително го ослабнува квалитетот на третманот.

Квалитетот на третманот и ресоцијализацијата во казнено-поправните установи директно зависи од достапноста, бројноста и професионалната подготвеност на кадарот. Сепак, долгогодишната состојба во РСМ укажува на сериозен недостиг на стручен персонал, особено во делот на воспитно-стручните служби. Во најголемиот број установи, бројот на психолози, педагози и социјални работници не ги задоволува минималните стандарди, а во некои случаи е сведено на едно лице за цела институција.

Матичните воспитувачи, како носители на секојдневната работа со осудените лица, функционираат во услови на ограничени ресурси и преголем број на доделени случаи, што ја ограничува можноста за индивидуализиран пристап. Притоа, нема системска и задолжителна програма за нивно стручно усовршување, а обуките кои се спроведуваат (главно во рамки на проекти) се фрагментарни и без континуитет.

Дополнителен проблем е и недоволната вклученост на обезбедувачкиот кадар во третманските цели. Наместо да бидат дел од интердисциплинарниот тим, службениците за обезбедување често функционираат паралелно, без активно учество во ресоцијализациските процеси. Недостатокот на обуки за „динамична безбедност“ и психолошка проценка влијае и врз затворската клима и врз капацитетот за рано препознавање на ризични однесувања.

Обезбедувањето на континуирана обука и високо ниво на професионалност кај затворскиот персонал не треба да претставува пречка, туку клучен предуслов за ефикасна ресоцијализација. Националниот извештај на ЕУ за РСМ (2024) јасно истакнува дека администрацијата се соочува со „сериозни предизвици да привлече и задржи квалификуван и обучен кадар“[74]. А, како што утврдува и Советот на Европа, се потребни специјализирани обуки, вклучително на ИТ алатки и проценка на радикализација, за успешно идентификување и работа со осудените[75].

[74] European Commission. (2024). *North Macedonia 2024 Report* (SWD(2024) 278 final). Brussels: European Commission. Достапно на: https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/5f0c9185-ce46-46fc-bf44-82318ab47e88_en?filename=North+Macedonia+Report+2024.pdf.

[75] Council of Europe. (2023, October 25). *Prison staff in North Macedonia enhance their knowledge on addressing radicalisation*. Strasbourg: Council of Europe. Достапно на: https://pjp-eu.coe.int/en/web/horizontal-facility/news/-/asset_publisher/bty4yBhLu21t/content/prison-staff-in-north-macedonia-enhance-their-knowledge-on-addressing-radicalisation.

Иако во последните години се најавува унапредување на статусот и професионалниот развој на затворскиот кадар, системски напредок сè уште изостанува. Без кадровски јакнења, ниту најдобро осмислените третмански програми не можат да дадат очекувани резултати.

Зајакнувањето на професионалните капацитети на затворскиот персонал е препознаено како еден од клучните предуслови за ефективна ресоцијализација на осудените лица. Стратегијата за обуки на вработените во пенитенцијарниот систем 2023–2026[76]. Во услови на хроничен недостиг од стручен кадар и нерамномерна распределеност на ресурси, ovaa Стратегија претставува прв обид за системско институционализирање на обуките како составен дел од третманскиот и ресоцијализацискиот циклус. Документот ја потврдува стратешката насока дека ефективното извршување на санкциите и постигнувањето на ресоцијализациската функција на затворот се невозможни без континуирана професионализација на затворскиот персонал.

Како централна новина се издвојува формирањето на Центар за тренинг и едукација, структуриран со четири оперативни компоненти: тим за изработка на програми, тим за едукатори, тим за ментори и административна служба. Со ова се создава институционална основа за доследна, документирана и проверлива едукација, која треба да ги покрие сите категории на затворски персонал, од воспитувачи до обезбедување.

Планирано е развивање и верификација на годишни планови за почетна и континуирана обука, со финансиска поддршка од буџетот на Управата за извршување на санкциите, но и од меѓународни донатори. До крајот на 2025 година е предвидено да се воспостави база на податоци за обучени лица, регистар на сертифицирани обучувачи и алатки за проверка на знаењата преку прашалници и тестови.

Особено значајно е што стратегијата предвидува развој на нови модули за работа со специфични категории, деца, жени и пробациски службеници,  со што се признава дека третманот не може да биде униформен, туку мора да се приспособува кон индивидуалните и социјалните околности на секоја група. Воведувањето на вакви насочени програми претставува важен исчекор во правец на хумано и целисходно извршување санкции.

Покрај внатрешната професионализација, документот предвидува и отвореност на системот за надворешни обучувачи, вклучително од академски институции и граѓанскиот сектор, преку потпишување меморандуми за соработка и овозможување пристап до установите за имплементација на специјализирани програми. Оваа компонента го надминува класичниот затворски модел и го позиционира процесот на ресоцијализација како општествена обврска, а не само институционална надлежност.

Стратегијата е придружена со активности и индикатори за успех, вклучително и бројот на обучени лица, развиени модули и реализирани обуки, со што се овозможува следење на спроведувањето и утврдување на реални резултати. Иако останува предизвикот на реална

[76]Стратегијата за обуки на вработените во пенитенцијарниот систем 2023–2026, достапна на: https://uis.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/strategija2023-2026.pdf.

имплементација и обезбедување стабилно финансирање, ваквиот документ испраќа јасна порака дека ресоцијализацијата не може да се постигне без подготвен, обучен и мотивиран кадар, и дека инвестицијата во луѓето претставува инвестиција во безбедна и поправедна заедница.

## 4.1. Анализа на кадровска екипираност на КПУ и ВПУ во насока на остварување успешна ресоцијализација на осудените лица

Од годишните извештаи на УИС може да се анализираат и аспектите поврзани со кадровската екипираност на КПУ и ВПУ, екипираност според сектори и степенот на образование на вработените во КПУ и во ВПУ.

Соодветната кадровска екипираност во квантитативна, но и во квалитативна смисла е еден од главните предуслови за успешна ресоцијализација на осудените лица што издржуваат казна затвор и нивна подготовка за социјална реинтеграција.

Целиот затворски персонал треба да поседува соодветен стандард на образование и да има способност и средства да ги извршува своите должности на професионален начин.[77]

Бројот на вработени лица во секторот за ресоцијализација, но и во рамките на затворската полиција не е доволна гаранција *per se* доколку вработените не следат соодветни обуки за продлабочување на нивните знаења и вештини, за стекнување нови знаења и вештини, за анализа на случаи на постапување со цел изедначување на практиката и сл.

Во однос на бројот и структурата на вработените лица во КПУ, иако недостигаат некои податоци во годишните извештаи, сепак може да се констатира дека во 2019 година се бележи значително зголемување на бројот на вработени во КПУ. Имено, вкупниот број вработени на 31.12.2018 година изнесувал 674 вработени лица, додека, пак, вкупниот број вработени на 31.12.2019 година изнесувал 912 лица, односно 238 вработени лица повеќе од претходната година.

[77] The United Nations Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (the Nelson Mandela Rules), Rule 75, UNODC, https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/Nelson_Mandela_Rules-E-ebook.pdf.
[78] Извор: Годишни извештаи на Управата за извршување на санкции, достапни на: https://uis.gov.mk/zakoni/

*Табела: Вкупен број осудени лица според КПУ во периодот 2015 – 2022 година*[78]

| Година | Вработени според сектори на 31.12.2018 | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Сектор за ресоцијализација | Затворска полиција | Останати служби во КПУ | |
| 2015 | 104 | 530 | 148 | 782 |
| 2016 | 104 | 536 | 125 | 765 |
| 2017 | 113 | 535 | 123 | 771 |
| 2018 | 103 | 468 | 103 | 674 |
| 2019 | - | 670 | - | 912 |
| 2020 | 98 | 706 | 130 | 934 |
| 2021 | | | | 981 |
| 2022 | | | | 950 |

И во следните години од анализираниот период, заклучно со 31.12.2022 година, бројот на вработени во КПУ бележи континуиран пораст, а од достапните податоци очигледно е дека соодносот на затворската полиција и секторот за ресоцијализација бил 5 : 1 во 2015, а се зголемил на 7 : 1 во 2020 година.

Доколку трендот на вкупниот број вработени графички се претстави, ќе се забележи обратнопропорционалност на вкупниот број лица што издржуваат казна затвор наспроти вкупниот број вработени во КПУ. Или, со други зборови, додека затвореничката популација значително опаѓа (за 35 %), кадарот во КПУ од 2018 до 2021 година се зголемил за близу 40 %.

*Графикон: Тренд на вкупен број вработени во КПУ (N = 782)*[79]




Околност што особено загрижува е тоа што се бележи обратнопропорционален тренд на бројот на вработени во Секторот за ресоцијализација (каде што се вработени воспитувачи

[79] Извор: Годишни извештаи на Управата за извршување на санкции, достапни на: https://uis.gov.mk/zakoni/

и инструктори) наспроти бројот на вработени во Секторот за обезбедување, односно Затворската полиција.

Ако се појде од податоците претставени на Табела 2 и според истата методологија како претходно во оваа анализа, ако за почетна се земе 2015 година со вкупно 104 вработени во Секторот за ресоцијализација и вкупно 530 вработени во Затворската полиција и ако потоа се анализира стапката на пораст, односно намалувањето во текот на годините заклучно со 2020 година, се воочува изразениот обратнопропорционален тренд – се намалува бројот на стручни лица во Секторот за ресоцијализација за сметка на значителното зголемување на лица вработени во Затворската полиција.

*Графикон: Тренд на вработени според сектори (N = 104 за Секторот за ресоцијализација и N = 530 за Затворската полиција)*[80]




Соодносот на вработените во поглед на степенот на образование, согласно достапните податоци до 2019 година, при што како појдовна основа се зема бројот на вработени со основно (N = 585), односно бројот на вработени со високо образование (N = 172), покажува дека во текот на целиот период се бележи зголемување на бројот на вработени со високо образование, додека, пак, бројот на вработени со средно образование значително се зголемил на преминот од 2018 во 2019 година и бележи пораст од 35 % (од –17,4 % на 17,6 %).

[80] Извор: Годишни извештаи на Управата за извршување на санкции, достапни на: https://uis.gov.mk/zakoni/
[81] Извор: Годишни извештаи на Управата за извршување на санкции, достапни на: https://uis.gov.mk/zakoni/

*Графикон: Тренд на вработени според образование*[81]




*4. Програми за третман, рехабилитација и ресоцијализација*

Програмите за третман се насочени кон психолошка стабилизација, развој на социјални вештини, надминување на зависности и подготовка за ресоцијализација. Вклучуваат индивидуални планови за третман, психо-социјални работилници, групни терапии, советувања и ментално-здравствени интервенции. Сепак, достапноста и ефективноста варираат низ установите поради кадровски и ресурсни ограничувања.

Во изминатата деценија, развојот на специјализирани програми за третман и ресоцијализација на осудени лица во Република Северна Македонија се одвиваше во тесна соработка со Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје. Преку техничка експертиза, пилот-обуки и директна поддршка во изработка на прирачници и процедури, Советот на Европа придонесе за воспоставување на структуриран пристап во работата со различни категории на осудени лица – вклучително и сторители на насилни и сексуални деликти, жени, лица со долготрајна казна затвор, како и лица пред отпуст. Програмите беа развиени во рамките на повеќе регионални и национални проекти, вклучувајќи ја иницијативата Horizontal Facility за Западен Балкан и Турција, со цел унапредување на човековите права, хуманото постапување и ресоцијализацијата како суштински елемент на извршувањето санкции[82]

4.1. Програма за подготовка пред отпуст и постпенална поддршка

Еден од најкритичните периоди за секое осудено лице е транзицијата од институционален живот кон слобода. За многумина, напуштањето на затворот значи соочување со непознато, со ризик од отфрлање од заедницата, и со искушенија кои можат да доведат до рецидивизам. Токму од тие причини беше развиена Програмата за третман на осудени лица пред отпуст,

[82] Сите информации се достапни на: https://www.coe.int/mk/web/skopje.

со поддршка на Советот на Европа, како практична алатка за унапредување на реинтеграцијата и намалување на рецидивизмот.

Основната цел на оваа програма е да обезбеди континуитет помеѓу третманот во затвор и поддршката на слобода, преку стандардизирани постапки кои ја опфаќаат подготовката, логистиката на отпуст и вклучувањето во заедницата. Програмата ја нагласува нужноста од индивидуален пристап, планирање најмалку 6–12 месеци пред отпустот, и вклучување на сите релевантни чинители – ресоцијализациски службеници, центри за социјална работа, пробациска служба, локални институции и семејството на осудениот.

Клучните компоненти на програмата се:

- Именување на одговорно лице (раководител на предмет): службеник кој го следи и координира целиот процес на подготовка, прави проценка на ризик/потреби и изработува индивидуален план за отпуст.
- Индивидуален план за отпуст: документ кој детално ги опфаќа потребите на лицето по напуштањето на установата – сместување, вработување, здравствена грижа, психо-социјална поддршка, образовни или стручни програми.
- Мулти-секторски тимови и заеднички состаноци: три месеци пред отпустот, се одржува состанок со сите релевантни институции и организации за да се договори поддршката по излегувањето.
- Подготовка на денот на отпуст: вклучува проверка на документацијата, здравствена проценка, издавање на средства за пат и минимална парична поддршка, како и пренос на информации до надлежната пробациска и социјална служба.

Постпеналната поддршка вклучува не само институционална координација, туку и лична ангажираност од страна на службениците, кои имаат обврска да ги поврзат лицата со надворешни сервиси за домување, третман, едукација и социјална поддршка. Посебна грижа се посветува на ранливи категории – жени, лица со попреченост, странски државјани и малолетни осудени – во согласност со Бангкок правилата и другите меѓународни стандарди.

Иако законот предвидува целосна поддршка, во пракса се идентификувани сериозни предизвици: многу осудени добиваат само еднократна парична помош (4.500 денари) и се соочуваат со недостиг на сместување, третман или вработување. Програмата затоа инсистира на подобра интер-институционална координација, вклучување на граѓански организации и систематско водење на случајот по отпустот, со цел да се обезбеди одржливост на процесот на ресоцијализација.

Како дел од стандардните процедури, се предвидува и доставување на завршен извештај до полицијата, ЦСР, судијата за извршување санкции и другите релевантни органи, што ја зголемува транспарентноста и следливоста на процесот на повторна интеграција.

Оваа програма има јасна и насочена цел: да им помогне на учесниците да се подготват за реалните предизвици што ги очекуваат по издржувањето на казната, преку јакнење на личните и социјалните вештини, и преку изработка на индивидуален план за иднината.

Програмата содржи повеќе интерактивни сесии со фокус на:

- идентификација на личните цели по отпустот,
- развивање на вештини за донесување одлуки,
- градење и одржување позитивни односи,
- рационално користење на слободното време,
- изградба на стратегија за вработување и сместување,
- препознавање и надминување на стравови поврзани со слободата.

Учесниците работат во мали групи под менторство на модератори (воспитувачи и психолози), кои ја стимулираат групната динамика и процесот на саморефлексија. На почетокот од програмата секој учесник го запечатува својот „план за 12 месеци по отпуст“, документ со три јасно дефинирани цели, кој се отвора на последната сесија како симболична проверка на мотивацијата и напредокот.

Клучен момент во оваа програма е анализата на сопствените стравови, осудените лица отворено дискутираат за тоа што ги плаши по заминувањето од затвор и изготвуваат акциони планови за справување со тие предизвици. Темите како осаменост, незапосленост, семејни конфликти и стигма се обработуваат со поддршка на групата, што придонесува за нормализирање на емоциите и заедничко решавање на проблемите.

Оваа програма е комплементарна со Општата криминогена програма, но може да се следи и самостојно. Таа претставува клучна алка во ресоцијализацијата – бидејќи се фокусира не само на психологијата и однесувањето, туку и на практичната подготовка за живот надвор од институцијата. Во таа смисла, ја симболизира точката на премин: од казна кон нов почеток, од институционално подредување кон лична одговорност и општествена реинтеграција.

### 4.2. Програма за третман и ресоцијализација на насилни сторители

Во системот за извршување санкции во Северна Македонија, насилните сторители претставуваат специфична група со зголемен ризик од рецидивизам, внатрешно-затворско насилство и недоволна ресоцијализација. Во таа насока, во 2018 година е развиена Програма за насилни сторители, како посебен третмански модел кој ја препознава потребата од контрола на ризиците, но и од промена на когнитивните, емоционалните и однесувачките модели на овие лица.

Програмата се темели на принципите на когнитивно-бихевиоралната терапија и содржи модули кои вклучуваат:

- анализа на причините за насилното однесување;
- идентификација и контрола на предизвикувачки фактори (trigger factors);
- градење на алтернативни стратегии за решавање конфликти;
- развој на емпатија и самоконтрола;
- превенција од рецидивизам преку личен акционен план.

Програмата предвидува 12 тематски сесии**,** кои се изведуваат во групен формат од двајца обучени фасилитатори (обично психолог и воспитувач), со индивидуализирана адаптација во зависност од профилот на осудениот. Учесниците се избираат врз основа на претходна проценка на ризик од насилство и мотивација за учество, а програмата се спроведува во казнено-поправните установи во Скопје, Идризово и Штип.

Целта на програмата не е само намалување на насилството во затвор, туку и подготовка за ресоцијализација, преку надминување на ригидни, агресивни и социјално деструктивни шеми на однесување. Дел од учесниците, преку саморефлексија и групна интеракција, препознаваат сопствени механизми на избегнување одговорност и учат како да ги модифицираат.

Според Советот на Европа, третманските интервенции со овие профили на сторители мора да бидат спроведувани под строг надзор, со паралелна примена на безбедносни протоколи кои ги почитуваат човековите права. Во таа насока, со помош на програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје[83] во 2023 година беа усвоени нови Стандардни оперативни процедури (SOPs) за интервентните затворски тимови, кои ја интегрираат димензијата на човековите права и ограничување на силата само во пропорционални и исклучителни ситуации. Овие процедури се дел од поширокиот контекст на унапредување на пенитенцијарната пракса, преку кој се гради култура на одговорност, отчетност и ресоцијализирачка ориентација дури и кај високо ризичните осудени лица.[84]

Понатаму, во рамките на проектот *„Јакнење на капацитетите на пенитенцијарниот систем“* (Horizontal Facility III), се промовираат обуки за персоналот, со акцент на комуникациски вештини, ненасилна деескалација и психолошка поддршка на осудени со нарушен афективен профил. Со тоа, се создава амбиент во кој институционалната

[83] Совет на Европа (2023). *Нови стандардни оперативни процедури во Северна Македонија за обезбедување засилени гаранции за човекови права и оперативна ефективност*. Достапно на: https://www.coe.int/mk/web/skopje/-/new-standard-operating-procedures-in-north-macedonia-to-ensure-enhanced-human-rights-safeguards-and-operational-effectiveness.

[84] Совет на Европа (2023). *Интервентни тимови од затворската полиција во Северна Македонија ги унапредуваат капацитетите за заштита на човековите права и отчетност*. Достапно на: https://www.coe.int/mk/web/skopje/-/prison-police-intervention-teams-in-north-macedonia-enhance-capacities-on-human-rights-safeguards-and-accountability.

дисциплина се надополнува со рехабилитациски пристап, што претставува суштински предуслов за долгорочна ресоцијализација.

Програмата за насилни сторители во моментов не е задолжителна, но се препорачува како составен дел на индивидуалниот план за третман на сторители со висок ризик од насилство. Според последните процени, примената на вакви структуриран програми значително придонесува за намалување на дисциплински прекршоци и агресивни инциденти во установите, но и за постепено освестување кај осудените лица за последиците од нивното однесување.

### 4.3. Програма за ресоцијализација на жени престапнички

Жените престапнички, иако бројно помалку застапени во затворскиот систем, претставуваат посебна категорија на осудени лица со комплексен спектар на социјални, емоционални и здравствени потреби. Во согласност со Бангкок правилата[85] и Препораката CM/Rec(2017)3 на Комитетот на министри на Советот на Европа[86], се наметна потребата од развој на посебен, родово чувствителен пристап во нивниот третман.

Како резултат на тоа, беше изработена и пилотирана Програма за ресоцијализација на жени престапнички. Програмата се состои од седум тематски сесии, со содржини насочени кон:

- развој на самоперцепција и лична мотивација,
- идентификација на факторите што довеле до престапување,
- работа со емоции, стравови и трауми,
- освестување на родовите етикети и нивното влијание врз самодовербата,
- креирање на индивидуален безбедносен и акциски план за живот по отпустот.

Методолошки, програмата се потпира врз принципите на когнитивно-бихевиорална терапија и се спроведува во малогрупен формат со водство на обучени фасилитаторки (најчесто женски воспитувачи и психолог/социолог). Активностите се организираат низ интерактивни вежби, визуелни алатки, дискусии и индивидуални рефлексии (дневник на емоции, мапа на престапи).

---

[85] Обединети нации (2010). *Правила на Обединетите нации за постапување со жени-затвореници и за примена на нерестриктивни мерки за женски престапнички (Бангкок правила) со коментар,* достапно на: https://www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/ProfessionalInterest/BangkokRules.pdf. Види и: Лажетиќ, Г., Мујоска Трпевска, Е. *Коментар на постоечкото национално законодавство што го уредува прашањето за извршување на санкциите во однос на усогласеноста со Правилата на ОН за постапување со затворениччките и алтернативни мерки за жените сторители на кривични дела - "Правилата од Бангкок",* достапно на: https://msp.mk/wp-content/uploads/2022/03/Bangkok-Rules.pdf.

[86] Совет на Европа (2017). *Препорака CM/Rec(2017)3 на Комитетот на министри до земјите членки за европски правила за третман на жените престапнички и мерки за справување со жените прекршителки без примена на лишување од слобода.* Достапно на: https://rm.coe.int/168070c09b.

Една од клучните предности на програмата е што создава безбедна и поддржувачка средина, во која жените имаат простор да зборуваат за трауми поврзани со родово-базирано насилство, сиромаштија, мајчинство или дискриминација, теми кои вообичаено остануваат маргинализирани во затворската средина.

Практичната вредност на програмата беше потврдена преку анкетен прашалник спроведен врз 97 осудени жени во женското одделение во КПД Идризово, според кој најчестите проблеми идентификувани од самите жени се: монотонија, губење на контакт со семејството, анксиозност, безнадежност и лошо расположение. Како потенцијални решенија тие најчесто ги посочуваат: работен ангажман, советување, културно изразување и чести контакти со надворешни лица (особено со граѓански организации)[87].

Народниот правобранител, во својот годишен извештај за 2024 година, укажува дека положбата на жените во затворите останува структурно ранлива, со ограничен пристап до психолошка поддршка, родово сензитивна терапија и ресоцијализациски програми. Притоа се истакнува дека е потребна посилна институционална волја за спроведување на овие содржини како редовна третманска компонента, а не исклучиво во форма на пилотирани активности[88].

И Министерството за труд и социјална политика потврдува дека „успешноста на процесите на ресоцијализација и реинтеграција е слика на успешноста на општеството“, апелирајќи за координирана поддршка по отпустот, особено кај жени кои немаат социјална мрежа или поддршка од семејството[89].

Најголемата предност на оваа програма не е само во нејзината терапевтска содржина, туку во јакнењето на субјективната агенда на жената, односно градењето чувство дека таа има глас, контрола и капацитет да го промени сопствениот животен курс. Програмата охрабрува жените да ја преиспитаат сопствената нарација, не како „осудени“, туку како жени со потенцијал за промена.

### 4.4. Програма за осудени сексуални престапници

Сексуалните престапници претставуваат една од најстигматизираните и најчувствителните категории на осудени лица. Нивната ресоцијализација често се соочува со отпор и страв од повторен престап, што бара високо специјализиран третмански пристап кој ќе комбинира стручност, супервизија и работа со длабоко вкоренети когнитивни дисторзии и

[87] Министерство за труд и социјална политика (2024). *САБРИУ: Успешноста на процесите на ресоцијализација и реинтеграција е слика на успешноста на општеството.* Достапно на: https://www.mtsp.gov.mk/septemvri-2024-ns_article-sabriu-uspeshnosta-na-procesite-na-resocijalizacija-i-reintegracija-se-slika-na-uspeshnosta-na-opsht.nspx.

[88] Народен правобранител (2024). *Годишен извештај за Националниот превентивен механизам – НПМ.* Скопје. Достапно на: https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/NPM-dokumenti/2024/NPM%20Godisen%20izvestaj-2024-Mk-Alb-Ang.pdf

[89] Ibid. стр.48-52.

емоционални дефицити. Препознавајќи ја оваа потреба, беше развиена структурирана Програма за осудени сексуални престапници.

Оваа програма е дизајнирана како напреден модул, кој следи по завршувањето на Општата криминогена програма, и е наменет за осудени лица кај кои е идентификуван висок ризик од рецидивизам и нарушени модели на мислење, емоционално регулирање и сексуално однесување. Основата на програмата е повторно когнитивно-бихевиорална терапија, комбинирана со техники за емоционална интеграција и развој на стратегии за спречување на повторно престапување.

Програмата вклучува седум последователни сесии и е насочена кон:

- анализа на животниот стил и однесувачките шеми кои довеле до престапот,
- мапирање на критичните чекори кон престапувањето (преку т.н. „мапа на престап“),
- работа со високоризични ситуации и емоционални предизвици,
- изработка на индивидуален план за безбедност, превентивен механизам за идентификација и справување со ситуациите кои можат да доведат до повторно престапување.

Работата се одвива во групен формат, под водство на специјално обучени фасилитатори, со посебни протоколи за етичко постапување, доверливост и законска одговорност. Програмата активно вклучува активности за самоосвестување и прифаќање одговорност, преку кои осудените го анализираат не само делото, туку и своите длабоки уверувања, фантазии и емоции кои довеле до престапот. Преку индивидуална и групна рефлексија, тие учат да препознаваат раните предупредувачки знаци и развиваат поврзувачки стратегии за градење поддршка од семејството, институциите и здравствениот систем.

Особено значајна компонента е планирањето на „новиот јас“, иден идентитет во кој поединецот не се идентификува преку престапот, туку преку личната одговорност, регулација и прифатливи социјални вредности.

Програмата се спроведува на доброволна основа, но препораките од Советот на Европа се таа да биде интегрирана во редовната третманска матрица за сексуални престапници, како дел од индивидуалниот третмански план. Иако податоци за ефектите од програмата сè уште се прибираат, според првичните проценки на воспитниот персонал, учесниците покажуваат поголема самокритичност, вклученост и промена во перцепцијата на сопственото делување.

Успешноста на вакви програми зависи и од институционалната подготвеност, вклучително и постоењето на соодветни психолошки ресурси, поддршка од пробациската служба и стабилен систем на постпенална помош и поддршка. Според меѓународната регулатива, дури и кога станува збор за високо ризични категории, правото на рехабилитација и ресоцијализација останува универзално загарантирано, а исклучувањето или занемарувањето на овие лица го поткопува самото начело на правична и правно заснована санкција.

### 4.5. Програма за доживотно и долгорочно осудени лица

Доживотно и долгорочно осудените лица се соочуваат со уникатен и често хроничен психо-социјален притисок кој произлегува од продолжениот институционален живот, изолацијата од надворешниот свет и перцепцијата на безизлезност. Истражувањата покажуваат дека оваа категорија осудени лица е особено ранлива во однос на губење на личниот идентитет, смислата на животот, и чувството за припадност и иднина[901]. Со цел да се одговори на овие предизвици, со поддршка од Советот на Европа беше развиена Програма за доживотно и долгорочно осудени лица, наменета да овозможи структуриран третман и прогресивна ресоцијализација во рамките на институцијата.

Програмата е конципирана како специфичен модул со долгорочна перспектива, кој се активира по поминат иницијален период на адаптација во установата (најчесто 6 месеци до 1 година) и се применува континуирано во текот на издржувањето на казната. Таа се состои од неколку клучни сегменти:

- *Психоедукативна компонента:* насочена кон разбирање на ефектите од долгогодишното затворање врз умот, телото и социјалната функционалност, со фокус на изградба на нова животна структура во затворски услови.
- *Емоционално саморегулирање:* преку развивање на техники за справување со досада, фрустрација, депресија и губење на животна мотивација.
- *Симулација на дневна рутина и активна структура:* осудените се охрабруваат да создадат дневен ритам (работа, читање, спорт, уметничко изразување) кој внесува стабилност и предвидливост.
- *Изградба на идентитет и надеж*: осудените лица се насочуваат кон креирање на позитивен идентитет независен од делото, преку вештини за решавање конфликти, културни активности, духовност и грижа за другите.

Посебно внимание се посветува на развојот на емпатија, многу осудени за тешки дела живеат во состојба на негирање, рационализација или емотивна отцепеност. Преку групна работа и индивидуални разговори, програмата работи на постепено прифаќање на одговорност и реконструкција на моралната свест.

Модулот вклучува и подготовка за можни прогресивни облици на извршување на санкцијата, на пример, префрлање во полуотворено одделение, користење на посети, ангажман во затворска работа или учество во образовни програми. Дури и во случаи кога не постои можност за отпуст, програмата ја задржува својата вредност преку развивање на достоинство, социјални вештини и психолошка стабилност.

[90] Liebling, A. & Maruna, S. (2005). *The effects of long-term imprisonment*. Oxford: Willan Publishing.

Менталното здравје е централна компонента, особено кај доживотно осудените, се идентификуваат симптоми на хронична депресија, затворска апатија и ризици од автоагресија. Затоа, во рамките на програмата се препорачува вклучување на психијатри, психолози и терапевти, како и пристап до работни и духовни активности како поддршка на менталната издржливост.

Иако оваа категорија често се смета за „непоправлива", современите европски стандарди инсистираат дека казната не смее да ја укине можноста за човечко достоинство и развој. Советот на Европа, преку Препораката CM/Rec(2003)23, укажува дека дури и доживотно осудените лица треба да имаат пристап до реални можности за рехабилитација и социјална интеракција[91].

Во пракса, успешноста на оваа програма зависи од опременоста на установата, подготвеноста на кадарот, и од постоење на институционална култура која не го исклучува, туку го вклучува и долгорочно осудениот во третманскиот процес. Програмата ја разбива стигмата за оваа категорија и ја поставува ресоцијализацијата како принцип што важи за сите, без исклучок**.**

*5. Активности во слободното време и психосоцијална поддршка*

Во согласност со Законот за извршување на санкциите, затворските установи се должни да обезбедат услови за активности во слободното време, психосоцијална поддршка и културно-спортски содржини како составен дел од третманот и ресоцијализацијата на осудените лица. Законската рамка во членови 138–147 го уредува правото на учество во спортски, образовни и културни активности, организирање на верски обреди, пристап до библиотека и аудиовизуелна содржина, како и психолошка поддршка и следење на менталната состојба на осудените лица. Сепак, и покрај формалното постоење на овие права, нивната имплементација е нерамномерна и условена од кадровските и материјалните капацитети на установите.

Набљудувањата на Народниот правобранител[92] укажуваат дека достапноста до психолошка поддршка, особено за ранливите категории како што се жените, зависниците и малолетниците, е сериозно ограничена, додека културните и спортските активности најчесто се организираат спорадично и во соработка со надворешни партнери. Истото го потврдува и Министерството за труд и социјална политика, кое препознава дека успешната

[91] Совет на Европа (2003). *Препорака Rec(2003)23 на Комитетот на министри до државите членки за управувањето од страна на затворските администрации со доживотно и друг вид долгорочно осудени лица*, усвоена на 9 октомври 2003 година. Достапно на: https://search.coe.int/cm#{%22CoEIdentifier%22:[%2209000016805dec7a%22],%22sort%22:[%22CoEValidationDate%20Descending%22]}.

[92] Народен правобранител (2024). Годишен извештај за Националниот превентивен механизам – НПМ. Достапно на: https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/NPM-dokumenti/2024/NPM%20Godisen%20izvestaj-2024-Mk-Alb-Ang.pdf.

ресоцијализација подразбира постоење на системски пристап, континуитет и меѓусекторска координација, што во моментов недостасува во поголем број установи.

Одредени позитивни примери можат да се најдат во активности спроведувани во соработка со невладини организации и меѓународни партнери. Така, во Казнено-поправната установа Идризово во 2024 година беше организирана театарска претстава со учество на осудените жени, во соработка со Центарот за драма и театар и со поддршка на УНДП и Советот на Европа. Во установите во Штип и Битола се реализираа креативни работилници за цртање, изработка на накит и пишување, насочени кон жените и младите лица. На ниво на повеќе установи, редовно се одржуваат спортски натпревари во мал фудбал, шах и одбојка, додека во периодот околу празници се организираат културни настани, групни изведби и изложби со учество на осудени лица. Преку вакви активности се обезбедува минимална, но значајна форма на социјална интеракција и чувство на припадност.[93]

Иако овие иницијативи претставуваат чекор кон исполнување на стратешките цели за ресоцијализација, нивниот карактер останува фрагментиран и недоволно одржлив. Недостигот на континуирани програми и вработен стручен кадар, како и недоволната институционална поддршка за нивна интеграција во третманската рамка, ја ограничуваат нивната долгорочна ефективност. Се наметнува потребата од систематизирање на овие практики во сите установи, како и вклучување на активности во слободното време и психосоцијална поддршка како стандардизирана компонента во индивидуалниот третмански план на секое осудено лице.

*6. Употреба на дигитални алатки и технологии*

Дигиталната писменост, според Станојоска и Илиевски (2024), претставува „комплексен збир на когнитивни, технички и социјални вештини потребни за ефективно и безбедно користење на дигитални уреди, комуникација преку интернет и пристап до информации преку електронски платформи“[94]. Во пенитенцијарен контекст, ова подразбира не само техничко користење на компјутери, туку и разбирање на основите на дигиталната безбедност, критичко читање на онлајн содржини и способност за учење преку дигитални канали. Отсуството на дигитална писменост кај осудените лица не само што го ограничува пристапот до едукација и обука во текот на казната, туку ја отежнува нивната адаптација по отпустот, особено на пазарот на труд каде дигиталните вештини се основен предуслов. Оттаму, развивањето на дигитални компетенции треба да се смета како составен дел од

[93] Управа за извршување на санкции (2024–2025). Јавни објави за културни, спортски и психоедукативни активности. Достапно на: https://www.facebook.com/upravazaizvrsuvanjenasankcii.

[94] Stanojoska, A., & Ilijevski, I. (2024). Digital rehabilitation of incarcerated women: Possibilities and future challenges for North Macedonia. In M. Milićević, I. Stevanović, & Lj. Ilijić (Eds.), Proceedings of the International Scientific Conference *“Life in Prison: Criminological, Penological, Psychological, Sociological, Legal, Security, and Medical Issues”* (pp. 251–258). Institute of Criminological and Sociological Research, стр.252. Достапно на: https://www.iksi.ac.rs/izdanja/life_in_prison_2024.

третманот, со потенцијал да ја засили ресоцијализацијата преку поддршка на автономијата и граѓанската инклузија на осудените лица.

Дигиталната трансформација во пенитенцијарниот систем на Република Северна Македонија е во почетна фаза, но веќе се спроведуваат одредени иницијативи кои го поставуваат темелот за понатамошен развој. Во неколку установи е воведена електронска архива за следење на индивидуалните третмански планови, започнати се дигитални обуки за персоналот, како и пилотирање на платформи за учење на далечина за осудените лица. Во рамките на проектот DiCapSIW[95], во 2023 година во женското одделение на КПД Идризово беше спроведено истражување за проценка на дигиталните вештини на женските осудени лица. Наодите ја открија широко распространетата дигитална некомпетентност, речиси сите учеснички немаа основни вештини за користење компјутерски алатки, пишување документи или пребарување на работни огласи. Во одговор на тоа, беше креиран и имплементиран модул со шест образовни единици за развој на дигитална писменост, готовност за работа и онлајн комуникација, базиран на мотивацијата на самите осудени и нивната свесност дека дигиталната обука може да ја зголеми нивната вработливост и можностите за реинтеграција по отпустот.

Овие активности укажуваат на иницијално присуство на дигитална компонента во ресоцијализациските процеси, пред сè во делот на обука и пристап до едукативни содржини. Сепак, во најголем дел од затворските установи сè уште не постои систематско користење на ИТ решенија во поддршката на третманот и ресоцијализацијата. Недостатокот на инфраструктура, интернет-пристап и соодветни безбедносни стандарди претставуваат сериозни ограничувања. И покрај тоа, дигитализацијата е препознаена како област со значителен потенцијал за унапредување на третманот, образованието и пристапот до психо-социјална поддршка.

Во контекст на современата ресоцијализација, воспоставувањето и одржувањето на контакти со надворешниот свет претставува суштински елемент во зачувувањето на социјалната поврзаност, идентитетот и психолошката стабилност на осуденото лице. Со измените на Законот за извршување на санкциите по 2019 година, за првпат се воведе и можноста за електронско допишување, како паралелна форма на комуникација покрај традиционалната пошта. Според член 195, осудените лица имаат право да се допишуваат преку електронска пошта преку десктоп компјутери обезбедени од установата, при што надзорот се разликува во зависност од степенот на отвореност на одделението.

[95] Министерството за правда и ЦРС/Истражување (2024), извор: https://maaa.mk/newsletter-13/strengthening-the-digital-capacities-and-skills-of-incarcerated-women-in-north-macedonia. Види и: Stanojoska, A., & Ilijevski, I. (2024). Digital rehabilitation of incarcerated women: Possibilities and future challenges for North Macedonia. In M. Milićević, I. Stevanović, & Lj. Ilijić (Eds.), Proceedings of the International Scientific Conference *"Life in Prison: Criminological, Penological, Psychological, Sociological, Legal, Security, and Medical Issues"* (pp. 251–258). Institute of Criminological and Sociological Research. Достапно на: https://www.iksi.ac.rs/izdanja/life_in_prison_2024.

Иако ова право постои во нормативната рамка, во пракса неговата примена останува ограничена. Во најголем дел од установите сѐ уште не постојат функционални и сигурни ИТ системи кои овозможуваат ефективна и безбедна комуникација. Надзорот е изразен и административните процедури за пристап до електронска пошта се сложени и непостојани. Дополнително, заштитните механизми за дигитална приватност и евиденција не се доследно применети, што го релативизира уставно загарантираното право на кореспонденција.

Дополнително, член 207 предвидува право на поднесување правни средства и претставки во електронска форма, како и институционална комуникација меѓу Управата и други државни органи во дигитален формат. Иако ова ја потврдува тенденцијата на институционална дигитализација, таа засега е насочена главно кон административните процеси, а не и кон остварување на суштински права на осудените лица.

Современите европски практики и препораки сѐ понагласено упатуваат на потребата од користење на дигитални технологии како средство за проширување на пристапот до содржини кои ја поддржуваат ресоцијализацијата, особено кај лица кои имаат ограничен пристап до формално образование или стручна обука. Во таа насока, дигиталната компонента треба да се интегрира како поддршка на постојните третмански програми, но и како алатка за самообука, комуникација со институции и заштитени начини на контакт со надворешниот свет.

Во компаративен контекст, неколку европски земји како Норвешка, Холандија и Германија веќе воспоставија сигурни платформи за електронска комуникација меѓу осудените лица и нивните семејства, адвокати и релевантни служби. Овие решенија придонесуваат за зачувување на социјалната поврзаност, зголемување на транспарентноста и подобра подготовка за повторна интеграција по отпустот.

Оттаму, правото на електронско допишување, иако формално присутно, сѐ уште не е функционално интегрирано во ресоцијализациската матрица во Северна Македонија. Потребна е понатамошна нормативна прецизност, техничка поддршка и институционална волја за да се обезбеди негова ефикасна примена, особено како дел од поширокиот концепт на дигитални права на осудените лица.

## IV. Профилот на сторителите како предуслов за успешна ресоцијализација и социјална адаптација на осудените лица и деца

### *1. Состојбата со полнолетните сторители на кривични дела*

Појдовна основа за секоја анализа на трендовите и карактеристиките на затвореничката популација вообичаено е да започне со анализа на вкупниот број осудени лица во определен период. За потребите на анализата[96] на податоците во однос на различните аспекти поврзани со осудените лица што издржуваат казна затвор во КПУ, користени беа годишните извештаи на УИС.[97] Со цел да се добие покомплетна претстава за трендовите и стапките на движење на затворската популација, се анализираа податоци за периодот 2015 – 2022 година.

*Табела: Вкупен број осудени лица според КПУ во периодот 2015 – 2022 година*[98]

| КПУ | Вкупен број на осудени лица на 31.12. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2021 | 2022 |
| КПД Идризово | 1934 | 1908 | 1762 | 1222 | 1181 | 1121 | 1205 |
| КПД Штип | 364 | 358 | 309 | 230 | 220 | 236 | 240 |
| КПД од отворен вид Струга | 68 | 50 | 50 | 21 | 35 | 46 | 56 |
| Затвор Скопје | 127 | 113 | 108 | 98 | 104 | 166 | 172 |
| Затвор Тетово | 85 | 73 | 83 | 47 | 66 | 62 | 61 |
| Затвор Куманово | 143 | 134 | 115 | 65 | 80 | 115 | 118 |
| Отв.Одд.Крива Паланка | 12 | 20 | 18 | 8 | 12 | 15 | 11 |
| Затвор Битола | 61 | 75 | 67 | 56 | 13 | 77 | 76 |
| Затвор/КПД Прилеп | 82 | 71 | 86 | 49 | 85 | 120 | 131 |
| Затвор Струмица | 131 | 112 | 95 | 115 | 92 | / | 89 |
| Затвор Гевгелија | 72 | 46 | 58 | 36 | 34 | 42 | 64 |
| Затвор Охрид | 8 | 8 | 8 | 7 | 8 | 4 | 4 |
| Вкупно | 3087 | 2968 | 2759 | 1954 | 1941 | 2004 | 2227 |

[96] Овој дел од истражувањето е составен дел од анализата „*Профилот на сторителите како предуслов за успешна ресоцијализација и социјална адаптација на осудените лица и деца – Состојба со затвореничката популација во КПУ и деца во ВПД во периодот 2015 – 2023 година*", изработена во рамките на проектот „*Воспоставување услуги во заедницата за поддршка преку ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осудени лица*" што е финансиран од Европската Унија. Примарната цел на оваа анализа е да се добие претстава за профилот на затворениците, нивните потреби, можности и пречки за успешна ресоцијализација и подоцнежна социјална адаптација. Анализата е достапна на веб-страницата на Македонското пенолошко друштво: https://msp.mk.
[97] Извор: Годишни извештаи на Управата за извршување на санкции, достапни на: https://uis.gov.mk/zakoni/.
[98] Извор: Годишни извештаи на Управата за извршување на санкции, достапни на: https://uis.gov.mk/zakoni/.

Од претставените податоци очигледно е дека во текот на анализираниот период постои тенденција на опаѓање на затвореничката популација, тренд што започнал во 2018 година и сè уште останува значително понизок од затвореничката популација во првата година од анализираниот период, во 2015 година, кога се бележи највисок број лица што издржувале казна затвор: вкупно 3 087 лица, од кои 1 934 лица казната затвор ја издржувале во КПД Идризово.

При анализата на трендовите во однос на осудените лица што издржуваат казна затвор во КПУ, треба да се имаат предвид и законите за амнестија што беа донесени во текот на анализираниот период 2015 – 2022 година.

Законот за амнестија беше донесен во јануари 2018 година,[99] во декември 2018 година,[100] кој се однесуваше на осудените за настаните на 27 април 2017 година и во март 2023 година,[101] во однос на сторените кривични дела од членовите 205 и 206 од Кривичниот законик.

Последниот Закон за амнестија немаше влијание врз трендовите на затвореничката популација, бидејќи за наведените кривични дела што значеа пренесување заразна болест и непридржување кон здравствените прописи во време на пандемијата немаше изречени затворски казни. Во контекст на двата закона за амнестија во текот на една календарска година (2018) воопшто не зачудува драстичниот пад на осудените лица што издржуваат казна затвор во КПУ. Со донесувањето на Законот за амнестија на почетокот на 2018 година се намалила пренатрупаност во затворите, бидејќи според податоците од УИС, со Законот биле опфатени 815 осудени лица што издржувале казна затвор.[102]

Во оваа насока, во рамките на проектот Македонско пенолошко друштво изработи анализа е да се утврди дали носењето чести закони за амнестија има позитивно влијание врз рехабилитацијата и ресоцијализацијата на осудените лица, односно да се даде одговор на прашањето дали тие (би) биле успешно реинтегрирани во општеството или вратени во затворите набргу по ослободувањето.[103]

Во правните образложенија при донесувањето на законите за амнестија се акцентира појдовната цел на казнувањето, дека таа не треба да се потпира на одмаздата, односно на

---

[99] „Службен весник на РМ“ бр. 11/2018 година.
[100] „Службен весник на РМ“ бр. 233/2018 година.
[101] „Службен весник на РСМ“ бр. 65/2023 година.
[102] https://sdk.mk/index.php/makedonija/815-zatvorenitsi-ke-bidat-opfateni-zakonot-za-amnestija/
[103] Овој дел од истражувањето е составен дел од анализата *„Создавање (не)правда: Амнестијта и нејзиното влијание врз рехабилитација и ресоцијализација на осудените лица“*, изработена во рамките на проектот *„Воспоставување услуги во заедницата за поддршка преку ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осудени лица“* што е финансиран од Европската Унија. Примарната цел на оваа анализа е да се утврди дали носењето чести закони за амнестија има позитивно влијание врз рехабилитацијата и ресоцијализацијата на осудените лица, односно да се даде одговор на прашањето дали тие (би) биле успешно реинтегрирани во општеството или вратени во затворите набргу по ослободувањето. Анализата е достапна на веб-страницата на Македонското пенолошко друштво: https://msp.mk (директен линк: https://msp.mk/создавање-неправда-амнестијата-и-нејз/).

казнување на сторителот за сторено дело, туку да се постигне специјална и генерална превенција. Министерството за правда при подготвувањето на предлог-законот во 2017 година[104] ги имаше предвид *„условите во казнено-поправните установи како институции што треба да овозможат и да обезбедат успешна ресоцијализација на осуденичката популација и кои, неспорно, се пренатрупани, условите за престој се многу ниски, оценети од меѓународните организации како нехумани, опасноста од криминална инфекција во казнено-поправните установи е реална поради што се оцени дека е неопходно донесување еден ваков закон со кој група лица осудени на казна затвор до 6 месеци – лесни кривични дела ќе се ослободат од издржување на казната затвор“*. Истото се наведува и во образложението на предлог-законот од 2023 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, примарна цел на оваа анализа беше да се одговори на прашањето дали ситуацијата во затворските установи би се сменила со предложениот Закон за амнестија од јули 2023 година и критички би се оцениле мотивите за донесување на овој Закон, односно дали тие се поинакви од претходните или тоа е уште едно покажување политичка волја. Понатаму, важен сегмент за оцена се и капацитетите на македонските институции да се справат со овие прашања. Во таа смисла, не се осврнавме само на степенот на рецидив, т. е. бројот на ослободени осуденици што се повторно затворени, туку и на постапувањето на властите што ги спроведуваат процедурите утврдени во Законот за амнестија, како што се законскиот и правичен третман на судовите, степенот на подготвеност на судиите за извршување на санкциите, јавните обвинителства, казнено-поправните установи и пробациските служби.

Како заклучок беше изведено дека актите за амнестија, како еден од методите на законодавната власт за директно влијание врз судските практики, треба да се користат со претпазливост и само по спроведување на суштински анализи и истражувања. Амнестијата претставува израз на политичка волја која има сериозни импликации врз пенитенцијарниот систем и претставува инструмент преку кој се остварува политичко влијание врз казнената политика. Иако често се применува како средство за намалување на пренатрупаноста во затворите, досегашните искуства покажуваат дека оваа пренатрупаност се намалува само привидно. Амнестираните лица кои не се ресоцијализирани, а потпаѓаат под критериумите за амнестија, за кратко време повторно се враќаат во казнено-поправните установи. Дополнително, во однос на рецидивот кај амнестираните лица, не постојат соодветни законски решенија кои овозможуваат нивен третман или следење во заедницата по изрекувањето на амнестијата. На лицето што е амнестирано не можат да му се наметнат дополнителни обврски, забрани или ограничувања врз основа на амнестијата, дури и кога се проценува дека тоа лице претставува опасност за околината.

Овие искуства со брз рецидив по амнестијата јасно укажуваат дека во општеството се враќаат лица кои и натаму претставуваат ризик. Единствен исклучок од ова правило е

[104] Предлог на Закон за амнестија, Скопје, ноември 2017 година. ЕНЕР, линк: https://www.google.com/search?q=Закон+за+амнестија.

амнестијата која се однесува на кривични дела поврзани со повреда на рестрикциите за време на пандемијата од COVID19, бидејќи најголемиот дел од сторителите на овие дела немаа криминогена структура, а со укинување на ограничувањата исчезна и ризикот од повторно извршување на истите дела. Во нашата држава, научната јавност долги години укажува на проблематичноста на кратките казни затвор (до една година), бидејќи тие не оставаат простор за третманско влијание врз осудените. Сепак, во праксата продолжува трендот на изрекување кратки казни, што често завршуваат со амнестија. Од аспект на превоспитување и влијание врз сторителите на кривични дела, многу поефективен пристап би било изрекувањето алтернативни мерки кои ја поттикнуваат одговорноста, дисциплината и придржувањето кон обврските од страна на осуденото лице, наместо кратки казни кои подоцна се амнестираат, со што се губи можноста за позитивно влијание и ресоцијализација.[105]

Ако се анализира трендот на затвореничката популација во текот на седумгодишниот период од 2015 година и ако 2015 година се земе како почетна година за анализа, состојбата со затвореничката популација претставена во проценти на намалување за секоја година од периодот е претставена на следниов графикон.

*Графикон: Тренд на затвореничка популација 2015 – 2022 (N = 3087)*[106]




Во однос на 2015 година, во следните две години намалувањето на затвореничката популација било незначително, но започнувајќи од 2018 година, намалувањето е за над 35 %, а во последната 2022 година, намалувањето изнесува 28 %.

[105] Целосниот текст на анализата е достапен на: https://msp.mk/создавање-неправда-амнестијата-и-нејз/
[106] Извор: Годишни извештаи на Управата за извршување на санкции, достапни на: https://uis.gov.mk/zakoni/

2. *Новопримени осудени лица во КПУ*

Со цел да се добие претстава за осудени лица што во тековната година започнале со издржување на казната затвор, на табелата дадена подолу е претставен бројот на новопримени осудени лица во установите со состојба на 31.12 во тековната година.

*Графикон: Новопримени осудени лица во периодот 2015 – 2022 година*[107]




Сепак, во просек, во последните пет години (од 2017 до 2022) во КПУ имало по 1 229 новопримени осудени лица, при што се забележува пораст на бројот на новопримени осудени лица во 2022 година во однос на 2021 година за 38 %.

*Табела: Вкупно новопримени осудени лица во КПУ во периодот 2017 – 2022 година*[108]

[107] Извор: Годишни извештаи на Управата за извршување на санкции, достапни на: https://uis.gov.mk/zakoni/
[108] Извор: Годишни извештаи на Управата за извршување на санкции, достапни на: https://uis.gov.mk/zakoni/

| Казнено поправна установа | Вкупно новопримени на 31.12 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2018 | 2019 | 2021 | 2022 |
| КПД Идризово | 476 | 543 | 555 | 228 | 353 |
| КПД Штип | 75 | 63 | 37 | 29 | 38 |
| КПД Прилеп | 36 | 34 | 39 | 26 | 38 |
| КПД Струга | 207 | 271 | 259 | 44 | 69 |
| Затвор Скопје | 64 | 46 | 86 | 233 | 284 |
| Затвор Куманово | 9 | 1 | 0 | 132 | 82 |
| Крива Паланка | 53 | 40 | 0 | 0 | 21 |
| Затвор Битола | 65 | 34 | 85 | 72 | 69 |
| Затвор Тетово | 101 | 83 | 72 | 66 | 168 |
| Затвор Струмица | 145 | 125 | 111 | 91 | 147 |
| Затвор Гевгелија | 42 | 36 | 44 | 48 | 66 |
| Затвор Охрид | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 |
| Вкупно | 1273 | 1278 | 1288 | 969 | 1338 |

Ако се анализира трендот на новопримени според КПУ, се забележува благо намалување на бројот во КПД Идризово за сметка на повеќекратно зголемениот број на новопримени во Затвор Скопје и во Затвор Куманово. Значително намалување се забележува во КПД Струга.

*Графикон: Новопримени осудени лица според КПУ (споредба на 2017 со 2022 година)*[109]




[109] Извор: Годишни извештаи на Управата за извршување на санкции, достапни на: https://uis.gov.mk/zakoni/

## *3. Карактеристики на осудените лица што издржуваат казна затвор во КПУ*

### 3.1. Полот на осудените лица

Анализата на половата структура на осудените лица е важна од повеќе аспекти и иако доминира машката затвореничка популација, следењето на трендот и стапката на женските осудени лица е важно за политиките на извршување на санкциите кон женските лица, потребата од соодветни просторни услови, можностите за прогресирање и сл.

Од претставените податоци се забележува дека иако вкупниот број осудени лица од 2017 до 2022 година на годишно ниво бележи пад за 19 %, се разликува трендот на осудени лица според полот.

Графикон: Тренд на осудени лица од женски пол[110]




Графикон 8. Тренд на осудени лица од машки пол[111]




Стапката на раст на женската затвореничка популација е поизразена во текот на анализираниот период отколку што е тоа случај со машката затвореничка популација.

Иако номиналните бројки се значително пониски кај осудените лица од женски пол, загрижува стапката на пораст. Воочлив е расчекорот помеѓу стапката на намалување на машката затвореничка популација во текот на целиот анализиран период 2018 – 2022 година и големиот раст на женската затвореничка популација за високи 44 % во периодот од 2019 (–24 %) до 2022 година (20 %).

[110] Извор: Годишни извештаи на Управата за извршување на санкции, достапни на: https://uis.gov.mk/zakoni/
[111] Извор: Годишни извештаи на Управата за извршување на санкции, достапни на: https://uis.gov.mk/zakoni/

## 3.2.Образовната структура на осудените лица

Од годишните извештаи на УИС може да се добие детална претстава за првиот аспект, а, имено, каква е всушност образовната структура на затвореничката популација. Овие податоци се особено важни за профилирање осудено лице согласно образованието.

*Графикон: Образовна структура збирно во периодот 2015 – 2022 година*[112]




*Табела: Образовна структура на осудените лица според степенот на образование и според полот во периодот 2015 – 2022 година*[113]

| Степен на образование | 31.12.2015 Збирно | Мажи – Состојба на 31.12 – 2016 | 2017 | 2018 | 2021 | 31.12.2019 Збирно | Жени – Состојба на 31.12 – 2016 | 2017 | 2018 | 2021 | 31.12.2022 Збирно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Неписмени | 278 | 255 | 214 | 218 | 353 | 271 | 33 | 27 | 25 | 33 | 424 |
| Основно | 1451 | 1422 | 1339 | 883 | 706 | 852 | 14 | 8 | 6 | 10 | 744 |
| Средно | 1209 | 1087 | 1039 | 711 | 771 | 696 | 32 | 19 | 6 | 9 | 896 |
| Виша | 44 | 40 | 40 | 31 | 25 | 32 | 0 | 0 | 1 | 2 | 41 |
| Високо | 105 | 67 | 56 | 58 | 76 | 87 | 18 | 17 | 15 | 18 | 117 |
| Магистри | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Доктори на науки | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно: | 3087 | 2871 | 2688 | 1901 | 1932 | 1938 | 97 | 71 | 53 | 72 | 2223 |

Од прикажаните податоци произлегува поразувачко согледување дека бројот на неписмени осудени лица од 2015 до 2022 година е во пораст за 52,5 %, иако вкупната затвореничка популација бележи намалување за 30 %.

Се забележува дека во рамките на затвореничката популација доминираат осудени лица со завршено основно, односно со средно образование, при што до 2019 година поголем број

[112] Извор: Годишни извештаи на Управата за извршување на санкции, достапни на: https://uis.gov.mk/zakoni/
[113] Извор: Годишни извештаи на Управата за извршување на санкции, достапни на: https://uis.gov.mk/zakoni/

затвореници имале основно образование, а од 2021 година се забележува дека поголем број затвореници имаат средно образование.

Зголемување бележи и застапеноста на осудени лица со високо образование.

Од податоците може да се воочи дека кај осудените лица од машки пол, најголемиот број се или со основно или со средно образование.

Во однос на осудените лица од женски пол во текот на анализираниот период се воочува дека тие спаѓаат или во групата на неписмени или во групата со високо образование, што е предизвик за анализа и нужно треба да се поврзе со видот и природата на кривичните дела што ги вршат жените.

### 3.3.Осудени лица според извршеното кривично дело

Достапните податоци во однос на извршените кривични дела за кои осуденото лице се наоѓа на издржување казна затвор помагаат при идентификувањето на делата што се извршуваат зачестено и овозможуваат споредба на промените во учеството на различните групи кривични дела во текот на анализираниот период.

*Табела: Осудени лица според извршено кривично дело*[114]

| Кривично дело | Вкупен број на осудени лица на 31.12 | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2017 | 2018 | 2019 | 2021 | 2022 | |
| **Против имот** | **1113** | **821** | **825** | **718** | **609** | **4086** |
| **Против здравјето на луѓето** | **520** | **269** | **281** | **448** | **545** | **2063** |
| **Против животот и телото** | **324** | **303** | **284** | **279** | **326** | **1516** |
| **Против човечноста и меѓународното право** | **222** | **119** | **102** | **121** | **213** | **777** |
| **Против полова слобода и полов морал** | **160** | **147** | **137** | **147** | **167** | **758** |
| **Против јавниот ред** | **191** | **128** | **133** | **130** | **160** | **742** |
| **Вкупно** | **2530** | **1787** | **1762** | **1843** | **2020** | **9942** |

[114] Извор: Годишни извештаи на Управата за извршување на санкции, достапни на: https://uis.gov.mk/zakoni/

Податоците наведуваат на заклучок дека трендот на имотниот криминалитет, како најфреквентен во последните децении, продолжил да се извршува со истото темпо и во текот на анализираниот период.

Фактот што кривичните дела против здравјето на луѓето се на второто место според зачестеност е особено загрижувачки, имајќи предвид дека во најголем број од случаите станува збор за дејства преземени во однос на дрогите и другите психотропни супстанции. Таканаречените крвни деликти, односно кривичните дела против животот и телото се на високото трето место во текот на анализираниот период, а веднаш зад нив се кривичните дела против човечноста и меѓународното право, кривичните дела против полова слобода и полов морал и кривичните дела против јавниот ред.

### *3.4.Старосна структура на осудените лица*

Анализата на карактеристиките на затвореничката популација не би била целосна доколку не се претставени податоците во однос на возраста на осудените лица. И овој параметар е релевантен во однос на индивидуализирањето на третманот, на процесот на ресоцијализација и оцената на потребите на осуденото лице со цел негова успешна социјална адаптација.

*Табела: Возраст на осудените лица*[115]

| Состојба на 31.12 | од 19 до 24 г. | од 25 до 29 г. | од 30 до 40 г. | од 41 до 50 г. | од 51 до 60 г. | над 61 година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2017** | **394** | **576** | **933** | **509** | **263** | **78** | **2759** |
| **2018** | **232** | **353** | **700** | **382** | **204** | **73** | **1954** |
| **2019** | **206** | **319** | **689** | **422** | **231** | **68** | **1938** |
| **2021** | **196** | **355** | **716** | **424** | **221** | **83** | **2004** |
| **2022** | **193** | **399** | **740** | **465** | **354** | **76** | **2227** |
| **Вкупно** | **1221** | **2002** | **3778** | **2202** | **1273** | **378** | **10882** |

Анализата на возраста на осудените лица во сите годишни извештаи на УИС се врши преку поделба во шест старосни групи, не сметајќи ја старосната група од 16 до 18 години, за која согледувањата се поместени во делот на оваа Анализа што се однесува на Затворот Охрид.

[115] Извор: Годишни извештаи на Управата за извршување на санкции, достапни на: https://uis.gov.mk/zakoni/

Според претставените податоци, најзастапена старосна група е од 30 до 40 години, чие учество изнесува 35 %, а приближно учество имаат старосните групи од 25 до 29 и од 41 до 50 години. Загрижува зголемувањето на осудени лица во старосната група од 51 до 60 години во последната година од анализираниот период (2022 година) за високи 60 % во однос на 2021 година.

Сосема е разбирливо тоа што најмало учество има старосната група над 61 година. Според возраста, најголем дел од затвореничката популација се наоѓа во рамките на работоспособното население и поради овие причини, особено е важно преку третманот да го заокружат образованието и да стекнат вештини, работни навики, почитување на редот и дисциплината со цел подоцнежна успешна социјална адаптација и приспособување на животот на слобода согласно општествено прифатливите норми.

## *4. Активности во рамките на третманот со цел успешна ресоцијализација*

Ресоцијализацијата на осудените лица е процес што подразбира преземање соодветно приспособени активности додека лицето се наоѓа во КПУ, со цел да се приспособи кон условите во установата, да го познава и да го почитува куќниот ред, и да се однесува дисциплинирано. За ресоцијализацијата да ги оствари целите што се очекуваат, неопходно е приспособување на третманот во установата на потребите на осуденото лице. Пенолошкиот, односно институционалниот третман претставува индивидуално определен динамичен систем на методи, мерки и постапување спрема осуденото лице во установата за време на извршување на казната затвор со цел насочување, развивање и остварување позитивни карактерни особини и способности за негова ресоцијализација.[116]

Третманот опфаќа повеќе мерки и активности, но со оваа Анализа, авторките одлучија да го насочат вниманието на неколку круцијални аспекти што го чинат третманот: образованиот процес на осудените лица во установата, работата како третман, стручното оспособување и стекнување вештини и здравствената заштита. Сите овие аспекти се актуелни како стратешки цели содржани во НС, чија имплементација е во тек.

### 4.1.Образованието како третман

Меѓународните документи пропишуваат обврска за затворските установи да им обезбедат образование на сите затвореници, при што образованието на неписмените и на младите затвореници треба им да биде задолжително. Колку што е можно, образованието на затворениците треба да им биде интегрирано во образовниот систем на државата, за да има основа по напуштањето на установата, лицето без тешкотии да продолжи со едукација.

Во НС во рамките на слабите страни е наведено отсуство на функционален процес на образование на осудени лица.

Образованието е категорија што може да се анализира двојно: образование што осуденото лице го има при прием во КПУ и образование што го стекнал додека бил на издржување на казната затвор. Образованието како третман е вториот аспект поврзан со стекнувањето знаења и вештини во текот на издржувањето на казната затвор.

Според меѓународните стандарди, затворските управи и други надлежни органи, меѓу формите на програми, активности и услуги што треба да им ги понудат на осудените

[116] Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица, „Службен весник на РСМ“ бр. 133/2020 од 22.5.2020 г.

лица спаѓаат и образованието и стручната обука, кои треба да се испорачуваат во согласност со индивидуалните потреби за третман на затворениците.[117]

Согласно ЗИС, осудените лица во процесот на ресоцијализација имаат право на третман со учество во редовни (општи) и/или специфични програми, мерки и активности, во кои спаѓа и образованието.

Иако беше изготвен, никогаш не се донесе стратешкиот документ за образование на осудените лица, чиј носител требаше да биде Министерството за образование и наука во соработка со УИС.

Како третман, образованието е посебна стратешка цел во рамките на НС и опфаќа повеќе активности за негова реализација.

Отсуството на континуирано образование во КПУ е проблем со кој нашата држава се соочува подолг временски период. Легислативната рамка што ја сочинуваат регулативата во однос на основното образование и регулативата во однос на образованието на возрасните овозможува образование во установите, но, во практиката, овие можности не се применуваат.

Останува да се видат ефектите на предложените измени и дополнувања во Законот за основното образование, чија цел е регулирање на воспитно-образовниот процес во воспитно-поправните и казнено-поправните установи.[118]

### 4.2.Работниот ангажман како третман

Работата на затворениците е еден од најважните видови третмани за нивна успешна ресоцијализација и реинтеграција. Од една страна, според научно потврдените ставови, работата на луѓето одиграла голема улога во развојот на човековото општество и човекот како општествено суштество. Човекот постои, се развива и еволуира, се потврдува како свесно и креативно суштество преку трудот. Трудот е квалификација што ги разликува луѓето од другите живи суштества. Во нашето општество, социјалниот, политичкиот, економскиот и социјалниот статус на поединецот во општеството и неговиот живот се определува според неговата положба во работниот процес и постигнатите резултати. Положбата на осуденото лице за време на извршувањето на казната затвор не треба да се разликува од положбата на слободниот граѓанин; затоа треба на осуденото лице да му се обезбеди положба што е идентична со положбата на работникот на слобода.[119]

[117] The United Nations Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (the Nelson Mandela Rules), Rule 75, UNODC, https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/Nelson_Mandela_Rules-E-ebook.pdf.

[118] https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=78265.

[119] Арнаудовски, Љ./Груевска-Дракулевски, А. (2013), *„Пенологија“* (прв и втор дел), Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, Скопје.

Согласно меѓународните стандарди, работата има големо значење како облик на третман на осудените лица.[120] Работата помага за стекнување навики, дисциплинирано однесување, но и за структурирано време поминато во установата. Практиката на ЕСЧП јасно го искристализира ставот дека работата во затворите нема статус на присилна работа, туку влегува во рамките на активностите за остварување на третманот и процесот на ресоцијализација.

Членот 4 § 3 (а) од ЕКЧП укажува на тоа дека терминот „присилна или задолжителна работа“ не ја вклучува „секоја работа што треба да се изврши во вообичаениот тек на престојот во затвор“ или за време на условно отпуштање.[121]

Нашиот пенитенцијарен систем ѝ придава големо значење на работата како облик на третман на осудените лица и таа е одредена како право и обврска на осуденото лице. Осудените лица се распоредуваат на различни видови работа според способностите, организираноста и развиеноста на процесот на работа во установата и интересот на осудените лица.[122] Согласно ЗИС, на осудените лица треба да им се овозможи работа што ќе биде корисна и соодветна на начинот на нејзиното вршење на слобода, при што постигнувањето економска корист не смее да биде примарна и единствена цел на работата. Преку работата, осудените лица се здобиваат со, и развиваат работни навики, ги одржуваат работните способности и се стекнуваат со стручно знаење за работа на слобода. Постои ограничување според кое од осудените лица не смее да се бара да вршат работи што се опасни и штетни за нивното здравје.

### *4.2.1. Работата на осудените лица според извршното казнено право на Република Северна Македонија*[123]

Работата како облик на третман во литературата, но и во практиката се покажува како најзначаен облик на третман за постигнување успешна ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица назад во општеството, што всушност претставува основна цел на

[120] The United Nations Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (the Nelson Mandela Rules), Rule 4/2, UNODC, https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/Nelson_Mandela_Rules-E-ebook.pdf.

[121] Guide on Article 4 of the European Convention on Human Rights Prohibition of slavery and forced labour Updated on 31 August 2022, https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/guide_art_4_eng#:~:text=Work%20during%20 detention%20or%

[122] Арнаудовски, Љ./Груевска-Дракулевски, А. (2013), *„Пенологија“* (прв и втор дел), Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, Скопје.

[123] Овој дел од истражувањето е составен дел од анализата *„Работата како облик на третман во насока на успешна ресоцијализација и реинтеграција“, изработена во рамките на проектот* „Воспоставување услуги во заедницата за поддршка преку ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осудени лица“ што е финансиран од Европската Унија. Оваа студија е фокусирана на значењето на работата како облик на третман во насока на остварување успешна ресоцијализација и реинтеграција на затворениците. Преку спроведеното истражување базирано врз примарни и секундарни податоци, извршена е евалуација на спроведувањето на работата како облик на третман во нашата земја и формулирани се препораки за ефикасна примена во функција на остварување ефикасна ресоцијализација и реинтеграција во заедницата на осудените лица. Анализата е достапна на веб-страницата на Македонското пенолошко друштво: *https://msp.mk (директен линк: https://msp.mk/работата-како-облик-на-третман-во-насо/).*

извршување на казната затвор. Секако дека не се за занемарување ни останатите облици на третман: образование на осудени лица; образование на осудени лица по занимање; морално-етичко воспитување и осуденичко самоорганизирање; слободни активности, спорт и рекреација на осудени лица. Сепак, најголемо внимание се посветува на работниот ангажман на затворениците.

Осудените лица работат сообразно со своите физички и психички способности што ги утврдува лекарот на установата. При определувањето на работното ангажирање, имајќи ги предвид можностите на установата, ќе се води сметка и за желбата на осуденото лице за вршење определени работи.[124]

Работата на осудените лица, по правило, се организира и се врши во установата.[125] Работно ангажираните осудени лица во установата може да вршат работи од областа на земјоделството, сточарството, работи во работилници од различен вид, одржување на зелените површини, одржување на хигиената во службените простории, пералницата, кујната, магацините, парното греење и слично.[126]

Во зависност од работата што ја извршуваат, на осудените лица што се работно ангажирани им се обезбедуваат работна облека и потребни средства за заштита при работа. Сите осудени лица што се работно ангажирани се задолжени со работната облека, алатот и другите средства за работа, за кои се води посебна евиденција.[127]

Осудените лица се должни одговорно и совесно да ги извршуваат работните задачи што им се дадени. При извршувањето на работните задачи, осудените лица се должни да постапуваат според упатствата и дадениот налог од службените лица. Осудените лица што се работно ангажирани се должни грижливо да ги чуваат и да ги одржуваат средствата, опремата и алатите со кои работат. За секое намерно или оштетување со крајно невнимание на средствата за работа, штетата се надоместува од страна на осуденото лице согласно правилата за надоместување материјална штета од Законот за облигационите односи.[128]/[129]

Во затворените одделенија на установите, во зависност од потребите и можностите во установата, осудените лица може да бидат работно ангажирани во просториите во кои се сместени.[130]

Осудените лица со третман на отворено одделение може да работат и надвор од установата. Осудените лица со третман на полуотворено одделение може да работат повремено и под надзор во правни лица и други институции, доколку се обезбедени

---

[124] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), член 164.
[125] *Ibid.*, член 165 став 1.
[126] Куќен ред за осудените лица што издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа, јуни 2020 година, Министерство за правда, Управа за извршување санкции, член 27.
[127] *Ibid.*, член 29.
[128] *В. Закон за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/01, 04/02, 05/03, 84/08, 81/09, 161/09 и 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 154/23)*
[129] Куќен ред за осудените лица што издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа, јуни 2020 година, Министерство за правда, Управа за извршување санкции, член 30.
[130] *Ibid.*, член 28.

услови за извршување на казната затвор определени со овој закон и доколку се обезбедени минимални технички услови за работа. Осудени лица што започнале со користење погодности надвор од установата може да бидат работно ангажирани на работни места што се надвор од кругот на установата, а кои се во составот на самата установа. Лицето осудено на казна затвор до шест месеци за кривично дело што не е поврзано со природата на работата може во текот на работното време да работи во правното лице каде што работело пред издржувањето на казната. Согласност за работа на осудените лица, надвор од установата, им дава директорот на Управата, а по добиената согласност, директорот на казнено-поправната установа склучува договор со правното лице, односно институцијата и му обезбедува писмена согласност на осуденото лице.[131]

По претходно доставен предлог од секторот за ресоцијализација, директорот на установата одлучува за работното ангажирање на осуденото лице, распоредувањето на работно место, видот на работните задачи што треба да ги извршува осуденото лице, почетокот и завршувањето на работното време. Осуденото лице може да биде работно ангажирано надвор од установата, односно да биде работно ангажирано кај работодавач или да врши сопствена дејност доколку се исполнети условите од Законот за извршување на санкциите и Упатството за условите, начинот и постапката за работно ангажирање осудено лице надвор од установата.[132]

### Работно ангажирање осудено лице надвор од установата

Условите, начинот и постапката според кои осудено лице што издржува казна затвор може да биде работно ангажирано надвор од установата се пропишани со Упатство за условите, начинот и постапката за работно ангажирање осудено лице надвор од установата.[133]

### Услови според кои осудено лице што издржува казна затвор може да биде работно ангажирано надвор од установата

Осудено лице може да биде работно ангажирано надвор од установата, односно да биде работно ангажирано кај работодавач или да врши сопствена дејност доколку:

- *има согласност од осуденото лице да биде работно ангажирано надвор од установата;*

[131] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), член 165 став 2-5.
[132] Куќен ред за осудените лица што издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа, јуни 2020 година, Министерство за правда, Управа за извршување санкции, член 26.
[133] Упатство за условите, начинот и постапката за работно ангажирање осудено лице надвор од установата (јуни 2020 година), член 1 и Упатство за изменување и дополнување на Упатството за условите, начинот и постапката за работно ангажирање осудено лице надвор од установата (март 2023 година).

- осуденото лице на кое му е изречена казна затвор над шест месеци да има издржано најмалку 30 дена по извршената класификација во отворено одделение или веднаш по прогресирањето во отворено одделение;

- на осудено лице му е изречена казна затвор до шест месеци веднаш по извршената класификација во отворено одделение или веднаш откако осуденото лице прогресирало во отворено одделение;

- *остатокот од казната затвор да изнесува најмногу три години за примарни сторители на кривично дело и за лица претходно осудувани на казна затвор;*

- *осуденото лице има добра здравствена состојба, добро поведение, изградено чувство на одговорност и го почитува куќниот ред на установата;*

- *природата на работата што ќе ја извршува осуденото лице надвор од установата да не биде поврзана со стореното кривично дело и*

- *против осуденото лице не се води друга кривична постапка и*

- *адресата каде што осуденото лице ги извршува работните задачи во правното лице – работодавач да биде оддалечена од казнено-поправната установа најмногу до 40 километри.*[134]

*Начин и постапка според кои осудено лице што издржува казна затвор може да биде работно ангажирано надвор од установата. Согласност за работа надвор од установата дава директорот на Управата за извршување санкции врз основа на:*

- *барање од правно лице или институција за работно ангажирање на осуденото лице, во кое се наведува видот на работното место каде што ќе биде работно ангажирано осуденото лице и местото каде што ќе ги извршува работните задачи или доказ за извршување на сопствената дејност и местото каде што ќе ја извршува дејноста;*

- *податоци за адресата на работодавачот на местото на кое осуденото лице ќе ги извршува работните задачи и оддалеченоста на работодавачот од казнено-поправната установа;*

- *изјава од осуденото лице дека се согласува да биде работно ангажирано надвор од установата и дека доколку биде работно ангажирано, ќе се воздржува од сторување каков било вид кривично дело;*

- *податоци за видот на кривичното дело, висината на изречената казна затвор, почетокот и истекот на казната затвор, податоци за поранешна осудуваност и дали против осуденото лице се води друга постапка или му е изречена друга казна затвор;*

- *мислење од стручниот тим на установата за степенот на реализација на индивидуалната програма за третман, податоци од извршената процена на ризик,*

[134] *Ibid.*, член 2.

*извештај од здравствената состојба, податоци за дисциплинска одговорност на осуденото лице.*[135]

Документацијата се поднесува до директорот на Управата за извршување санкции преку директорот на установата во која осуденото лице ја издржува казната затвор. Директорот на Управата за извршување санкции ги испитува наводите во поднесената документација и донесува одлука во рок од осум работни дена од денот на нејзиниот прием.[136]

Договорот за работно ангажирање на осуденото лице надвор од установата го потпишува директорот на установата по претходна согласност на директорот на Управата за извршување санкции. Еден примерок од Договорот се доставува до Управата за извршување санкции поради евиденција.[137]

Договорот за работно ангажирање на осуденото лице надвор од установата, покрај општите одредби, треба да содржи и одредби за: работното место и детален опис на работните задачи на осуденото лице; местото и адресата каде што осуденото лице ќе ги извршува работните задачи; денови во месецот во кои ќе се извршува работата, односно дејноста; работно време на осуденото лице, но не подолго од 40 часа неделно; висина на месечен паричен надоместок; број на жиро-сметка на договорните страни; обврска на правното лице или институцијата еднаш месечно да доставува извештај за однесувањето на осуденото лице на работното место каде што е ангажирано, за исполнувањето на работните задачи и за редовноста на работното место и околностите под кои ќе се раскине договорот за работно ангажирање на осуденото лице.[138]

Директорот на установата е должен да формира Комисија за контрола на осудените лица на работните места на кои се ангажирани. Комисијата е од променлив состав од тројца членови што се избираат секој месец од страна на директорот на установата. Комисијата е должна да врши контрола на работно ангажираните осудени лица најмалку двапати месечно.[139]

Комисијата е должна да изготвува месечен извештај за извршените контроли, кој го доставува до директорот на установата. Месечниот извештај за извршени контроли треба да содржи податоци за правното лице, работодавач каде што е извршена контролата и име и презиме на осуденото лице што е работно ангажирано, податоци за тоа дали осуденото лице го почитува работното време каде што е ангажирано, исполнувањето на работните задачи и редовноста на работното место. Месечниот извештај се доставува и до Управата за извршување санкции до 10-ти во тековниот месец за претходниот месец поради евиденција.[140]

Договорот за работно ангажирање на осуденото лице надвор од установата ќе се раскине доколку: против осуденото лице е изречена дисциплинска казна за потежок

[135] *Ibid.*, член 3.
[136] *Ibid.*, член 4.
[137] *Ibid.*, член 5.
[138] *Ibid.*, член 6.
[139] *Ibid.*, член 7.
[140] *Ibid.*, член 8.

дисциплински престап или е покрената кривична постапка; не се почитуваат договорните обврски на осуденото лице или од страна на правното лице, односно институцијата; осуденото лице не биде пронајдено на работното место при вршење контрола од страна на Комисијата или при надзор од страна на службени лица од Управата за извршување санкции, и правното лице или институцијата каде што е работно ангажирано осуденото лице не доставува месечен извештај согласно чл. 6 став 1 алинеја 7 од ова упатство или оневозможува да се спроведе контрола од страна на Комисијата или при надзор од страна на службени лица од Управата за извршување санкции.[141]

### Работно време на осудените лица

Полното работно време на осудените лица е 40 часа неделно. По исклучок, полното работно време на осудените лица може да трае и повеќе од 40 часа неделно, во случаите и под условите определени со закон. Надвор од полното работно време, осудените лица може да работат најмногу до два часа дневно на работи потребни за одржување на хигиената и на други тековни работи неопходни за нормален живот во установата. На осудените лица што посетуваат настава по основно или средно образование им се скратува траењето на полното работно време.[142]

### Право на надоместок за работата

Осудените лица имаат право на надоместок за работата. Висината на надоместокот се определува во зависност од видот, количеството и квалитетот на производот и на работата што ја остварило осуденото лице, неговата острученост за извршување на тој вид работа, ангажираноста во работата и придонесот за намалување на трошоците во производството. За надоместокот и наградите за работа на осудените лица не се плаќаат данок и други придонеси.[143]

Со Правилникот за определување на надоместокот и наградата за работа на осудените лица, како и за лицата што без своја вина не работат се определуваат надоместокот и наградата за работа на осудените лица, како и за лицата што без своја вина не работат и им се обезбедуваат најнеопходни средства за задоволување на личните потреби.[144]

При утврдувањето на бруто-добивката, како расходи ќе се сметаат и расходите направени во врска со дополнителната исхрана и хигиена, облека и превоз до и од работа на осудените лица, надоместокот и наградата, како и другите расходи за осудените лица што се во функција на процесот на работата.[145]

---

[141] *Ibid.*, член 9 и 10.
[142] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), член 166.
[143] *Ibid.*, член 167.
[144] Правилник за определување на надоместокот и наградата за работа на осудените лица, како и за лицата што без своја вина не работат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/19 и 220/19), член 1.
[145] *Ibid.*, член 3.

На осудените лица што работат, еднаш месечно им се исплаќа аконтација на надоместокот за извршената работа. Висината на аконтација на надоместокот се утврдува врз основа на сложеноста и одговорноста на работното место.[146]

Висината на месечната аконтација на надоместокот се зголемува, односно се намалува во зависност од степенот на остварувањето на планираното производство, односно работа, како и од другите критериуми што служат за утврдување на висината на надоместокот. Во зависност од ангажираноста во работата, придонесот во намалувањето на трошоците на работењето и квалитетот на извршената работа, основата на месечната аконтација се зголемува, односно се намалува до 25 % од основицата на просечно остварениот надоместок за работа.[147]

Од надоместокот за работа, осуденото лице може да искористи 70 % за задоволување на личните потреби, а остатокот од 30 % се чува како депонирани средства во установата и му се предава на осуденото лице при отпуштањето од издржувањето на казната или, пак, по негово барање во текот на издржувањето на казната, му се дава на неговото семејство.[148]

Награда добиваат осудените лица што постигнуваат особени резултати во работата и со својот однос кон работата позитивно влијаат врз работното ангажирање на другите осудени лица.[149]

На осудените лица што оствариле право на непрекинат одмор им се исплатува надоместок за работа во висина од просечниот надоместок остварен во претходните единаесет месеци.[150]

Осудените лица што без своја вина се времено неспособни за работа поради болест имаат право на надоместок од средствата остварени од работа на осудените лица, со соодветна примена на општите прописи за здравствено осигурување.[151] На овие лица, установата им ги обезбедува најнеопходните средства за задоволување на личните потреби.[152]

---

[146] *Ibid.*, член 4.
[147] *Ibid.*, член 5.
[148] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), член 169. Куќен ред за осудените лица што издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа, јуни 2020 година, Министерство за правда, Управа за извршување санкции, член 31.
[149] Правилник за определување на надоместокот и наградата за работа на осудените лица, како и за лицата што без своја вина не работат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/19 и 220/19), член 6.
[150] *Ibid.*, член 7.
[151] В. Закон за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16, 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 77/21, 285/21, 60/23, 154/23 и 209/23).
[152] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), член 166. Правилник за определување на надоместокот и наградата за работа на осудените лица, како и за лицата што без своја вина не работат („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/19 и 220/19), член 8.

**Право на интелектуална сопственост на осудените лица**

За пронајдоци и технички унапредувања остварени во текот на издржувањето на казната, на осудените лица им припаѓаат правата според општите прописи.[153]

**Право на годишен одмор на осудените лица**

Осудените лица што за време на издржувањето на казната работеле повеќе од шест месеци, вклучувајќи го и времето за лекување поради повреда на работа или професионална болест, имаат право на непрекинат одмор во текот на една година според општите прописи. Доколку не е определено поинаку, одморот се користи во посебни простории на установата. Престојот во овие простории во текот на годишниот одмор треба да биде организиран така што ќе му овозможува опуштање, рекреација и одмор на осуденото лице. За време на користењето на одморот, осуденото лице прима надоместок за работа како да работел.[154]

**Просторни и минимални технички услови за заштита при работа на осудените лица**

Просториите и работилниците во кои работат осудените лица современо се опремуваат. При организирањето на просториите и работилниците се води сметка за еколошка заштита на животната средина, на земјиштето, воздухот и водите од секаков вид загадување.[155]

Осудените лица користат минимални технички услови за заштита при работа според општите прописи.[156]

---

[153] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), член 170. В. Закон за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16) и В. Закон за индустриската сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/09, 24/11, 12/14, 41/14, 152/15, 53/16, 83/18 и 31/20).

[154] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), член 171. Куќен ред за осудените лица што издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа, јуни 2020 година, Министерство за правда, Управа за извршување санкции, член 32. В. Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), член 137–139.

[155] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), член 172. В. Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2005, 81/2005; 24/2007; 159/2008; 83/2009 и 48/2010) и В. Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21).

[156] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), член 172. В. Закон за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20) и В. Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), член 32 и 42.

**Право на инвалидско осигурување за несреќа на работното место или професионална болест на осудените лица**

Осудените лица имаат право на инвалидско осигурување за несреќа на работното место или професионална болест (в. член 122, ЗИС).[157]

*Табела: Број на осудени лица на кои им била дадена согласност за работно ангажирање надвор од КПУ, според КПУ, во периодот 2019 – 2022[158]*

| Казнено-поправна установа | 2017 | 2018 | 2019 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| **КПД Идризово** | **18** | **15** | **29** | **32** | **37** |
| **КПД Штип** | **4** | **4** | **1** | **0** | **0** |
| **КПД од отворен вид Струга** | **19** | **25** | **20** | **37** | **19** |
| **Затвор Скопје** | **17** | **13** | **22** | **39** | **46** |
| **Затвор Тетово** | **26** | **19** | **17** | **27** | **21** |
| **Затвор Куманово** | **19** | **2** | **20** | **13** | **18** |
| **Затвор Битола** | **11** | **8** | **5** | **10** | **7** |
| **КПД Прилеп** | **12** | **11** | **11** | **6** | **9** |
| **Затвор Струмица** | **21** | **16** | **11** | **27** | **11** |
| **Затвор Гевгелија** | **11** | **13** | **19** | **15** | **22** |
| **Затвор Охрид** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Вкупно** | **159** | **126** | **155** | **206** | **190** |

Ако се направи анализа според КПУ, каде што се дадени согласности за работа надвор од установата во периодот 2017 – 2022 година, се забележува дека тенденција на зголемување на дадените согласности има во Затвор Скопје (од 17 на 46), во КПД Идризово (од 18 на 37), Затвор Гевгелија (од 11 на 22). Поголемо намалување има единствено во Затвор Струмица (од 21 на 11).

### *4.2.2. Работно ангажирање на осудените лица во казнено-поправните установи во Република Северна Македонија*

[157] Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24), член 172. В. Закон за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22 и 79/23) и В. Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), член 32 и 42.

[158] Извор: Годишни извештаи на Управата за извршување на санкции, достапни на: https://uis.gov.mk/zakoni/

Регулативата за работата како облик на третман на осудените лица согласно извршното казнено право на нашата држава е целосна и комплементарна со меѓународните документи што се однесуваат на правата и положбата на осудените лица. Сепак, во пракса одредбите не се имплементираат докрај доследно. Оттука, во пенитенцијарната практика, казнено-поправните установи се соочуваат со одредени проблеми во имплементацијата и спроведувањето на работата како најзначаен облик на третман на затворениците во насока на нивна успешна ресоцијализација и реинтеграција назад во општеството.

Со цел да ја согледаме реалната состојба на терен и за да се изведат соодветни заклучоци и да се дадат релевантни препораки за унапредување на анализираната проблематика за работно ангажирање на осудените лица, побарани се податоци од сите казнено-поправни установи (КПУ) преку Управата за извршување санкции (УИС).[159]

Нагласуваме дека добиените податоци не се унифицирани, односно не е следена иста методологија на собирање и доставување податоци. Исто така, користени се и достапните годишни извештаи на УИС за состојбата и работењето на КПУ и ВПУ во РСМ. Сепак, достапните податоци се систематизирани и од нивната анализа произлегоа одредени заклучоци, констатации, предлози и препораки.

Понатаму во студијата ги претставуваме резултатите сумарно за сите КПУ и за секоја КПУ одделно. Сметаме дека поради методолошки ограничувања на прибрани податоци, некои од податоците треба да се интерпретираат внимателно и дополнително да се потврдат при идно истражување. Исто така, се препорачува КПУ во иднина да водат унифицирана статистика за работното ангажирање на осудените лица. За таа цел, предлагаме УИС да изготви унифициран статистички прашалник што би го пополнувале казнено-поправните установи за секоја тековна година.

Од анализираните податоци за периодот 2019-2023 година може да се заклучи дека од вкупниот просечен број затвореници што издржувале казна затвор во сите КПУ, 2022, во просек, 255 осудени лица биле работно ангажирани во установите, а, во просек, 17 осудени лица биле работно ангажирани надвор од КПУ. Односно, во просек, 67 % од осудените лица што издржувале казна затвор во КПУ во анализираниот период биле работно ангажирани. Во некои КПУ, тој процент се движи од 25 % работна ангажираност на осудените лица, а некои КПУ покажуваат 100 % работна ангажираност на осудените лица. [160]

---

[159] До УИС е доставено барање за следниве податоци: за работниот ангажман на затворениците во казнено-поправните установи во изминатите години, најмалку за период од последни 5 години (2019-2023). И тоа, колку од затворениците биле работно ангажирани во рамките на установите, на кои работни места, дали и колку им е исплатен надоместок. Потоа, колку затвореници биле ангажирани надвор од установата. Најчесто со кои правни лица и од кои сектори се склучуваат договори за работен ангажман на затворениците. Дали КПУ имаат информации, дали по издржана казна затвор, затворениците што биле работно ангажирани го задржале работниот ангажман во правните лица и сл.

[160] Во *анализата* „Работата како облик на третман во насока на успешна ресоцијализација и реинтеграција" се презентирани податоците за секоја КПУ одделно, а целосниот преглед за работната ангажираност на осудените лица по КПУ е достапна на: https://msp.mk/работата-како-облик-на-третман-во-насо/

Сметаме дека овие податоци треба да се земат со резерва со оглед на фактот што во извештаите на Комитетот за превенција од тортура (КПТ),[161] како и извештаите на Националниот превентивен механизам (НПМ),[162] се истакнува дека еден од клучните проблеми со кои се соочуваат нашите КПУ е работниот (не)ангажман на осудените лица. Имено, се истакнува дека состојбата во однос на работата на осудените лица е прилично неповолна. Се истакнува значењето на работниот ангажман на осудените лица како значаен фактор во прилог на ресоцијализацијата. *„Единствено на осудените лица со поблаг режим на третман (полуотворен или отворен третман) им се обезбедува преку работа за да се здобиваат и да ги развиваат работните навики и да се стекнуваат со стручно знаење за работа на слобода... Во поголемиот дел од казнено-поправните установи, осудените лица од затворените одделенија не се работно ангажирани...(што) може да влијаат контрапродуктивно во процесот на ресоцијализација.“*[163/164]

### 4.3.Стручното оспособување и стекнувањето вештини

Во рамките на Стратешката цел 9, НС предвидува мерка за подобрување на просторните и материјално-технички услови за одвивање на образовниот процес и стручно оспособување согласно Препораката на СЕ (89)12, која укажува на тоа дека образованието за затворениците треба да биде како образованието што се обезбедува за слични старосни групи во надворешниот свет, а опсегот на можности за учење треба да биде колку што е можно поширок бидејќи целта на образованието во затвор е да ја развие личноста, имајќи ги предвид социјалниот, економскиот и културолошкиот контекст.[165]

---

[161] Извор: https://www.coe.int/mk/web/cpt/north-macedonia.

[162] Извор: https://ombudsman.mk/%D0%9F%D0%BE%D1%87%D0%B5%D1%82%D0%BD%D0%B0/%D0%9D%D0%9F%D0%9C/%D0%98%D0%97%D0%92%D0%95%D0%A8%D0%A2%D0%90%D0%98/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%BD%D0%B8.aspx.

[163] Council of Europe, CPT/Inf (2021) 8, Report to the authorities of North Macedonia on the visit to North Macedonia carried out by the European Committee for the Prevention of Torture and Inhuman or Degrading Treatment or Punishment (CPT) from 2 to 10 December 2019. https://rm.coe.int/1680a26b8f, пристапено на 24.4.2024 година.

[164] На пример, согласно Извештајот на Комитетот за превенција од тортура од 2019 година, во КПД Идризово, само 91 од 573 затвореници (16 %) во затвореното одделение биле работно ангажирани, и тоа, претежно на работи за дистрибуција на храна, пекарница и амбуланта, како и за различни задачи за одржување. Од друга страна, состојбата на 48 затворенички во КПД Идризово била малку поповолна, бидејќи 35 (73 %) работеле во времето на посетата на КПТ, како помошнички во кујна, хигиеничарки, во пералницата и сл. Во Затвор Куманово, сите 60 затвореници што биле сместени во полуотвореното одделение биле работно ангажирани. Сепак, неколкумина затвореници ѝ кажаа на делегацијата дека биле принудени да работат долги часови ископувајќи го блискиот резервоар за вода со локалната компанија под закана дека нема да добијат отсуство како погодност. Понатаму, тие се пожалиле дека не им се исплаќале дополнителните часови што биле принудени да ги работат. Во Затвор Скопје и КПД Штип, на затворениците класифицирани во отворено и полуотворено одделение им бил понуден работен ангажман, но не и на затворениците класифицирани во затвореното одделение. 107 затвореници од полуотвореното одделение во КПД Штип работеле во локалната фарма во близина на установата. *Ibid.*

[165] https://rm.coe.int/09000016804c858f; https://www.epea.org/council-of-europe-recommendations-on-education-in-prison/.

Законот за стручно образование и обука[166] ги уредува организирањето, структурата и управувањето на системот на стручното образование и обука, а со стручно образование и обука, кои се дел од системот на образованието, се обезбедува индивидуален развој на личноста преку стекнување компетенции, знаења и вештини што се неопходни за вклучување на пазарот на трудот или продолжување на образованието.

Во КПУ може да бидат организирани различни форми на стручно оспособување на осудените лица, и тоа во вид на курсеви, семинари, практична работа и сл., согласно општите прописи за стручно оспособување. И меѓународните документи упатуваат на тоа дека управата на затворските установи и другите надлежни органи треба да понудат и стручно оспособување што ќе биде во согласност со индивидуалните потреби за третман на затворениците и кои ќе имаат полза од тоа.

Стручното оспособување и обука за стекнување вештини може да бидат организирани како форма на ангажман во рамките на третманот на осуденото лице во КПУ, а доколку се исполнети законските услови, осуденото лице може да се стекне и со сертификат што ќе може да го користи по напуштањето на установата. Проблем се појавува кај осудените лица што се неписмени или немаат оформено основно образование, бидејќи наведениот закон како предуслов пропишува дека стручно може да се оспособува само лице што има оформено основно образование.

Како во однос на образованието, така и во однос на стручното оспособување постои системски проблем во нашите установи, бидејќи не се спроведуваат континуирано стручно оспособување и обука. Најчесто, различните видови стручно оспособување и обуки се организираат од страна на домашни и странски организации, а најпозитивни искуства КПУ имаат со обуките спроведени со поддршка на Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP). Токму поради ова, и во НС во рамките на слабите страни на пенитенцијарниот систем посебно е наведено дека не се спроведува Стратегијата за обука и дека нема системско споделување на добиените знаења.

### 4.4.Здравствената заштита на осудените лица

Системот на здравствена заштита е поставен на тој начин што во установите повеќе нема вработени лекари, туку тие се вработени во медицински установи, а дел од дејноста ја вршат во КПУ. Ваквиот пристап до здравствената заштита се задржа и со новата НС, иако во меѓувреме се појавија низа проблеми и практични тешкотии.

Во рамките на слабите страни, во НС е наведена здравствената заштита, загрижувачки нискиот број на здравствен персонал, но и потребата од изнаоѓање долгорочното решение за лекување зависници од дрога.

---

*[166] „Службен весник на РСМ“ бр. 71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13, 41/14, 145/15, 55/16 и 64/18 и 275/19.*

Обезбедувањето ефективна здравствена заштита е особено важен аспект за третманот на осудените лица, но успехот на неговото остварување зависи од меѓусекторската соработка, која не е секогаш на задоволително ниво во нашата држава.

Дел од КПУ имаат солидно опремени ординации, но поради отсуство на лекари, тие остануваат неискористени. Во дел од КПУ почесто се присутни лекар, стоматолог, некаде и психијатар, но, во основата, овој вид ангажиран кадар во КПУ недостига и не е мотивиран да работи со осудени лица.

Поради ваквиот систем, КПУ се упатени на соработка со центрите за јавно здравје во општината каде што се наоѓа установата и преку соработка со овие центри за јавно здравје се договара динамиката на присуство на лекар во установата.

Во рамките на здравствената заштита понекогаш се појавува и проблем со недостигот на лекови со кои се соочуваат КПУ, а тоа е сериозен проблем особено кога станува збор за седативи, метадонска терапија и сл.

### 5. *Состојбата со децата осудени на казна затвор за деца во Затвор Охрид*

Во годишните извештаи на УИС во однос на КПУ се содржани и податоци за децата сместени во Затвор Охрид, како единствена КПУ за деца во нашата држава.

Од достапните податоци, дел од нив содржани и во претходно наведените табели, произлегуваат карактеристиките на децата на кои им е изречена казна затвор за деца во текот на анализираниот период.

Според возраста, во периодот од 2017 до 2022 година имало вкупно 28 деца што издржувале казна затвор за деца.

Во текот на овие осум години, вкупно 28 деца на возраст од 16 до 18 години биле сместени во установата како новопримени. Најголем број новопримени деца се евидентирани во 2015 година (13), а потоа следи 2018 со 10 нови случаи. Во последните години, бројот на новопримени деца континуирано се намалува, достигнувајќи нула во 2022 година, што укажува на потенцијално значајни промени во судската пракса, примената на алтернативни мерки или подобрена примарна и секундарна превенција.

Во однос на годишната состојба на 31 декември, бројот на деца кои во тој момент се наоѓале на издржување казна се движел од 6 до 10, со највисока евиденција во 2018 година. И овде се забележува тренд на намалување, така што во 2022 година нема ниту едно дете во установата.

Посебно загрижувачки е податокот што се однесува на претходната осудуваност на децата. Од анализираните податоци, најмалку 7 од децата кои издржувале казна затвор за деца биле повторно осудени, што укажува на извесен степен на рецидивизам во оваа категорија. Иако бројките се мали, тие се значајни во однос на проценката на ефективноста на ресоцијализациските и рехабилитациските програми.

Сумирано, иако бројот на осудени деца опаѓа, фактите упатуваат на потреба од засилено внимание кон квалитетот на третманот, ресоцијализацијата и поддршката по издржување на казната, со посебен акцент на алтернативни мерки, поддршка на семејствата и вклучување во образовниот процес. Позитивниот тренд на намалување треба да се одржи и натаму преку мултисекторски пристап, превентивни програми и систематско следење на индивидуалните траектории на децата што доаѓаат во судир со законот.

### *6. Состојбата со децата во судир со законот во ВПД Тетово во Волковија*

На 27.10.2020 година, 12 деца што биле сместени во ВПД Тетово во просториите на КПУ Затвор Охрид и уште едно дете биле преместени во новиот ВПД Тетово во Волковија (во натамошниот текст: ВПД). Сите деца се од машки пол.

Врз основа на добиените податоци од ВПД за потребите на оваа Анализа, ќе може да се добие претстава за состојбата со децата во судир со законот што се сместени во ВПД во периодот 2019 – 2023 година.

#### 6.1.Возраст

Во однос на возраста на децата упатени во ВПД, на следната табела е прикажано колкав е вкупниот број деца што се наоѓаат во ВПД во секоја од годините што се предмет на анализа и притоа вкупниот број од сите години не треба да се гледа кумулативно, затоа што станува збор за воспитно поправен дом, па оттука мерката може да трае од една до пет години, а најдолго до 23-годишна возраст на сторителот.

*Табела 12. Вкупен број на деца во ВПД во периодот 2019 – 2023 година*[167]

| **Возраст** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** |
|---|---|---|---|---|---|
| **14** | **0** | **0** | **1** | **4** | **5** |
| **15** | **0** | **0** | **2** | **3** | **3** |
| **16** | **0** | **1** | **4** | **6** | **5** |
| **17** | **1** | **3** | **2** | **4** | **4** |
| **18** | **3** | **4** | **4** | **3** | **4** |
| **19** | **8** | **9** | **5** | **4** | **2** |
| **20** | **4** | **4** | **4** | **4** | **3** |
| **21** | **2** | **0** | **1** | **1** | **1** |
| **22** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **23** | **0** | **1** | **1** | **0** | **0** |
| **над 23 г.** | **1** | **1** | **0** | **0** | **0** |
| **Вкупно** | **20** | **23** | **24** | **29** | **27** |

[167] Извор: Податоци добиени од ВПД.

Ваквата состојба покажува дека неоправдано беше стравувањето, и кај научната и кај стручната јавност, дека со префрлање на децата од КПУ Охрид во ВПД, нивниот број значително ќе се зголеми поради големите капацитети што ги има ВПД.

Со цел да се добие претстава за учеството на различната возраст во популацијата на деца во ВПД, податоците од Табелата 12 графички се прикажани на Графиконот 17.

*Графикон: Број на деца според возраста во ВПД во периодот 2019 – 2023 година*[168]




Воочливо е дека најголемиот број деца во ВПД се помеѓу 16 и 20-годишна возраст. Она што треба да загрижува е намалувањето на возраста кога децата се упатуваат во ВПД, а, имено, зголемувањето на бројот на деца од 14-годишна возраст. Најголемо намалување има кај бројот на деца од 19-годишна возраст.

## 6.2.Извршено кривично дело

Најголемиот број деца што се упатени во ВПД се повеќекратни сторители на поголем број кривични дела.

---

[168] Извор: Податоци добиени од ВПД.

Трендот на учество на различните видови кривични дела воопшто не е изненадувачки, а, имено, најзастапени се кривичните дела против имотот (кражби, тешки кражби, разбојништва), по кои следуваат кривичните дела против половата слобода и половиот морал (полов напад врз дете и силување), а на трето место се убиствата.

*Графикон: Учество на различните кривични дела сторени од деца во ВПД*[169]




Од графиконот се воочува дека се застапени и кривичните дела на насилство, производство и трговија со дроги и психотропни супстанции, како и со оружје и распрснувачки материјали.

### 6.3.Претходно изречени мерки

Од достапните податоци може да се заклучи дека секоја година во анализираниот период 2019 – 2023 година се зголемува бројот на деца што се упатени во ВПД, а претходно им биле изрекувани воспитни мерки.

Засилен надзор од родител претходно бил изречен само спрема две деца, додека, пак, многу е поголем бројот на деца на кои им била изречена воспитна мерка засилен надзор од социјален орган.

[169] Извор: Податоци добиени од ВПД.

Дел од децата претходно биле во воспитна установа и тоа во ЈУ „Ранка Милановиќ“ и во „25 Мај“, а има и едно дете што од „11 Октомври“ прво било во ЈУ „Ранка Милановиќ“, за потоа да биде упатено во ВПД.

Не е мал бројот на деца што претходно биле сместени во мал групен дом, па потоа биле упатени во ВПД (најголем дел за сторени имотни кривични дела). На едно дете прво му бил изречен укор, па било сместено во мал групен дом, за на 17-годишна возраст да биде упатено во ВПД.

Најмладите штитеници во ВПД се деца што се примени со навршени 14 години, од кои едно е примено во 2021 година за силување, тројца се примени во 2022 година за повеќе сторени кривични дела, меѓу кои и разбојништво, оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем, неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и експлозивни материи. Има и случаи на деца што прво биле сместени во мал групен дом, па им била изречена воспитна мерка засилен надзор од социјален орган, па потоа биле упатени во ВПД.

Дете повеќекратен сторител на тешки кражби, откако било сместено во ВПД, било осудено на казна затвор и упатено на издржување затвор во КПУ. Според евиденцијата, две деца, пред да дојдат во ВПД, биле во притвор (за кривично дело силување, разбојништво), односно во куќен притвор (за полов напад врз дете што не навршило 14 години). Примарни сторители се сторителите на кривичното дело убиство, од кои најмладиот има 16 години, а другите се на возраст од 19 или 20 години.

### 6.4.Сместување деца од женски пол во ВПД

Во 2021 година, со цел согледување на ситуацијата со женските деца на кои им е определена воспитната мерка упатување во ВПД, а кои се сместуваат во ВПД за женски лица во КПД Идризово, Народниот правобранител при посетата на оваа установа утврдил дека овие девојчиња се во постојан непосреден контакт со возрасни осуденички што издржуваат казна затвор.

Притоа, НП им укажал на одговорните лица во установата за наоѓање решение за преместување на женските деца во друга соодветна установа што ќе ги исполнува законските критериуми со цел успешно остварување на процесот на воспитување и превоспитување на овие девојчиња.

Народниот правобранител до надлежните органи упатил и препораки за соодветни измени во ЗИС во насока на исклучување на можноста за сместување женски деца во КПД Идризово.

Ваквиот предлог, своја рефлексија најде во најновиот предлог ЗИД на ЗИС, каде што е наведено дека воспитно-поправна установа е Воспитно-поправниот дом Тетово за машки и женски лица, а таа одредба има одложена примена и се планира да започне да се применува најдоцна во рок од 3 години од влегувањето во сила на измените и дополнувањата на ЗИС.

## V. Рецидивизам и казнена статистика

### *1. Статистички податоци за рецидивизам*

Рецидивизмот останува клучен предизвик во напорите за ефикасна ресоцијализација и реинтеграција на поранешните осудени лица. Според податоците од основната студија изработена во 2022 година, заснована на петгодишна анализа (2017–2021), просечната стапка на рецидивизам во казненоправна смисла изнесувала 18%. Односно, од вкупниот број осудени лица (во просек, 6 165), во просек, 1 112 се рецидивисти. Во услови кога бројот на вкупно осудени лице опаѓа во 2018 година, стапката на рецидивизам бележи пораст од 32 единици или за 6 %. Сличен тренд се забележува и во 2021 година во однос на претходната година. Иако на прв поглед оваа бројка не изгледа алармантно, подеталната анализа открива структурни проблеми во системот на поддршка по издржување на казната затвор.

Во периодот од седум години, од 2017 до 2023, податоците на Државниот завод за статистика покажуваат дека стапката на рецидивизам меѓу осудените полнолетни лица флуктуира, но се задржува на релативно високо ниво. Од вкупниот број на осудени лица секоја година, значаен процент се лица кои веќе биле осудувани претходно, што укажува на недоволна ефикасност на третманските и ресоцијализациските мерки.

Особено загрижувачки е тоа што, според податоците од Управата за извршување на санкциите, дури 53% од лицата што издржувале казна во казнено-поправните установи биле рецидивисти. Ова значи дека секој втор затвореник во просек претставувал лице со претходни осуди. Највисока стапка на пенолошки рецидивизам е забележана во 2018 година (55%), а најниска во 2021 (49%), што сепак останува висока бројка и сигнал за системска ранливост.

*Табела: Осудени полнолетни лица, поранешни осуди (2017-2023)*[170]

| Година | Вкупно осудени | Порано осудувани | % порано осудувани |
|---|---|---|---|
| 2017 | 6273 | 940 | 15.0 |
| 2018 | 5857 | 1242 | 21.2 |
| 2019 | 4712 | 980 | 20.8 |
| 2020 | 6351 | 995 | 15.7 |
| 2021 | 7634 | 1404 | 18.4 |
| 2022 | 7769 | 1541 | 19.8 |
| 2023 | 6528 | 1408 | 21.5 |

[170] Извор: Државен завод за статистика. Достапно на: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Sudstvo__ObvinetiOsudeniStoriteli/425_SK2_Mk_T18_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Новите податоци за 2022 и 2023 покажуваат загрижувачки тренд на раст:

- во 2022 – 1.541 лица (од 7.769) се рецидивисти, односно 19,8% и
- во 2023 – 1.408 лица (од 6.528) се рецидивисти, што претставува највисока вредност во анализираниот период: 21,5%

И покрај тоа што вкупниот број осудени во 2023 година опаѓа (од 7.769 на 6.528), процентот на лица со претходна осуда расте, што укажува на:

- зголемена концентрација на повратници во системот;
- неуспешна ресоцијализација;
- ограничена или недоволна постпенална поддршка;
- или комбинација од повеќе социјални, економски и институционални фактори.

Наместо да се намалува, рецидивизмот се стабилизира на високо ниво, а во 2023 дури достигнува највисока вредност (21,5%), што ја потврдува потребата за итна интервенција и подобрување на системот за поддршка по отпуштање од затвор.

Од вкупниот број порано осудувани лица, најголем број се осудувани за истовидни дела (во просек, 40 %) (специјален поврат) и за други дела (во просек, 39 %) (генерален поврат), иако овие бројки варираат во текот на годините. Во просек, 21 % се повторно осудени за истовидни и за исти дела. Податоците потврдуваат дека тие се специјализираат за вршење одреден вид кривични дела (во најголемиот број случаи, имотен криминалитет) или вршат најчесто два вида кривични дела (најчесто имотни деликти и дела против животот и телото). Оттука, за превенирање на идното рецидивирање, постпеналната помош треба да се насочи кон помош на овие лица во насока на наоѓање вработување затоа што токму невработеноста е силен прогностички фактор за повторно запаѓање во криминал. [171]

Во 2022 и 2023 година се задржува висок процент на повторно осудени лица за истовидни дела (специјален поврат) и други дела (генерален поврат), што упатува на стабилен образец на рецидивирање. Во 2022 година, од вкупно 1.541 рецидивисти, 30,3% повторно извршиле истовидни дела, 45% сториле други дела, додека 24,6% биле осудени и за истовидни и други дела. Во 2023 година, од вкупно 1.408 порано осудени лица, 41% се враќаат со истовидни дела, 28% со други, и 30,7% со комбинација од двете.

Овие податоци го потврдуваат трендот од претходните години: значителен дел од рецидивистите или се специјализираат за одреден вид криминалитет, најчесто имотни деликти, или влегуваат во посложен профил на криминално однесување каде што комбинираат различни видови на кривични дела.

Овој тип на стабилен криминолошки профил уште еднаш ја нагласува важноста на прилагодена, индивидуализирана постпенална поддршка, со акцент на активно

[171] Груевска-Дракулевски, А. (2016) „Затвор и рецидивизам“, Скопје: „Студиорум“ – Центар за регионални истражувања и соработка.

посредување при вработување, социјално советување и континуирана институционална грижа. Имајќи предвид дека речиси секој четврти рецидивист во 2023 година бил осуден за повеќе типови на дела, постои зголемен ризик од повторно навлегување во криминален круг ако не се обезбеди соодветен надзор и рехабилитациски капацитет.

*Табела: Осудени полнолетни лица, поранешни осуди, вид на поврат (2017-2023)*[172]

| Година | Вкупно осудени | Порано осудувани | За истовидни дела | За други дела | За истовидни и други дела | % истовидни | % други | % истовидни и други | % вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2017** | 6273 | 940 | 527 | 337 | 76 | 56.1 | 35.9 | 8.1 | 100.1 |
| **2018** | 5857 | 1242 | 507 | 497 | 238 | 40.8 | 40.0 | 19.2 | 100.0 |
| **2019** | 4712 | 980 | 445 | 345 | 190 | 45.4 | 35.2 | 19.4 | 100.0 |
| **2020** | 6351 | 995 | 324 | 393 | 278 | 32.6 | 39.5 | 27.9 | 100.0 |
| **2021** | 7634 | 1404 | 372 | 625 | 407 | 26.5 | 44.5 | 29.0 | 100.0 |
| **2022** | 7769 | 1541 | 467 | 694 | 380 | 30.3 | 45.0 | 24.7 | 100.0 |
| **2023** | 6528 | 1408 | 578 | 397 | 433 | 41.1 | 28.2 | 30.8 | 100.1 |

Од родов аспект, рецидивизмот е доминантно машка појава. Во просек, 5 % од порано осудуваните лица се жени, а високи 95 % се мажи, додека, пак, што се однесува до вкупниот број осудени лица, во просек, 8 % се жени, а 92 % се мажи. Овие вредности се конзистентни во периодот 2017–2023, при што најниска родова застапеност кај рецидивистките е забележана во 2019 година (4,4 %), а највисока во 2021 и 2023 (5,3 %). Слично, кај вкупно осудените лица жените учествуваат со најмногу 8,8 %, а мажите со стабилни над 91 %.

*Табела: Осудени полнолетни лица, поранешни осуди, пол, според години*[173]

172 Извор: Државен завод за статистика. Достапно на: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Sudstvo__ObvinetiOsudeniStoriteli/425_SK2_Mk_T18_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

173 Извор: Државен завод за статистика. Достапно на: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Sudstvo__ObvinetiOsudeniStoriteli/425_SK2_Mk_T18_ml.px/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

| Година | Вкупно осудени - Вкупно | Вкупно осудени - Жени | Вкупно осудени - Мажи | Порано осудувани - Вкупно | Порано осудувани - Жени | Порано осудувани - Мажи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017 | 6273 | 550 | 5723 | 940 | 49 | 891 |
| 2018 | 5857 | 419 | 5438 | 1242 | 59 | 1183 |
| 2019 | 4712 | 410 | 4302 | 980 | 43 | 937 |
| 2020 | 6351 | 558 | 5793 | 995 | 52 | 943 |
| 2021 | 7634 | 664 | 6970 | 1404 | 75 | 1329 |
| 2022 | 7769 | 758 | 7011 | 1541 | 63 | 1478 |
| 2023 | 6528 | 568 | 5960 | 1408 | 48 | 1360 |

Според податоците за корисници на социјална заштита по отпуштањето од казнено-поправна установа, кои се особено значајни за анализата на (не)примената на постпеналната помош во нашата земја.

Согласно податоците од Државниот завод за статистика во периодот 2017-2020 година, во просек, 225 возрасни лица користеле социјална заштита по отпуштањето од казнено-поправна установа. Од нив, во просек, 14 биле жени. Најмногу, во просек, 115 возрасни лица што користеле социјална заштита по отпуштањето од казнено-поправна установа биле на возраст од 26 до 45 години, по што следува возрасната група 22-25 години (во просек, 51 лице), потоа 42 лица на возраст од 46 до 59 години, 11 лица на возраст од 18 до 21 година, 6 лица на возраст од 60 до 65 години и едно лице на возраст над 65 години.

*Табела: Полнолетни возрасни лица, корисници на социјална заштита по отпуштањето од казнено-поправна установа, според полот и возраста, 2017-2023 година*[174]

| Возрасно лице по отпуштањето од казнено-поправна установа | | Вкупно | Возраст | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 18-21 | 22-25 | 26-45 | 46-59 | 60-65 | 65 + |
| **2023** | Вк | 242 | 2 | 18 | 85 | 134 | 3 | - |
| | Жени | 12 | 2 | 4 | 4 | 2 | - | - |
| **2022** | Вк. | 161 | 9 | 30 | 68 | 45 | 9 | - |

[174] Извор: Државен завод за статистика. Достапно на: https://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija.aspx?id=22&rbr=881

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Жени | 13 | 5 | - | 5 | 2 | 1 | - |
| **2021** | Вк | 175 | 15 | 38 | 59 | 48 | 15 | - |
| | Жени | 15 | - | 5 | 3 | 5 | 2 | - |
| **2020** | Вк. | 150 | 12 | 54 | 35 | 35 | 14 | - |
| | жени | 7 | - | 2 | 1 | 4 | - | - |
| **2019** | Вк. | 242 | 8 | 42 | 144 | 45 | 3 | - |
| | жени | 17 | - | 7 | 10 | - | - | - |
| **2018** | Вк. | 286 | 13 | 61 | 146 | 57 | 7 | 2 |
| | жени | 17 | - | 5 | 9 | 1 | - | 2 |
| **2017** | Вк. | 223 | 10 | 48 | 136 | 29 | - | - |
| | жени | 13 | - | 4 | 9 | - | - | - |

Согласно податоците за корисници на социјална заштита по отпуштањето од казнено-поправна установа за периодот 2021–2023 година, се забележува одредена флуктуација во вкупниот број лица кои користеле ваков тип поддршка, со што дополнително се потврдува нестабилноста и ограничениот достап на постпеналната помош во нашата земја. По релативно стабилниот просек од 225 лица годишно во периодот 2017–2020 година, бројките за 2021 и 2022 година покажуваат опаѓање (175 и 161 лице соодветно), додека во 2023 година повторно се бележи пораст до 242 лица, што го изедначува нивото со она забележано во 2019 година. Овој тренд, меѓу другото, може да се објасни со контекстуални социјално-економски фактори, но и со можни административни разлики во идентификацијата и евидентирањето на корисниците на правата од социјална заштита.

Во однос на возрасната структура, останува препознатлива доминацијата на возрасната група од 26 до 45 години, што е очекувано со оглед на тоа дека станува збор за работоспособна популација која, по издржувањето на казната, најчесто се соочува со пречки при вработување и повторна интеграција во заедницата. Сепак, во 2023 година се забележува значаен пораст и кај категоријата од 46 до 59 години, каде се регистрирани дури 134 лица, што е највисока вредност за оваа група во целиот набљудуван период. Истовремено, бројот на млади лица од 18 до 21 година опаѓа, што може да укажува на подобрена поддршка од алтернативни системи или, напротив, на недостиг од достапни податоци и несоодветна идентификација на нивните потреби по отпуштањето.

Половата дистрибуција останува непроменета, жените и понатаму сочинуваат мала, но стабилна група од вкупниот број на корисници. Во 2023 година се регистрирани 12 жени кориснички, што е во рамките на просекот од 14 жени годишно во претходниот период. Жените најчесто се застапени во групата од 26 до 45 години, а нивното отсуство кај категориите 60–65 и над 65 години ја отсликува и натаму присутната нееднаквост во пристапот до институционална поддршка, особено за постарите и маргинализирани кориснички. Отсуството на лица над 65 години, без разлика на пол, упатува на сериозен недостаток на механизми за систематско следење на оваа категорија и може да се

толкува како показател за институционален вакуум во делот на грижата за поранешни осудени лица во доцната животна доба.

Сумирано, достапните податоци упатуваат на тоа дека системот на постпенална поддршка преку социјалната заштита сè уште функционира на фрагментиран и нерегуларен начин, зависен од административни и временски фактори, без притоа да обезбедува конзистентна и рамномерна грижа за сите категории поранешни осудени лица. Одржливиот пристап кон постпеналната помош би подразбирал не само континуитет во услугите, туку и контекстуализирана, родово и возрасно сензитивна поддршка, која досега, според достапните податоци, изостанува.

## VI. Примена на алтернативни мерки и условно отпуштање

### *1. Законска поставеност на алтернативните мерки*

Согласно Кривичниот законик на Република Северна Македонија (чл. 48-а), алтернативните мерки се воведени како дел од реформите во казненоправниот систем, со цел да се обезбеди похуман, поефикасен и економски одржлив пристап кон казнувањето. Законот ги предвидува следните алтернативни мерки: условна осуда, условна осуда со заштитен надзор, условно прекинување на кривичната постапка, општокорисна работа, судска опомена и куќен затвор. Покрај нив, со воведувањето на електронскиот надзор, како и системот на пробација, започнува процес на продлабочување на мерките што се извршуваат во заедницата.

Целта на овие мерки е да се избегне примената на кратки казни лишување од слобода, особено во случаите каде што тоа не е нужно за остварување на генерална или специјална превенција. Како такви, тие имаат задача да влијаат воспитно, но без изолација на сторителот, овозможувајќи негово останување во заедницата, продолжување на работните и семејните обврски, и активна ресоцијализација.

Иако законски предвидени уште од 2004 година, податоците од судската пракса покажуваат дека најчесто применуван облик на алтернативна мерка е условната осуда, додека другите, како што се општокорисната работа или куќниот затвор, се применуваат исклучително ретко. Ова укажува на потреба за поголема информираност и едукација на судиите, но и за понатамошно развивање на соодветни механизми за нивно извршување.

Во последните години, со донесувањето на Законот за пробација (2019) и неговата имплементација од 2021 година наваму, се воспостави систем за супервизија и третман на сторителите надвор од затворските установи. Овој чекор ја зајакна примената на алтернативните мерки, особено во однос на заштитниот надзор и изрекувањето дополнителни обврски за осудените лица. Пробацијата ја добива функцијата на организиран, структурен одговор на сторителското однесување во заедницата, што треба да доведе до редуцирање на рецидивизмот и олеснета реинтеграција.

Сепак, како што покажуваат анализите, вклучително и проценките на Министерството за правда и Управата за извршување санкции, остануваат предизвици во практичната примена на мерките, особено кај куќниот затвор, условното прекинување на постапката и општокорисната работа. Потребни се дополнителни напори за институционално зајакнување на пробациската служба, зголемување на буџетите, меѓусекторска соработка, како и кампањи за промоција на позитивните ефекти од овие мерки, како кај стручната јавност, така и кај граѓаните.

#### 1.1. Казнена политика и ресоцијализација: стратешки дилеми

Ресоцијализацијата и реинтеграцијата на осудените лица претставуваат суштински дел од современите казнени политики, насочени кон намалување на рецидивизмот и обезбедување на безбедна и хумана транзиција од затворскиот систем кон општеството.

Имено, краткотрајниот престој во затвор најчесто не овозможува вистински третман, туку дополнително ги засилува негативните последици од институционализацијата: социјална изолација, губење на работа, прекин на семејни врски и зголемување на стигматизацијата, што директно го поткопува процесот на ресоцијализација. Конкретно, кратките казни на затвор не само што не придонесуваат за остварување на овие цели, туку во најголем дел го попречуваат процесот на ресоцијализација. Периодот поминат во установа е премногу краток за да се воспостави ефективен третман, додека последиците од институционализацијата и етикетирањето веќе настапуваат. Оттаму, фокусот мора да се премести од прашањето за издржување на кратка казна, кон создавање на ефективни механизми за ресоцијализација и алтернативи кои реално овозможуваат реинтеграција.

Во современите казнени системи, прашањето за ресоцијализација на осудените лица е од централна важност, особено кога се разгледува преку призмата на кратките казни на затвор. Наместо да обезбедат простор за третман и промена, тие произведуваат негативни ефекти и прекин на животната стабилност на лицето, без да дадат шанса за вистинска рехабилитација.

Кратките казни често значат недоволен временски период за институциите да применат индивидуализиран третман или да ангажираат лицето во било каква психосоцијална или работна активност. Дополнително, за време на таквите кратки периоди, лицето е отсечено од своето семејство, работа и социјална средина, што доведува до дополнителни тешкотии при враќањето во општеството.

*2. Условен отпуст: критериуми, постапка и примена*

Условниот отпуст претставува институт што овозможува осуденото лице да биде пуштено од установата пред целосното издржување на изречената затворска казна, под услов да не стори ново кривично дело и да ги исполни другите поставени обврски во периодот на проверување. Тој се заснова врз идејата дека мотивирањето на лицата со казнена историја преку наградување на нивното позитивно однесување во затворската средина може да резултира со трајни позитивни промени и по нивното отпуштање.

Република Северна Македонија го има прифатено дискрециониот модел на условен отпуст и тој преставува можност, а не право на лицето што се наоѓа на издржување казна затвор.

Дискрециониот систем на условен отпуст е разработен во материјалните закони во однос на полнолетни сторители и деца во судир со законот, а постапката е содржана во Законот за извршување на санкциите и во Законот за пробација, каде што се дефинирани критериумите за одлука, постапката, условите за отпуштање, како и обврските и надзорот што може да го следи условното отпуштање. Основните критериуми опфаќаат: издржување определен дел од казната, позитивно поведение на осудениот, исполнување на работните и други третмански обврски во затворот, како и постоење на уверување дека лицето нема да стори ново дело по отпуштањето.

Во однос на објективните услови КЗ пропишува по истек на кој временски период (време поминато на издржување казна затвор) затвореникот може да биде условно отпуштен.

Притоа, правило е осудениот што издржал ½ од изречената казна затвор да може да биде условно отпуштен.

По исклучок, условно може да се отпушти и осуден кој издржал само 1/3 од казната затвор ако посебни околности, што се однесуваат на личноста на осудениот, очигледно покажуваат дека е постигната целта на казнувањето.

Осудениот на казна доживотен затвор условно не може да се отпушти пред да издржи најмалку 25 години казна затвор.

Основен предуслов за добивање условен отпуст е да постои процена дека до истекот на времето за кое била изречена казната затвор, условно отпуштениот:

- *нема да стори ново кривично дело (објективен услов);*
- *се поправил така што основано може да се очекува дека на слобода добро ќе се однесува (субјективен услов).*

Во рамките на материјално-правните услови односно при оцената дали осудениот условно ќе се отпушти се земаат предвид и следниве околности:

- *неговото поведение за време на издржувањето на казната,*
- *извршувањето на работните обврски со оглед на неговата работна способност и*
- *други околности што покажуваат дека е постигната целта на казнувањето.*

Кривичниот законик пропишува во кои случаи може да се отповика условниот отпуст во зависност од тежината на стореното кривично дело додека е на условен отпуст, односно почитувањето на обврските што го чинат заштитниот надзор. Одредбите за отповикување се применуваат и кога на условно отпуштениот му се суди за дело што го сторил пред да биде условно отпуштен. Отповикувањето може да биде задолжително или факултативно.

**Задолжително оптовикување.** Судот задолжително го отповикува условниот отпуст ако осудениот додека е на условен отпуст стори едно или повеќе кривични дела за кои е изречена казна затвор над две години. Притоа, нема место за оцена од страна на судот, туку отповикувањето следува по сила на закон (*ex lege).*

**Факултативно отповикување**. Судот може да го отповика условниот отпуст ако условно отпуштениот стори едно или повеќе кривични дела за кои е изречена казна затвор до две години или ако по две писмени опомени од страна на надлежниот орган не ги исполнува обврските од заштитниот надзор

При оцената дали ќе го отповика условниот отпуст, судот се раководи од следниве околности:

- *сродноста на сторените кривични дела со она/оние што било/е сторено/и*
- *општествената опасност на сторените кривични дела*
- *побудите од кои се сторени кривичните дела и*
- *други околности што укажуваат на оправданоста за отповикување на условниот отпуст.*

Ако по оцена на сите околности судот *одлучи да го отповика условниот отпуст,* со примена на одредбите на КЗ за одмерување на казна за дела во стек и одмерување на казна на осудено лице за кривично дело сторено пред да започнало издржувањето на казната или во текот на издржувањето на казната затвор, ќе ја земе порано изречената казна како веќе утврдена при што делот од казната што осудениот ја издржал според поранешната осуда се засметува во новата казна, а времето поминато на условен отпуст не се засметува. Ако по оцена на сите околности судот *одлучи да не го отповика условниот отпуст*, условниот отпуст се продолжува за времето што осудениот го поминал на издржување на казната затвор.

Во однос на децата во судир со законот, согласно Законот за правда за децата (ЗПД),[175] казната затвор за деца може да се изрече на дете над 16 годишна возраст, кое е кривично одговорно и кое сторило дејство кое со закон е предвидено како кривично дело за кое е пропишана казна затвор од пет години или потешка казна, ако делото е сторено под особено отежнувачки околности и при висок степен на кривична одговорност на сторителот и притоа не би било оправдано да се изрече воспитна мерка.

Судот задолжително го отповикува условниот отпуст ако детето не ги исполнува обврските предвидени со засилениот надзор или ако додека е на условен отпуст стори едно или повеќе дејства предвидени со закон како кривични дела за кои е изречена казна затвор за деца над две години. Основи за факултативно отповикување на условниот отпуст постојат ако детето сторило дејство со закон предвидено како кривично дело за кое му е изречена казна до две години затвор за деца или парична казна. Притоа, судот може да го отповика условниот отпуст, земајќи ја предвид сродноста на сторените дела, нивното значење, побудите од кои се сторени и другите околности што укажуваат на оправданоста за отповикување на условниот отпуст. Штом го отповика условниот отпуст, судот изрекува една казна согласно, земајќи ја порано изречената казна како веќе утврдена. Ако судот не го отповика условниот отпуст, тој се продолжува за времето кое детето го поминало на издржување на казната затвор за деца изречена за новото дело.

[175] Закон за правда за децата, „Службен Весник на Република Северна Македонија“, бр.66/2024 година.

Според Законот за извршување на санкциите (ЗИС),[176] осудените лица се отпуштаат од издржувањето на казната, покрај другите основи,[177] и врз основа на одлука за условен отпуст, како и по одлука на директорот на установата за предвремено отпуштање од издржување на казната.[178]

Осуденото лице се отпушта од издржувањето на казната на денот кога со решението за условен отпуст е определено отпуштањето.

Постапката за условен отпуст се спроведува согласно со Законот за пробација.

**Иницирање на постапка за отпуштање**. Постапката за отпуштање може да ја иницира самото осудено лице или директорот на установата каде што ја издржува казната затвор. Барање за отпуштање по основ на условен отпуст, под услови определени со КЗ, може да поднесе осуденото лице или неговиот брачен/вонбрачен другар, адвокат, роднина по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра и хранител. Предлог за отпуштање на осуденото лице по основ на условен отпуст поднесува и директорот на установата, врз основа на постапка предвидена согласно со Законот за пробација.

**Надлежен орган.** За условно отпуштање на осуденото лице одлучува судот што ја донел пресудата во прв степен во совет составен од тројца судии, кој одлучува надвор од главна расправа. Во решението за условен отпуст се наведува денот на отпуштањето на осуденото лице при што е неопходно да се води сметка за рокот на жалбената постапка.

**Оцена на околностите и извиди од страна на судот.** Пред одлучувањето за условниот отпуст првостепениот суд ги има во предвид писмениот извештај и мислењето на матичниот воспитувач во казнено поправната установа врз основа на кои е даден предлогот за условен отпуст.

Во случај кога до судот е поднесено барање за условен отпуст надлежниот суд може да побара од казнено поправната установа каде што осуденото лице ја издржува казната затвор да достави извештај за однесувањето на осуденото лице во текот на издржувањето на казната затвор и основаноста на поднесеното барање за условен отпуст.

Надлежниот суд бара дополнителни податоци од КП каде што осуденото лице ја издржува казната затвор, а може да се сослуша и осуденото лице и да се побара мислење од матичниот воспитувач на осуденото лице како и судијата за извршување на санкциите за околности што се однесуваат на следниве околности:

- *личноста на осуденото лице,*
- *неговото поведение за време на издржувањето на казната,*
- *извршувањето на работните обврски и за други околности од кои може да се заклучи дали е постигната целта на казнувањето и*

[176] Закон за извршување на санкциите, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24

[177] Како што се: по издржаната казна или по простување на остаток на казната со акт на надлежен орган, чл. 243, ЗИС

[178] Подетално за основите за предвремено отпуштање од установата, види: Љ.Арнаудовски/А.Груевска-Дракулевски, Пенологија – втор дел, оп.цит., стр.224-232.

- *особено дали осуденото лице во иднина нема да врши кривични дела.*

Кога постапката за условен отпуст ја иницирал директорот на установата со предлог, по одлука на судот предлогот го застапува и го образложува матичниот воспитувач во установата каде што осуденото лице ја издржува казната затвор.

**Одржување рочиште.** За предлогот за условен отпуст судот одржува рочиште на кое се повикуваат директорот на установата или лице овластено од него како и осуденото лице кое може да има бранител. По исклучок рочиштето може да се одржи и со помош на електронско-технички средства, кои обезбедуваат двонасочна комуникација во реално време.

**Повторно поднесување барање односно предлог.** Барањето односно предлогот за условен отпуст може повторно да се поднесе по истекот на:

- *шест месеци за казна затвор над една година,*
- *три месеци за казна затвор под една година*

сметани од правосилноста на решението со кое е одбиено претходното барање на осуденото лице, односно предлогот на директорот.

**Доставување на решение.** Решението со кое судот одлучува за условен отпуст се доставува до осуденото лице, членот на семејството што поднел барање за условен отпуст, установата во која осуденото лице издржува казна, надлежната локална пробациска канцеларија и до полициската станица за определено подрачје според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице, ако одлуката е позитивна.

**Право на жалба**. Против решението по барањето за условен отпуст осуденото лице има право на жалба во рок од осум дена до повисокиот суд.

**Отповикување на условен отпуст.** Судот ќе го отповика условниот отпуст по добиено известување од КПУ доколку осуденото лице во периодот до неговото условно отпуштање стори една или повеќе потешки дисциплински повреди во казнено поправната установа.

**Предвремено отпуштање.** Директорот на установата може да го отпушти осуденото лице пред истекот на казната и тоа:

- *најмногу 30 дена за казна затвор до три години,*
- *најмногу 60 дена за казна затвор над три години,*

но само доколку осуденото лице и во двата случаи издржало 9/10 од казната.

Предвремено отпуштање на осуденото лице пред истек на казната може да се изврши ако се исполнети следниве критериуми:

- *осуденото лице во текот на извршување на казната да соработува и да го прифати процесот на ресоцијализација во согласност со одредбите на куќниот ред,*
- *да има позитивно однесување во осуденичката средина,*
- *дисциплинирано и квалитетно да ги извршува поставените работни задачи во текот на работното ангажирање и*
- *да има позитивен однос кон сите вработени во установата, а особено кон непосредниот воспитувач и инструктор.*

Со донесување на Законот за пробацијата, се овозможи имплементација на одредбите од ЗИС кои во однос на извршувањето на условниот отпуст во однос на полнолетните осуденици упатуваат на посебен закон. Имено, согласно Законот во надлежностите на пробациските службеници спаѓа вршењето на заштитниот надзор изречен со условен отпуст.

Пробацискиот службеник во КПУ (којшто е всушност матичниот воспитувач) изработува процена на ризиците и условите за прифаќање на осуденото лице во заедницата, ја утврдува можноста за продолжување на спроведувањето на обврските утврдени со Индивидуалната програма за работа при извршувањето на казната затвор (продолжување на образованието, продолжување на лекување или одвикнување од зависности, продолжување со други посебни програми), прибира и доставува податоци за можноста за сместување и вработување на осуденото лице и прибира и други податоци и соработува со Центрите за социјални работи.

Во рок од 15 дена откако осуденото лице ги исполнило условите за условен отпуст, пробацискиот службеник/матичниот воспитувач изготвува и до директорот доставува писмен извештај за однесувањето на осуденото лице во текот на издржувањето на казната. Ваков извештај се подготвува и по барање на надлежен суд во случај кога до судот е поднесена молба за условен отпуст од страна на осуденото лице.

Природата на писмениот извештај се разликува во зависност од оцената дали осуденото лице треба да биде условно отпуштено или не. Во случај на позитивен извештај, директорот во рок од 15 дена од приемот на извештајот, да поднесе предлог за условен отпуст на осудено лице до судот кој ја донел одлуката во прв степен.

Практичната примена на условниот отпуст во последната деценија бележи постепен пораст, особено по ревизијата на политиките за издржување санкции и охрабрување на пенитенцијарните установи да доставуваат квалитетни предлози до надлежните судови. Дополнителна димензија добива кога се изрекува со заштитен надзор од страна на социјалните служби или пробациската служба, со што се гарантира континуитет на поддршка и следење на отпуштеното лице во заедницата.

Податоците од Управата за извршување санкции укажуваат на зголемена подготвеност на судовите да одобруваат условен отпуст, иако ова не се однесува подеднакво на сите затворски установи. Најчесто, институциите со подобра третманска документација и обучен кадар имаат повисока стапка на одобрени барања. Ова повторно ја отвора потребата од стандардизирана евиденција и евалуација на третманскиот напредок на осудените лица.

Сепак, остануваат проблеми поврзани со недоволната примена на надзорот, недостиг на реинтегративни програми во заедницата, како и високите услови што во пракса го обесхрабруваат отпуштањето, особено кај поранливи групи. Според европските препораки, условниот отпуст треба да биде централна компонента на секоја казнена политика која се стреми кон ресоцијализација, и не смее да се сведе на механички израз на казнена политика или формалност без реална поддршка и следење.

### *3. Условен отпуст со заштитен надзор*

Условниот отпуст со заштитен надзор претставува зајакната форма на предвремено отпуштање од затвор, при што отпуштеното лице не само што мора да се воздржи од ново кривично дело, туку и е подложено на обврски и надзор од страна на социјална служба или пробациски службеник. Целта е да се обезбеди континуиран третман и следење по отпуштањето, со што се намалува ризикот од рецидивизам и се зголемува шансата за успешна ресоцијализација.

Со овој инструмент се дефинира можноста судот да одреди заштитен надзор како услов за одобрување на отпустот. Надзорот може да опфати обврска за пријавување, придржување до определени правила на однесување, вклучување во психосоцијални програми, задолжително вработување, третман од зависности или забрана за контакт со одредени лица.

Во рамки на ново воспоставената пробациска служба, заштитниот надзор добива нова димензија: лицата под надзор се следат од пробациски службеници според индивидуализиран план, кој се изработува во соработка со стручните служби во установите и во заедницата. Секоја интервенција е насочена кон одржување на позитивните промени и навремено справување со евентуални ризици.

Постои можност за електронски мониторинг како облик на надзор врз условно отпуштените лица, за што е потребно судот со својата одлука за условен отпуст тоа да го определи.

Имено, во ЗИС и во Законот за пробација постојат изречни одредби, коишто се во согласност со препораките на Советот на Европа во однос на вршење надзор врз условно отпуштените и особено со Препораката за електронски мониторинг како еден од начините за вршење надзор каде што технологијата овозможува лицето да носи уред со себе, а неговото движење да биде следено од далечина.

Електронскиот мониторинг може да биде и една од обврските кон која треба да се придржува осуденото лице како дел од заштитниот надзор кон условниот отпуст.

Ставање во функција на алките за електронски мониторинг е еден од чекорите коишто ќе овозможат создавање реални услови за исполнување на овие законски можности со што е многу веројатно дека ќе се зачести определувањето на условниот отпуст.

### 3.1. Заштитен надзор кон полнолетни

КЗ овозможува на условно отпуштениот судот да му одреди заштитен надзор.[179] Заштитниот надзор се состои во посебни мерки на помош, грижа, надзор или заштита кои ги спроведува надлежната пробациска канцеларија. Единствен исклучок постои при осуди за дела на насилство, судот да одреди и забрана за посетување на спортски натпревари што ја спроведува Министерството за внатрешни работи.

Кога судот ќе определи заштитен надзор, на осудениот може да му одреди една или повеќе од следниве обврски:

- *оспособување, остручување и преквалификување за да може осудениот да го задржи работното место што го зазема или да бидат создадени претпоставки за вработување,*
- *прифаќање на вработување што одговара на способностите и склоноста на осудениот,*
- *посетување на програма за работа со осуденици за кривични дела сторени при вршење на семејно насилство;*
- *извршување на обврските за издржување на семејството, подигање на децата и други семејни обврски,*
- *овозможување увид и совети во врска со распоредувањето и трошењето на средствата од платата и другите приходи што ги остварува,*
- *непосетување определени видови локали или други места каде што се точи алкохолен пијалак или се игра на среќа,*
- *забрана на употреба на алкохолни пијалаци, дроги и други психотропни супстанции,*
- *користење на слободното време според оцена на надлежниот орган согласно закон,*
- *одбегнување и недружење со лица кои негативно влијаат врз осудениот и*
- *подложување на лекување или социјална рехабилитација во соодветни специјализирани установи.*

---

[179] В.Камбовски, Коментар на КЗ, оп.цит., стр. 426; Љ.Арнаудовски/А.Груевска-Дракулевски, Пенологија-втор дел, оп.цит., стр. 234-235.

При изборот на видот на обврската судот поаѓа од субјективните околности поврзани со:

- *личноста на сторителот,*
- *неговата здравствена состојба и психичките својства,*
- *возраста,*
- *материјалните и семејните услови,*
- *околностите под кои го сторил делото,*
- *поведението на сторителот по извршувањето на делото,*
- *побудите за извршување на делото и*
- *другите околности сврзани со личноста на сторителот.*

Решението за условен отпуст во рок од три дена од денот на донесувањето, надлежниот суд го доставува до месно надлежната пробациска канцеларија. За ова решение месно надлежната пробациска канцеларија во рок од осум дена од приемот на Решението, ги известува ЦСР, Агенцијата за вработување, работодавецот кај кои осуденото лице работи, односно било вработено и соодветна здравствена установа, Министерството за внатрешни работи и други правни субјекти во зависност од обврските утврдени во решението за условен отпуст.

Во извршувањето на обврските утврдени со решението за условен отпуст, месно надлежната пробациска канцеларија ги врши следниве работи: го повикува осуденото лице на разговор; врши увид во документацијата за осудено лице (судска одлука, наоди и мислења од лекар и други стручни лица, извештаи од Центарот за социјална работа и други) и прибира други потребни податоци за осуденото лице од други органи, институции и организации, на барање на судот; го предупредува условно отпуштеното лице за последиците од неисполнување на утврдените обврски; врши надзор над извршувањето на обврските и му пружа помош на осуденото лице; составува извештаи за извршувањето на обврските и ги доставува до судот кој ја донел одлуката во прв степен и врши други работи во согласност со закон.

Установите и други правни лица во кои осуденото лице извршува обврски утврдени со решението за условен отпуст, на барање на месно надлежната пробациска канцеларија до канцеларијата доставуваат известување за извршувањето на обврските од страна на осуденото лице.

Месно надлежната пробациска канцеларија може на судот кој ја донел одлуката за условен отпуст да му предложат измени на обврските утврдени со решението за условен отпуст, укинување на обврските, продолжување или намалување на рокот за извршување на изречените обврски или да предложат нови обврски кои со решението за условен отпуст не биле утврдени.

Ако осудениот не ги исполнува или неуредно ги исполнува обврските кои му се определени, месно надлежната пробациска канцеларија го опоменува и затоа веднаш ќе го извести надлежниот суд. Ако условно осуденото лице и по писмената опомена не ги исполнува изречените обврски и не учествува во спроведувањето на индивидуалната програма која му е определена, месно надлежната пробациска канцеларија за тоа најдоцна во рок од три дена од дознавањето за неисполнувањето на обврските и не учествувањето во спроведувањето на индивидуалната програма за третман го известува судот кој ја донел одлуката во прв степен со предлог да го отповика условниот отпуст.

Во случај кога условно отпуштеното лице нема да се јави во определените термини, месно надлежната пробациска канцеларија без одлагање ќе го извести Министерството за внатрешни работи заради обезбедување на присуство на условно отпуштеното лице, а по добиеното известување од МВР, месно надлежната пробациска канцеларија, која без одлагање ги известува судот кој ја донел одлуката во прв степен и Управата.

### 3.2. Засилен надзор кон деца

Согласно ЗПД на детето во судир со законот за време на условниот отпуст судот му определува мерка на засилен надзор.[180]

Мерките ги спроведува надлежниот Центар за социјални работи, со оглед на фактот што во однос на децата, пробациските канцеларии немаат надлежност да постапуваат.

Засилениот надзор може да се состои од една или повеќе посебни обврски од следниве: му се извини лично на оштетеното лице; ја поправи или надомести штетата [181]предизвикана со стореното дејство; се вклучи во образовниот процес и редовно да го посетува училиштето; не изостанува од работното место за деца над 15 години; се оспособи за работа што одговара на неговите способности, наклонетости и физичка сила за деца над 15 години, под услов да има завршено основно образование; прифати работа за деца над 15 години; му забрани употреба или користење алкохол, дрога и други психотропни супстанции или прекурзори; се подложи на лекување или социјална рехабилитација во соодветни специјализирани установи; го користи слободното време полезно; не контактира со лица кои штетно влијаат врз неговата личност; се остручи и преквалификува заради задржување на работното место што го завзема или за создавање претпоставки за вработување за деца над 15 години, под услов да има завршено основно образование; овозможи увид и да прифати совети во врска со распоредувањето и трошењето на платата и другите приходи што ги остварува; се вклучи во работа на хуманитарна организација, комунална, еколошка или невладина организација; се вклучи во одредена спортска, културно-забавна организација или здружение, со обврска да ги посетува редовните проби или тренинзи и му се забрани движење без придружба

---

[180] Г.Лажетиќ/Л.Нанев/О.Кошевалиска, Постапување со деца во ризик и деца во судир со законот, Универзитетски учебник, Скопје, 2015

[181] Обврски што имаат ресторативен карактер, Recommendation CM/Rec (2018) 8 of the Committee of Ministers to member States concerning restorative justice in criminal matters, Adopted by the Committee of Ministers on 3 October 2018.

на родителите/от односно старателот/те или згрижувач во периодот од 22:00 часот до 5:00 часот.

ЦСР врши постојан надзор и му помага на детето во исполнувањето на посебните обврски, соработува со родителите/от односно старателот и згрижувачот и го известува судот најмалку еднаш на шест месеци за постигнатиот успех во спроведувањето на посебните обврски. Во оваа смисла, по предлог од ЦСР, судот може да ги измени или да ги укине посебните обврски.

Засилениот надзор што се спроведува од страна на ЦСР е со одредено траење, кое може да биде и пократко од делот на неиздржаната казна. Судот може да го продолжува траењето на засилениот надзор до една година по времетраењето на казната, но најмногу до наполнувањето на 21 година на детето.

И покрај правната можност, условниот отпуст со заштитен надзор во практиката сѐ уште се применува ретко. Главни причини се: недоволна информираност на судиите за капацитетите на пробациската служба, нецелосно развиена мрежа на програми во заедницата, како и сѐ уште постоечката перцепција дека отпуштањето е исклучиво поврзано со однесувањето во затвор, а не и со надворешната поддршка.

Меѓународната практика покажува дека оваа форма на отпуштање носи значителни предности, особено кај лица со повисок ризик или ограничени социјални ресурси. Комбинацијата од отпуштање, надзор и поддршка во заедницата може да делува мотивациски, превентивно и интегративно. Неопходно е понатамошно јакнење на капацитетите на пробацијата, особено во руралните средини, за да се овозможи еднаков пристап до оваа мерка низ целата држава.

## *5. Пробација: еволуција, законска рамка и практична примена*

Пробацијата како алтернатива на затворот претставува значаен инструмент во насока на хуманизирање на казнената политика и обезбедување ресоцијализација во заедницата. Во македонскиот систем, пробацијата доби законска рамка со донесувањето на Законот за пробација во 2015 година и нејзината практична имплементација започна со основањето на пробациските канцеларии.

Во претходните делови од студијата веќе се разработени историскиот развој, законските основи и институционалната поставеност на пробациската, со осврт на нејзините улоги во надзорот, третманот и поддршката на лицата кои издржуваат санкции на слобода. Оттаму, овде накратко се истакнува дека пробацијата денес претставува основа за доследна примена на условната осуда со заштитен надзор, надзор при условен отпуст, како и за управување со алтернативи како куќен затвор и општокорисна работа.

Во фокусот е индивидуализираниот третман, проценката на ризик и потреби, и развојот на програми што ги намалуваат шансите за рецидивизам. Пробацијата, иако сѐ уште во развој, се позиционира како клучна алка во трансформацијата на класичниот казнен систем во систем заснован на поддршка, контрола и социјална инклузија.

### *6. Перспективи за проширување на мерките за алтернатива на затворот*

И покрај нормативната поставеност на алтернативните мерки, нивната слаба застапеност во судската пракса упатува на потреба од системско унапредување. Условната осуда останува најчесто применуваната мерка, додека општокорисната работа, куќниот затвор, електронскиот надзор и пробациските обврски се применуваат ограничено. Перспективите за проширување на овие мерки се движат во неколку насоки.

Прво, неопходна е понатамошна едукација на судиите, обвинителите и адвокатите за целта и ефектите од мерките кои се извршуваат во заедницата. Нееднаквоста во практиката, недостатокот на познавање за надзорот, поддршката и реалната рехабилитативна улога на мерките придонесуваат кон воздржаност во нивно изрекување.

Второ, потребно е да се развијат јасни критериуми и стандарди за изрекување и следење на секоја од алтернативните мерки, со што ќе се зголеми нивната правна предвидливост и ќе се надмине недовербата во нивната ефикасност.

Трето, важно е да се зголеми јавната свест за овие мерки како општествено одговорен и рехабилитативен одговор, наместо како „благост“ кон сторителите. Јавната перцепција има суштинска улога при легитимирање на политиките за казнување што се базираат на ресоцијализација и активна вклученост во заедницата.

Дополнително, проширувањето на пробациската служба на целата територија на државата и зголемување на нејзиниот број на вработени ќе овозможи доследна примена на заштитниот надзор, контрола на условниот отпуст и поддршка на лицата во заедницата. Потребно е и вклучување на граѓанскиот сектор преку акредитирани програми за ресоцијализација, психосоцијален третман, надомест на штета и волонтерски придонес кон заедницата. Ваквите јавноприватни и граѓански партнерства се веќе потврдени како функционални во бројни европски јурисдикции.

Како добра меѓународна пракса се издвојуваат т.н. ресторативни модели на правда (restorative justice), кои вклучуваат медијација меѓу сторителот и жртвата, како и заедничко планирање на активностите за надомест и ресоцијализација. Ваквиот пристап е сè поактуелен во европските држави и се смета за комплементарен со постојните алтернативи.

Конечно, процесот на дигитализација овозможува развој на електронски алатки за мониторинг, планирање и евалуација на алтернативните мерки, како што се дигитални дневници, автоматски известувања и мобилни апликации за известување. Тоа отвора нови можности за транспарентност, отчетност и ефикасност во примената на мерките што се извршуваат во заедницата.

Проширувањето на алтернативните мерки не треба да биде само прашање на бројки, туку прашање на квалитет, поддршка и доверба, во институциите, во заедницата и во можноста за позитивна промена кај сторителите.

# VI. Вклучување на жртвите и ресторативна правда

## *1. Можности за вклучување на жртвите во процесите на ресоцијализација*

### 1.1. Предуслови за вклучување на жртвите

Вклучувањето на жртвите во процесот на ресоцијализација на сторителите на кривични дела претставува еден од најчувствителните, но и најиновативни аспекти на современата казнена правда. Овој пристап, познат како ресторативна правда, се темели на идејата дека жртвата не треба да биде пасивен набљудувач, туку активен учесник во процесот на ресоцијализација и општествено прилагодување на поранешните осудени лица. Европските и меѓународните документи го препознаваат значењето на жртвите во ресоцијализацијата. Во оваа смисла Препораката R(99)19 на Советот на Европа за медијација во кривични дела,[182] ја нагласува важноста на доброволна и информирана вклученост на жртвите. Согледувајќи ги потенцијалите на медијацијата, во 2007 година CEPEJ донесе Упатствата за подобра имплементација на Препораката од 1999 година.[183] Во нив, меѓу другото, се укажува дека постојат значителни разлики меѓу државите-членки во начинот на кој медијацијата напредува, особено поради следниве пречки: недостаток на свест за ресторативна правда и медијација, недостаток на достапност на медијација жртва-сторител пред и по осудата, овластување за упатување на страните на медијација ограничено само на една институција за кривична правда, релативно висока цена на медијацијата, како  и недостаток на специјализирана обука и нееднаквости во квалификациите на медијаторите.

Напорите за унапредување на примената на медијацијата како дел од поширокиот концепт на ресторативна правда во 2018 година резултираа со донесување на посебна Препорака CM/Rec(2018)8 за ресторативна правда.[184] Особено е важно што оваа Препорака укажува дека ресторативната правда може да се користи во која било фаза од процесот на кривична правда, дека може да се случи помеѓу осудата и изрекувањето казна, да претставува дел од казната или да се случи откако ќе се изрече или заврши казната. ЕУ во 2001 година ја согледа потребата од нагласување на правата на жртвата и положбата во казнената постапка и донесе Рамковна одлука за правата на жртвите. Откако беше согледано дека концептот на ресторативната правда добива на сè поголемо значење, а со цел зајакнување на положбата на жртвите во 2012 година Рамковната одлука беше заменета со Директивата 2012/29/ЕУ со која се уредија минималните права

[182] Recommendation No. R (99) 19 of the Committee of Ministers to member States concerning mediation in penal matters, Council of Europe, https://rm.coe.int/0900001680910dbb.
[183] Guidelines for a better implementation of the existing recommendation concerning mediation in penal matters, European Commission for the Efficiency of Justice (CEPEJ), CEPEJ(2007)13, https://rm.coe.int/1680747759
[184] Recommendation CM/Rec(2018)8 concerning restorative justice in criminal matters,  3.10.2018, https://www.cep-probation.org/wp-content/uploads/2018/10/Recommendation-CM-Rec-2018-of-the-Committee-of-Ministers-to-member-States-concerning-restorative-justice-in-criminal-matters-.pdf

што жртвите мора да ги имаат особено пристап до информации, поддршка и можност за учество во постапките.[185]

И Правилата на Нелсон Мандела (*UN Standard Minimum Rules*)[186] ја истакнуваат потребата од хуман третман на сторителите, но и од почит кон жртвите и нивната улога во процесот на ресоцијализација. Правилото 107 посебно нагласува дека од почетокот на казната на затвореникот, треба да се земе предвид неговата иднина по ослободувањето и тој треба да биде охрабрен и да му се помогне да одржува или да воспостави такви односи со лица или органи надвор од затворот што можат да ја промовираат ресоцијализацијата на затвореникот и најдобрите интереси на неговото семејство.

Примарната цел на медијацијата по издржување на казната е олеснување на мирното решавање на споровите, намалување на рецидивизмот и промовирање на успешна реинтеграција.

Кога се анализира медијацијата во затворот или по излегување од затворот, се поставува прашањето како да се оцени во кој момент треба да се вклучи жртвата. Практиката во државите што имаат затворска и пост-затворска медијација покажува дека жртвата ќе може да се вклучи во медијацијата откако нејзината состојба ќе се стабилизира односно само ако жртвата е психолошки подготвена и нема ризик средбата да предизвика кај неа чувство од повторна виктимизација. Ова е фактичко прашање и зависи од видот на кривичното дело и последиците што ги претрпела жртвата, било да станува збор за директна или посредна жртва. Психолошката подготвеност на жртвата може во некои случаи да настапи по подолг временски период, а секако дека има случаи кога воопшто нема да биде препорачливо жртвата да се вклучува во медијација со сторителот со оглед на кревката психолошка состојба на жртвата. Оттука, медијацијата во оваа фаза има предности само ако психолошката состојба на жртвата тоа го дозволува.

Но, мора да се води сметка и за фазата на третманот на сторителот пред да се размислува за медијација. Практиката покажува дека е потребно да помине извесен период на спроведување на третманот во установата, да се забележат подобрувања во процесот на ресоцијализација на осуденото лице за да се размислува за медијација со жртвата. Препорачливо е медијацијата да се организира во средна или доцна фаза од казната, кога сторителот манифестира признавање на последиците од кривичното дело, кај него се јавува чувство на самоодговорност и постои подготвеност за промена. Неподготвеноста на сторителот да преземе одговорност, може целото постапување иако со најдобра намера да се претвори во манипулативен и контрапродуктивен процес. Во ваков случај не само што средбата со жртвата ќе остане неуспешна туку таа може да биде генератор на нови психолошки проблеми, несигурности, страв и разочарување кај жртвата,

[185] Directive 2012/29/EU of the European Parliament and of the Council of 25 October 2012 establishing minimum standards on the rights, support and protection of victims of crime, and replacing Council Framework Decision 2001/220/JHA, *OJ L 315, 14.11.2012, pp. 57–73,* https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?qid= 142192 5131614&uri=CELEX:32012L0029

[186] https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/Nelson_Mandela_Rules-E-ebook.pdf

негативно влијание врзс чувствата на жртвата и нејзината севкупна психолошка состојба.

Вклучувањето на жртвите во процесот на ресоцијализација на сторителите носи значајни придобивки, но истовремено и ризици кои мора внимателно да се проценат и соодветно да се менаџираат.

Ризикот од секундарна виктимизација односно опасноста жртвата повторно да доживее траума при средба со сторителот, особено ако не е психолошки подготвена особено се јавува во случаи на семејно или сексуално насилство. Медијацијата мора да ја раководат обучени медијатори за да се одбегне состојба на нерамнотежа на моќ односно опасност кај жртвата да се создаде чувство на притисок или дури и вина за придонесот во сторување на делото наместо помирување и олеснување.

За успешна медијација со жртвите во сите фази е особено важно постоење соодветна институционална поддршка. Доколку во државата жртвите немаат пристап до психолошка, правна или социјална поддршка пред и по вклучувањето во процесот на медијација со сторителот постои нагласен ризик од негативни последици.

### 1.2. Компаративни добри практики и искуства

Постојат определени добри практики во компаративната практика кои овозможуваат вклучување на жртвите во процесот на ресоцијализација на осудените лица.

На пример, во Норвешка се применуваат програми за ресторативна правда во затворите. Примената на ресторативна правда во затворите е дел од пошироката стратегија за ресоцијализација и минимизирање на рецидивизмот.[187] Се применуваат два методи:

- *Медијација и ресторативни дијалози - во некои затвори се организира медијација меѓу сторители и нивните жртви, со обучени медијатори како фасилитатори, чијашто цел е да се разбере влијанието на делото врз жртвата, да се изрази каење од страна на сторителот и да се поттикне морална одговорност кај сторителот;*
- *Се користат и т.н. ресторативни кругови (Conflict Resolution Circles) коишто повеќе се користат за решавање конфликти меѓу затвореници или меѓу затвореници и персоналот во затворот со што се намалува потребата од дисциплински мерки и се зголемува одговорноста кај затворениците;*

---

[187] Akkoyun, Aise Gül, Perspective Chapter: The Norwegian Model of Correlation Rehabilitation – Bridging the Gap between Incarceration and Society, Correctional Facilities - Policies, Practices, and Challenges (N.Stamatikis ed.), 27 November 2024, DOI10.5772/intechopen.1001740, https://www.intechopen.com/chapters/1178111; Denny, Meagan (2016) "Norway's Prison System: Investigating Recidivism and Reintegration," Bridges: A Journal of Student Research: Vol. 10 : Iss. 10 , Article 2. Available at: https://digitalcommons.coastal.edu/bridges/vol10/iss10/2; Rocha, P., Stene E.M., Brooke, P.K., How to Change Practice and Policy to Address the Unique Needs of Senior Inmates: Insights From the Norwegian Correctional System, The Prison Journal, Volume 104, Issue 6, https://journals.sagepub.com/doi/10.1177/00328855 241286513.

Затворот Halden во Норвешка е познат како пример за интегрирана ресоцијализација.[188] Тој е познат како „најхуманиот затвор во светот“, бидејќи има програми за уметничка терапија, образовни активности, и ресторативни работилници, а персоналот е обучен за комуникација, емпатија и конфликтна медијација. Затворот Халден е дизајниран со распоред на кампусот фокусиран на ресоцијализација при што 250 затвореници се сместени во посебни станбени единици за 10-12 лица со приватни соби и бањи. При внатрешното уредување се користени дрвени материјали и големи прозорци за да го направи затворот да се изгледа похуман. Распоредот на кампусот е наменет да се чувствува како село и да ја поттикне интеракцијата меѓу затворениците и чуварите за да се помогне во ресоцијализацијата.

Во Обединетото Кралство е познат проектот *Restorative Justice Council*,[189] при што жртвите добиваат можност да изразат како делото влијаело врз нив, а сторителите да преземат одговорност. Донесен е посебен Кодекс за однесување за жртвите на криминал (*Victims' Code)* со кој се воспоставуваат минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите.[190]

Советот е поддржан и од Министерството за правда на Обединетото Кралство.

Советот смета дека ресторативната практика има моќ да му овозможи на општеството да негуваат култура каде што приоритет има помирувањето и им овозможува на поединците да градат силни, ефикасни и отпорни интерперсонални односи. Со прифаќање на ресторативен начин на размислување во секој аспект од општеството се смета дека се создаваат безбедни средини каде што оние во конфликт можат да се вклучат во значаен дијалог и да пронајдат начин за санирање на предизвиканата штета со кривичното дело.

Во Германија постои интегрира медијација во кривични постапки (*Täter-Opfer-Ausgleich*), особено кај помлади сторители на кривични дела. Жртвите се вклучени во процесот на договор за компензација, што се смета за дел од ресоцијализацијата.[191] Постојат три вида програми или механизми за вклучување на жртвите

- Ресторативна медијација (*Täter-Opfer-Ausgleich*) како облик на контролиран дијалог меѓу жртвата и сторителот, со посредство на обучен медијатор. Жртвата добива психосоцијална поддршка пред и по средбата во форма на советување, правна помош и емоционална поддршка преку специјализирани служби и граѓански организации;

[188] https://www.scribd.com/presentation/522474246/Case-Study
[189] Подетално на: https://restorativejustice.org.uk/
[190] https://assets.publishing.service.gov.uk/media/60620279d3bf7f5ceaca0d89/victims-code-2020.pdf.
[191] Trenczek, T., Victim-Offender Mediation in Germany – ADR Under the Shadow of the Criminal Law?, Bond Law Review, Volume 13, Issue 2, Article 6, 2001, https://scispace.com/pdf/victim-offender-mediation-in-germany-adr-under-the-shadow-of-3cqd2jrpjm.pdf.

- Програми за компензација и поправање на причинетата штета што вклучува доброволна компензација, јавно извинување или вршење општокорисна работа од страна на сторителот.
- Вклучување во креирање на третмански планови е третиот механизам кој овозможува жртвите да го дадат своето мислење за влијанието на делото и да предложат мерки што би помогнале во ресоцијализацијата на сторителот.

*2. Потенцијал на ресторативната правда во локален контекст*

Поаѓајќи од фактот дека ресторативната правда претставува алтернатива на традиционалниот казнен систем, фокусирана на поправка на штетата, поттикнување конструктивен дијалог меѓу засегнатите страни и повторно воспоставување на социјалната рамнотежа, нејзиниот потенцијал во локален контекст е особено значаен. Имено, таа овозможува заедницата активно да учествува во процесот на возобновување на односите нарушени со стореното кривично дело, без учество на институциите за гонење на криминалитет и за спроведување на законот.

Имплементација на ресторативни практики во рамките на одредена заедница или географска област за справување со штета и конфликт може да има големо значење доколку пристапот се прилагоди на сфаќањата, навиките и менталитетот на учесниците во медијацијата. За жртвата е особено важно да биде свесна дека нејзиното учество во медијација со сторителот нема да предизвика стигматизација или каков било друг облик на осуда во локалната заедница. Овој факт во многу случаи е еден од особено важните кои се земаат предвид при оцената дали постојат ризици за вклучување на жртвата во медијацијата иако таа е психолошки подготвена за средба со сторителот. Учеството на локалната заедница, поддршката и поттикот што ќе го добие жртвата се во прилог на зајакнување на нејзината подготвеност и свест за отсуство на какви било негативни коментари по одржување на средбата/средбите.

Овој пристап е во согласност и со принципите на Европската унија и Советот на Европа, кои преку Директивата 2012/29/ЕУ и Препораката R(99)19 ја нагласуваат улогата на жртвата и потребата од хуман третман на сторителот.

Во нашата држава, концептот на ресторативна правда е нормативно поддржан со Законот за кривичната постапка (за возрасните сторители на кривични дела) и со Законот за правда за децата (за децата во судир со законот), но постојат ресторативни решенија и во Кривичниот законик кои пропишуваат олеснувања за сторителот што ја отстранил штетата, спречил нејзино настанување, го обештетил оштетениот и сл. Неспорен е фактот дека практичната имплементација на ресторативните можности е ограничена поради голем расчекор меѓу законските можности и институционалните капацитети.[192]

[192] Г.Лажетић, Изазови ресторативне правде и родно заснованог насиља – раскорак између легислативних и институционалних могућности, Зборник Удружења за међународно кривично право, Изазови међународног кривичног права и кривичног права (Том 2), стр. 723-744, 2025.

Ваквите согледувања укажуваат на потреба од имплементација на решенија каде што општините, училиштата и граѓанските организации би можеле да играат активна улога.

Добри практики од странство покажуваат дека имплементацијата на локално ниво е клучна за успехот на ресторативната правда. Во Нов Зеланд, Маорските заедници применуваат т.н. „семејни кругови" за решавање на конфликти.[193] Во Норвешка, локалните совети за правда организираат дијалози меѓу жртви и сторители со висока стапка на задоволство и низок рецидив. Овие модели се засноваат на доверба, транспарентност и чувство за културните специфики и разлики. Овие елементи може да се адаптираат и во македонски контекст.

Потенцијалот на ресторативната правда во локалната заедница лежи во нејзината способност да гради мостови меѓу индивидуите и институциите, да го намали општествениот отпор кон ресоцијализираните лица и да поттикне емпатија и одговорност. Преку локални програми за медијација, обуки за наставници и соработка со пробациската служба, може да се создаде одржлив екосистем на правда што не казнува, туку поправа, лекува, подобрува. За да се реализира овој потенцијал, потребна е интегрирана стратегија што ќе ги поврзе законодавните реформи со локалните ресурси. Тоа подразбира финансирање на пилот-проекти, обука на медијатори, вклучување на жртвите во процесот и евалуација на резултатите. Само така ресторативната правда може да стане дел од културата на локалната заедница и тоа не како алтернатива, туку како основа за праведно и хумано општество.

[193] Eska-Mikołajewska, J., Mediation in Family Dispute Resolution in New Zealand, Effective law in an effective state. Local conditions in the global context, in the face of 21st century challenges of fighting crime, https://efektywne-prawo.org.pl/wp-content/uploads/2024/01/Eng.-Mediacja_w_rozwiazywaniu_._NZ_dr_J_Eska_Mikolajewska_E.pdf

# VII. Улога на истражувањето и креирање политики

## *1. Употреба на истражувачки наоди за обликување на ресоцијализациски мерки*

### 1.1.Општо за значење на истражувањата за унапредување на системот

Истражувањата се важни бидејќи овозможуваат и помагаат да се идентификуваат ефективни третмански програми, да се процени нивното влијание врз рецидивизмот, и да се утврдат потребите на различни категории осудени лица – млади, жени, зависници, лица со психосоцијални нарушувања. Употребата на истражувачките наоди во обликувањето на ресоцијализациските мерки претставува суштински чекор кон развој на ефективни, етички и контекстуално прилагодени политики. Истражувањата овозможуваат емпириска основа за разбирање на причините за девијантно однесување, динамиката на затворската средина, и факторите што влијаат врз успешната социјална адаптација. Систематското собирање и анализа на податоци е клучно за креирање на применливо знаење кое директно ги информира практичарите и носителите на одлуки. Потребно е носителите на политиките и одлуките да ги земаат предвид конкретните препораки за подобрување во однос на интервенциите и меѓусекторската координација кои произлегуваат од различни истражувања. Таквите наоди се основа за адаптација на мерките според реалните капацитети и потреби и претставуваат неопходен линк помеѓу придонесот на теоријата за воспоставување, одржување и унапредување на институционалните и на кадровските капацитети. Секако дека во овој контекст е многу важно на што се однесуваат истражувањата и колку се тие, пак, од друга страна прилагодени на потребите на креаторите на политиките.

За истражувањата да бидат корисни, потребно е да се фокусираат на долгорочни ефекти, перцепции на осудените лица, ефикасност на пробациските и постпеналните програми, како и улогата на локалната заедница и граѓанските организации.

Потребно е да се имаат предвид интердисциплинарните истражувања на природата на ресоцијализацијата на сторителите и ефикасноста на интервенциите кои помагаат во намалувањето на рецидивизмот при што се истакнуваат две најистакнати современи теории за ресоцијализација на сторителите: Моделот Ризик-Потреба-Одговорност (*Risk-Need-Responsivity Model)* и Моделот Добар Живот (*Good Lives Model*).[194]

Техничко-технолошкиот развој придонесе за појава на истражувања коишто се посветени на потенцијалните придобивки и ризици од воведување нови технологии во затворите за олеснување на ресоцијализација на затворениците. Целта е да им помогне на креаторите на политики, практичарите и оние кои се одговорни за дизајнирање и спроведување на програмите за ресоцијализација да разберат како да ги искористат

[194] Willis, G.M, Ward, T., Fortune, C-A., The Rehabilitation of Offenders: Reducing Risk and Promoting Better Lives, Psychiatry, Psychology and Law 19(5):1-16, October 2011.

технологиите за ефикасна и етична поддршка на во процесот на ресоцијализација на затворениците.[195]

Во контекст на ресоцијализацијата и социјалната адаптација, истражувачките прашања треба да бидат внимателно формулирани за да ги опфатат структурните, индивидуалните и институционалните аспекти на процесот при што се зема предвид како личните карактеристики кои влијаат врз успешноста на ресоцијализацијата, како на пример, кои третмански програми имаат најголем ефект врз намалување на рецидивизмот, така и дали казнено-поправните установи имаат доволно човечки и материјални ресурси за индивидуализиран третман. Не помалку важно е колку е успешна пробациската служба во постпеналната адаптација.

### 1.3. Компаративни добри практики и искуства

Компаративно може да се наведат некои добри практики како истражувањата помогнале во подобрување на ресоцијализацијата.

Норвешка во 1990-тите имала проблем што приближно 70% од сите ослободени затвореници извршиле кривични дела во рок од две години по ослободувањето.[196] Потоа бил воспоставен моделот во затворскиот систем „What Works“. Истражувањата на Норвешката затворска служба (Kriminalomsorgen) покажале дека индивидуализиран третман, образовна поддршка и одржување на врски со заедницата значително го намалуваат рецидивизмот. Врз основа на овие наоди, Норвешка ги реформирала затворските политики, вклучувајќи: отворени затвори со пристап до работа и образование; програми за ментално здравје и зависности од недозволени супстанции; соработка со локални служби уште пред отпуштање на осуденото лице од установата. Како резултат на ваквиот пристап, Норвешка има една од најниските стапки на рецидивизам во светот. Само 20% од населението на Норвешка кое претходно било затворено извршило друго кривично дело во рок од две години по ослободувањето, а дури и по пет години од излегување од установа, стапката на рецидивизам е само 25%. Воедно, бројот на затворени лица бележи тренд на намалување во последните неколку години.[197]

Добри практики и примери има и во Холандија во однос на пробациската служба („Reclassering Nederland“).[198] Имено, истражувањата покажале дека кратки казни затвор имаат негативен ефект врз ресоцијализацијата, поради што во Холандија се прошириле основите за примена на алтернативните санкции и се засилила улогата на пробациската служба преку следниве чекори: примена на програми за когнитивно-бихевиорална

---

[195] Digital Rehabilitation in Prisons - March 2024, United Nations Interregional Crime and Justice Research Institute (UNICRI), https://unicri.org/sites/default/files/2025-03/New-DIGITAL-Rehabilitation-in-Prisons.pdf

[196] Подетално за пенитенцијарниот систем во Норвешка на: https://www.firststepalliance.org/post/norway-prison-system-lessons

[197] https://www.firststepalliance.org/post/norway-prison-system-lessons

[198] Повеќе детали на: https://www.reclassering.nl/naar-de-reclassering/werkstraf/regels-voor-de-werkstraf/rules-for-the-community-punishment-order/

терапија; електронски надзор со психосоцијална поддршка; и вклучување на жртвите во ресторативни процеси.[199] Вака прифатените мерки се предмет на континуирана евалуација од страна на Центарот за истражување и анализа на податоци (WODC),[200] како агенција во областа на правдата и безбедноста и е независен институт за истражување кој е под надлежност на холандското Министерство за правда и безбедност. Центарот придонесува за одржување и подобрување на владеењето на правото преку спроведување висококвалитетни научни истражувања и развивање стратегии.

Меѓу добрите практики е и Обединето Кралство преку иницијативата „Преку портата“ („Through The Gate“).[201] Услугите за преселување „Низ портата“ биле воведени во 2015 година со цел да се обезбеди „непречен премин помеѓу затворот и заедницата“ и со тоа да се намали рецидивизмот. Постои мрежа на т.н. Компании за ресоцијализација (Community Rehabilitation Companies - CRC) кои обезбедуваат услуги за да им помогнат на затворениците да одржат или да најдат сместување, да обезбедат помош со финансии, бенефиции и долгови, да го поддржат пристапот до образование, обука и вработување.[202]

### *1.4. Препораки за развој на практики базирани на докази*

Развојот на практики базирани на докази (*evidence-based practices*) бара системски пристап кој ги поврзува истражувањата, институциите и носителите на одлуки и креирање на политиките.

Особено е важно да се пристапи на начин што ќе се институционализираат истражувањата со формирање на истражувачки единици во ресорните министерства (правда, економија и труд, образование и наука и сл.). Овие единици ќе бидат задолжени за континуирано следење на ефектите од мерките, политиките, стратегиите и успехот во имплементацијата на законските решенија. Воедно, не треба да се изостави и соработката со академски институции и граѓански организации за спроведување на независни студии и евалуации. Така на пример, во Обединетото Кралство, Инспекторатот за затворите (*HM Inspectorate of Prisons)* редовно објавува извештаи што водат до ревизија на ресоцијализациски програми.[203]

Со цел мерливост на постигнатите резултати потребно е да се воспостават индикатори за квалитет и валидност, како на пример, стапка на рецидивизам, вработување, социјална интеграција.

Компаративните искуства се важни и треба да се земаат предвид, но притоа мора да се доведат во локален и национален контекст односно адаптација на странски модели според културни, правни и институционални специфики. Така на пример, Холандија ги

---

199 Повеќе детали на: https://www.euprobationproject.eu/national_detail.php?c=NL; https://www.cep-probation.org /wp-content/uploads/2018/10/2008Netherlands_The.pdf.
200 https://english.wodc.nl/
201 Повеќе детали на: https://publications.parliament.uk/pa/cm5801/cmselect/cmjust/285/28507.htm.
202 Through the Gate and the new Resettlement model, https://publications.parliament.uk/pa/cm5801/cmselect/cmjust/285/28507.htm#footnote-069
203 https://hmiprisons.justiceinspectorates.gov.uk/.

има адаптирано когнитивно-бихејвиоралните програми според етнички и јазични групи во затворите.

Со цел истражувањата и евалуациите да имаат ефект важно е да постои и транспарентност и јавно објавување на истражувањата и пристапност на податоците, резултатите и евалуациите. Корисно е во истражувањата или во интерпретацијата на добиените резултати да се вклучат соодветни засегнати страни, како на пример, жртви, осудени лица, локална заедница и сл.

## VII. Можности за адаптација во македонски контекст

Во контекст на македонската казнена политика, пенитенцијарниот систем и ресоцијализациски систем, повеќе од прикажаните компаративни добри практики би можело да бидат адаптирани на македонскиот контекст. Притоа мора да се води сметка за спецификите на легислативните рамки, локалните капацитети, институционалните рамки и културниот контекст, специфики и разлики. Прилагодувањето не подразбира дословно пресликување, туку контекстуализација и постепено вградување на ефективни модели.

Прв чекор би требало да биде дефинирање на целта што треба да се постигне во рамките на казнената политика, пенитенцијарниот систем и моделите за ресоцијализација.

Република Северна Македонија се соочува со висока стапка на рецидивизам и често изрекување кратки казни затвор, за сметка на алтернативните мерки. Потребно е и зајакнување на капацитетите на пробациската служба, исто така.

Најприлагодливи се практиките за индивидуализиран третман на осудените лица, како што се применуваат во Норвешка и Холандија. Во РСМ, веќе постојат одредби за индивидуален план на третман согласно Законот за извршување на санкциите, но недоволните човечки и технички капацитети ги ограничуваат нивното соодветно и успешно спроведување.

Адаптацијата би можела да започне преку обука на стручниот персонал во делот на ресоцијализација, развој на методологии за проценка, и партнерство со образовни и здравствени институции.

Примерите од Холандија покажуваат дека ресоцијализацијата преку образование и работна интеграција дава долгорочни резултати. РСМ веќе има основа преку програмите за образование на затвореници кои може да се прошират преку вклучување на Центарот за образование на возрасни, општините и Агенцијата за вработување. Исто така, локалната самоуправа треба да создаде партнерства со бизниси и земјоделски комори.

Вклучувањето на граѓанските организации е посебно релевантно за македонскиот контекст. РСМ има активна сцена на граѓански организации кои треба од државата да бидат прифатени како стратешки партнери во постпеналната поддршка, едукација и застапување. Преку соработка со пробациската служба и локалните центри за социјална работа, улогата на граѓанските организации може значајно да се прошири.

Значајна улога во промовирањето на ресоцијализацијата и реинтеграцијата на поранешните осудени лица имаат Македонското здружение на млади правници, во партнерство со Хелсиншки комитет, Избор-Струмица и Македонското Пенолошко друштво како стручни здруженија кое во континуитет иницираат јавни дебати и застапуваат системски решенија за унапредување на третманот и поддршката на осудените лица. Во рамките на проектот „Воспоставување услуги во заедницата за поддршка на ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осуденици “, МПД организираше низа настани и тркалезни маси со претставници на институциите, експерти и граѓански организации, и изработи повеќе документи од стратешко и истражувачко значење.[204]

Во контекст на засилување на интерсекторската соработка и развој на иновативни практики за ресоцијализација, од особено значење е регионалниот настан организиран од Здружението за развој и промоција на општествената одговорност „Станица 5“ на тема „Условен отпуст, електронски надзор и третманот во функција на успешна ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица“ (јуни 2024). Настанот овозможи регионална размена на искуства и дискусија за практичните предизвици во примената на алтернативни мерки, особено во однос на поврзаноста меѓу условниот отпуст и постпеналниот третман. Преку учество на експерти од повеќе земји од регионот, беше нагласена потребата од мултисекторски пристап, индивидуализирани програми и координација меѓу институциите и граѓанскиот сектор, со цел спречување на рецидивизмот и долгорочна реинтеграција на поранешните осудени лица.[205]

Елементите од ресторативната правда во норвешкиот и холандскиот модел – особено контролирани медијации, вклучување на жртвите, и програми за психолошка подготовка, исто така би можеле да бидат пилотирани во Северна Македонија, почнувајќи со случаи на детско престапништво и ненасилни кривични дела. Ова бара нормативна и институционална подготовка, но е во согласност со Директивата 2012/29/ЕУ и Препораката R(99)19 на Советот на Европа. Секако дека прилагодувањето на овие практики бара интегриран пристап во смисла на постоење јасна стратегија, меѓуинституционална координација и активно вклучување на академската заедница во креирање, следење и евалуација на моделите.

Од ова произлегува дека РСМ има капацитет да се движи кон похуман, поефективен и поинклузивен ресоцијализациски систем, ако ги примени научно докажаните практики во согласност со домашниот контекст и европските вредности.

---

[204] Македонско пенолошко друштво. (2025). *Ресоцијализација и реинтеграција на поранешни осудени лица во Република Северна Македонија*. Проектна страница: https://msp.mk/category/projects/ресоцијализација-и-реинтеграција/

[205] Станица 5. (2024, јуни 18). *Регионален настан: Условен отпуст, електронски надзор и третманот во функција на успешна ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица*. https://stanicapet.org.mk/regionalen-nastan-usloven-otpust-elektronski-nadzor-i-tretmanot-vo-funkcija-na-uspeshna-resocijalizacija-i-reintegracija-na-osudenite-lica/

## IX. Предизвици, трендови и идни насоки

Иако концептот на ресоцијализација во Република Северна Македонија сè повеќе добива нормативно и стратешко признание, неговата практична имплементација останува соочена со низа системски и општествени пречки. Институционалниот и правниот контекст во кој се спроведуваат ресоцијализациските мерки е делумен и често фрагментиран, без доволна координација меѓу клучните актери – Управата за извршување на санкции, пробацијата, центрите за социјална работа, агенциите за вработување, здравствените установи и граѓанскиот сектор. Отсуството на долгорочна законска и програмска рамка за постпенална поддршка, како и недостигот од континуирана меѓуинституционална соработка, придонесуваат ресоцијализацијата често да остане декларативна, без трајно влијание врз намалувањето на рецидивизмот.

Од друга страна, јавната перцепција за поранешните осудени лица претставува значајна бариера за нивната целосна интеграција во општеството. Присутната стигматизација, поттикната од медиумски наративи и општествени стереотипи, дополнително го отежнува пристапот до пазарот на труд, домување и здравствена заштита. Стравот од отфрлање честопати води до немотивираност и повлекување на сторителот, што резултира со продолжен маргинализиран статус и зголемен ризик од повторно сторување на кривично дело.

Во контекст на идните трендови, се наметнува потребата од усвојување на поиновативни и докажани пристапи кон ресоцијализацијата. Тоа подразбира индивидуализирани третмански програми што ги земаат предвид образовните, психолошките и здравствените профили на осудените лица, како и пилотирање на ресторативни модели на правда, вклучително и медијација со жртвите и програми базирани на самоодговорност и трансформација. Особено ветувачки се дигиталните решенија, како мобилни апликации за следење на планови, е-менторство и платформи за едукација, што можат да ги надминат логистичките бариери и да понудат континуитет во поддршката и по отпуштањето од затвор.

Натамошниот развој на политики во ова поле мора да биде поткрепен со докази и научни истражувања. Политиките што поттикнуваат ресоцијализација не смеат да останат изолирани од пошироките стратегии за социјална правда, борба против сиромаштијата и заштита на човековите права. Неопходно е овие политики да го вклучуваат и граѓанското општество, локалните заедници, а особено самите поранешни осудени лица, како активни чинители во нивното прифаќање и интеграција. Само така може да се надмине амбивалентниот однос на општеството кон ресоцијализацијата и да се создаде основа за хумана и ефективна политика на втори шанси.

## X. Клучни индикатори за успешна ресоцијализација

Стапката на рецидивизам не покажува опаѓачки тренд, туку напротив, останува стабилна и висока, што укажува на ограничен ефект од третманот во затвор и недоволна постпенална поддршка.

Истражувањето идентификува неколку јасни индикатори кои влијаат на ризикот од рецидивизам, од кои некои се издвојуваат по своето влијание:

- **Вработеноста** се покажува како најсилен индикатор: дури 84,21% од рецидивистите се невработени. Дополнително, од сите невработени мажи во анализата, 73,11% биле рецидивисти.
- **Типот на кривични дела** исто така игра улога, 40% од повторно осудените лица се вратиле во затвор поради истовидни дела, главно имотен криминал, а 39% сториле други дела.
- **Возраст и пол**: Корисници на социјална заштита по отпуштањето најчесто се мажи на возраст од 26 до 45 години.
- **Вид на постпенална поддршка**: единствено што редовно се обезбедува е еднократна парична помош во висина од 4.500 денари. Останатите форми на помош, домување, здравствена заштита, едукација, социјална интеграција, или се непостоечки или нерегуларни.
- **Психо-социјални бариери и стигма**: Стравот од дискриминација и отфрлање, особено на пазарот на труд, е дополнителен фактор што ја попречува ресоцијализацијата.
- **Ниво на учество во затворски програми (образовни, психолошки, рехабилитациски):** колку поголемо учество, толку помал ризик од рецидивизам.
- **Индикатори за институционална поддршка:** број на случаи со назначен пробационен службеник, број на склучени меѓуинституционални договори.
- **Индикатори за јавна перцепција и дискриминација:** проценки од анкети со работодавачи, случаи на отфрлање поради кривично минато.
- **Индикатори за ефективност на нови политики:** број на корисници на ресторативни програми, учество во пилот-проекти, пристап до дигитални услуги.
- **Времетраење и конзистентност на постпеналната поддршка:** не само дали се добива еднократна помош, туку дали има континуитет најмалку 6-12 месеци.

Временскиот интервал непосредно по излегување од затворот се препознава како најризичен, најчесто во првите 4 до 6 месеци, како и од 1 до 3 години по отпуштањето, што го потенцира значењето на навремена и континуирана постпенална поддршка.

1. *Визуелна проценка на клучните индикатори за успешна ресоцијализација*

| Индикатор | Опис / Наод од студијата | Состојба |
|---|---|---|
| **Нормативна уреденост** | Измени и дополнувања на КЗ и ЗИС, предлог на нов Закон за пробација | 🟩 |
| **Вработеност по отпуштање** | 84,21% од рецидивистите се невработени. 73,11% од сите невработени мажи се рецидивисти. | 🟥 |
| **Тип на кривични дела (рецидив по истовидно дело)** | 40% се вратиле за истовидно дело, главно имотен криминал. | 🟥 |
| **Континуирана постпенална поддршка** | Единствена редовна поддршка е еднократна помош (4.500 ден). Останатото е нерегуларно или непостоечко. | 🟥 |
| **Психо-социјална поддршка и борба со стигма** | Страв од отфрлање на пазарот на труд; стигмата е изразена, а психосоцијалните услуги не се системски. | 🟥 |
| **Учесници во програми за ресоцијализација во затвор** | Нема податок за покриеност; дел од КПУ имаат програми, но не се опфатени сите осудени. | 🟨 |
| **Достапност на едукација и обука** | Постојат можности, но ограничени поради број на програми и интерес. | 🟨 |
| **Пробациска поддршка (после 2025)** | Законот е нов, нема имплементациски податоци. Треба следење во иднина. | 🟨 |
| **Домување и пристап до здравство по отпуштање** | Нема системски пристап до домување; здравствената заштита зависи од статус во ФЗОМ. | 🟥 |
| **Времетраење на рецидив (најризични периоди)** | 4–6 месеци и 1–3 години се најкритични – нема структура која ги покрива во тој период со континуирана поддршка. | 🟥 |
| **Правна и институционална координација** | Подобрена но недоволна; фрагментирана надлежност меѓу институции, слаба размена на податоци. | 🟨 |

🟥 Критична состојба / висок ризик

🟨 Делумна покриеност / ограничена поддршка

🟩 Задоволителна состојба / добри резултати

## XI. Заклучоци и препораки

Ресоцијализацијата и реинтеграцијата на поранешните осудени лица претставуваат предизвици од стратешко и општествено значење, кои бараат координиран пристап од повеќе сектори и нивоа на власт.

Анализата на законските, институционалните и практичните аспекти низ оваа студија покажа дека, и покрај законската поставеност и повремените добри практики, постојат сериозни пречки во обезбедување континуиран третман, постпенална поддршка, превенција од рецидивизам и ефективно вклучување на жртвите.

Клучните слабости се однесуваат на недоволна институционална координација, недостиг на човечки и материјални ресурси, отсуство на индивидуализиран третман и сè уште недоволна отвореност на заедницата кон ресоцијализираните лица. Истовремено, истражувањето укажа и на можности за унапредување на состојбите преку подобрување на нормативната рамка, воспоставување индикатори за евалуација, јакнење на локалните служби и искористување на ресторативните пристапи во третманот.

Во продолжение се презентирани главните заклучоци и насоки за идно дејствување.

### *1. Заклучоци*

- Ресоцијализацијата во казнено-поправниот систем во Северна Македонија е концептуално препознаена, но не е целосно операционализирана, особено во фазата по отпуштањето од установите.
- Постои структурен дисбаланс помеѓу секторот за обезбедување и секторот за ресоцијализација во казнено-поправните установи, што директно влијае врз квалитетот на индивидуалниот третман.
- Податоците покажуваат недоволна примена и нерамномерна распространетост на третманските програми, особено кај долгорочно осудени лица, жени, стари лица и повратници.
- Програмите за предослободителна подготовка и постпенална поддршка се ограничени по обем, несистемски организирани и често зависни од проекти на граѓански организации.
- Соработката помеѓу казнено-поправните установи, центрите за социјална работа, пробацијата и локалната заедница е слаба, без воспоставени координациски механизми.
- Недостигаат функционални механизми за институционално следење, евалуација и мерење на ефектите од ресоцијализацијата.
- Стапката на вработеност по отпуштањето е критично ниска, а стигмата кон поранешни осудени лица останува пречка за ефективна интеграција.
- Образованието и стручната оспособеност во затвор се недоволно користени како алатки за долгорочна ресоцијализација.

- Иако е предвидена со закон, постпеналната помош е ограничена речиси исклучиво на симболична парична поддршка и не обезбедува континуитет по издржаната казна.
- Ресторативната правда има потенцијал да придонесе кон ресоцијализацијата, но недостасуваат обучени кадри, национални насоки и институционална поддршка за нејзина примена.

## 2. *Препораки*

### 2.1. На стратешко ниво

- Да се усвои Национална стратегија за ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица, со јасни цели, индикатори и координациска структура.
- Да се обезбеди задолжителна функционална координација меѓу казнено-поправните установи, пробациската служба, центрите за социјална работа и локалната самоуправа.
- Да се воспостави механизам за институционално следење и евалуација на ефектите од третманските програми и постпеналната помош.
- Да се поттикне развој на модели на ресторативна правда и нивна интеграција во ресоцијализациските практики, со законска и техничка поддршка.

### 2.2. На институционално ниво

- Да се зајакнат секторите за ресоцијализација преку вработување стручен кадар (психолози, социјални работници, педагози) и намалување на соодносот со службеници за обезбедување.
- Да се обезбеди континуирана стручна обука на персоналот за примена на индивидуализиран пристап и за работа со специфични категории осудени лица.
- Да се стандардизираат третманските програми со фокус на животни вештини, ментално здравје и социјална рехабилитација, вклучувајќи ги сите типови на осудени лица.
- Да се воведе обврзувачка предослободителна програма во сите установи како дел од завршната фаза на третманот.
- Да се зголемат ресурсите за образование и стручна обука во затвор, вклучително и преку соработка со МОН, средните стручни училишта и државни институции.

### 2.3. На локално и оперативно ниво

- Да се развијат локални програми за постпенална поддршка што ќе вклучуваат домување, вработување, социјална и психолошка поддршка.

- Да се поттикне мрежа на поддршка за поранешни осудени лица преку локалните совети, граѓански организации и социјални служби.
- Да се промовира вработувањето на поранешни осудени лица преку субвенции, јавни повици и програми за практикантство.
- Да се имплементира дигитална алатка за следење на индивидуалните планови за третман и ресоцијализација, со обезбедување пристап до податоци за сите релевантни институции.
- Да се воспостават пилот програми за ресторативна медијација со соодветна проценка на ризик, вклучување на жртвата и психосоцијална поддршка.